# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО
## за учебната 2022/2023 година

## Средно училиште на Град Скопје
## Гимназија „Јосип Броз Тито” – Скопје



Скопје, август 2023

# Содржина

**ИСТОРИЈАТ НА УЧИЛИШТЕТО ... 4**

**РЕСУРСИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО ... 4**

Простор и корисна површина по ученик ... 4
Опрема ... 4
Наставниот и помошниот кадар на училиштето ... 4
Ресурсите на опкружувањето ... 5

**ПОДГОТОВКА, ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ... 5**

Соработка со учениците ... 7
Соработка со родителите ... 7
Соработка со наставниците ... 7
Вонnаставни активности ... 8

**ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД ... 8**

**РАБОТАТА НА СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО ... 8**

Работата на раководителот на паралелката ... 8
Работата на наставнички совет ... 9
Работа на Советот на годината ... 10
Работа на Советот на паралелката ... 10
Работата на стручни активи ... 10
Работата на училишниот одбор ... 10
Работата на Одборот и Советот на родители ... 11

**СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА ... 11**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ ... 11**

СОДРЖИНА И АКТИВНОСТИ ПО ПОДРАЧЈА ... 11
ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ СО СОРАБОТНИЦИ РАСПРЕДЕЛЕНА ПО МЕСЕЦИ И СОДРЖИНИ ... 16

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ... 20**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ... 27**

Формулар за извршени советувања на родители/старатели и ученици ... 34

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА И АКТИВОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА ... 38**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ... 54**

Англиски јазик ... 54
Германски јазик ... 57
Италијански јазик ... 57
Латински јазик ... 58
Француски јазик ... 59

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ ... 61**

Хемија ... 61
Биологија ... 62
Географија ... 64

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА АКТИВОТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ФИЛОЗОФИЈА, СОЦИОЛОГИЈА, ИСТОРИЈА, БИЗНИС И ПРЕТПРИЕМНИШТВО, ЕТИКА, ПЕДАГОГИЈА, ПСИХОЛОГИЈА, ЛОГИКА, ВОВЕД ВО ПРАВО И МЕНАЏМЕНТ ..... 67**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВИТЕ ПО МАТЕМАТИКА, ФИЗИКА И ИНФОРМАТИКА ..... 75**

Извештај од работата на стручниот актив по предметот по математика ..... 75
Извештај од работата на стручниот актив по предметот по физика ..... 76
Извештај од работата на стручниот актив по предметот информатика ..... 77

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АКТИВОТ ПО СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ, ЛИКОВНА И МУЗИЧКА АКТИВНОСТ ..... 79**

Спорт и спортски активности ..... 79
Музичка уметност ..... 82
Ликовна уметност ..... 83

**ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ЕРАЗМУС+ ТИМ ..... 86**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ МИО (МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО) И ЈАЗИКОТ НА МОЈОТ ДРУГАР НА ГРАД СКОПЈЕ ..... 99**

**АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКО ПРОЕКТОТ ЕКО УЧИЛИШТЕ ..... 100**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДНОЛЕНД ..... 103**

**RYCO ПРОЕКТ ..... 105**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИПЛОМА ПРОГРАМАТА НА МЕЃУНАРОДНА МАТУРА ..... 108**

Годишен извештај за **КАС** ..... 111
Иновативен пристап во наставата и Соработка со Американски Совети и YES Abroad програмата за размена на ученици од САД ..... 114
Извештај за работата по предметот Македонски јазик А ..... 116
Извештај за предметот Англиски јазик Б ..... 117
Извештај за работата по предметот математика (analysis and approaches HL) ..... 119
Извештај за работата по предметот хемија ..... 120
Годишен извештај за предметот географија ..... 121
Годишен извештај за предметот визуелни уметности ..... 121

# ИСТОРИЈАТ НА УЧИЛИШТЕТО

Гимназиското основање започнува уште во 1944 год. веднаш по решението на Президиумот на АСНОМ и назначувањето на писателот и академик Васил Иљоски за прв директор на гимназијата на 01.12.1944 год. а веднаш по тоа на 01.02.1945 год. започнала со работа Првата скопска гимназија со вкупно 790 ученици во 23 паралелки. Наскоро на Третата седница на Наставничкиот совет на Првата скопска гимназија се донело решение гимназијата да се реименува и да и се додели името на претседателот на тогашната ФНРЈ „Јосип Броз-Тито”, чие што име го носи и до ден денес.

Својата вредност како образовна институција, гимназијата успева да ја докаже уште во првите три децении од нејзиното основање, а како доказ за тоа служат бројните признанија и награди кои ги има добиено како колектив, признанија за истакнати членови од составот на професори и големиот број награди што учениците ги имаат освоено учествувајки на разни натпревари.

Од добиените признанија и награди со кои се одликува гимназијата би можеле да се наведат следниве:

- 1964 година, - Спомен-плакета на град Скопје;
- 1969 година, - Ноемвриска награда;
- на крајот од учебната 1971-1972 година, - прво место на ранг-листата за средните училишта;
- 1975 година, претседателот на тогашната држава, Јосип Броз - Тито, ја одликува Гимназијата со Орден на трудот со златна ѕвезда.

# РЕСУРСИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО

## ПРОСТОР И КОРИСНА ПОВРШИНА ПО УЧЕНИК

Училишната зграда со која располага гимназијата е со површина од 7246м² корисна површина или приближно 5м² по ученик. За организација на современ воспитно-образовен процес, слободни ученички активности и други дејности се користат 28 училници, ателје, 9 наставнички кабинети, библиотека, бифе, аула за свечености, фискултурна сала и гардероби.

Освен училишната зграда, гимназијата располага и со училишен двор од вкупно 5600м² од кои 2850м² се озеленета површина, а преостанатите 2750м² се спортски терени за фудбал, кошарка и ракомет.

## ОПРЕМА

За поквалитетна и попродуктивна настава, Гимназијата располага со повеќе наставни помагала и дидактички материјали. За организирање на покреативна настава, од техничката опрема, училиштето е опремено со лаптоп за секој наставник, 2 училници комплетно опремени со вкупно 54 компјутери и 2 смарт табли, компјутери во секој наставнички кабинет – 20, по еден печатач со фотокопир, принтер и скенер во секој наставнички кабинет, 9 компјутери во наставничката канцеларија, 30 пен таблети, 5 печатачи со скенер и фотокопири, 12 смарт табли, проектори, проекциони платна, 2 мултимедијално опремени училници од кинеска донација, сите кабинети се опремени со сите потребни нагледни средства и помагала.

## НАСТАВНИОТ И ПОМОШНИОТ КАДАР НА УЧИЛИШТЕТО

За остварување на работните задачи и воспитно-образовните цели на училиштето ангажирани се вкупно 111 вработени и тоа:

Раководен орган во учиштето е директорот,

Двајца раководители на смена,

Стручни соработници: педагог, психолог и библиотекар.

Наставата ја реализираат 91 наставник со соодветно високо образование.

Административно техничките работи ги водат: секретар, домаќин, училишен хаус – мајстор, 2 ноќни чувари и 11 хигиеничари.

Во гимназијата има вработени речиси од сите националности во Република Северна Македонија.

## РЕСУРСИТЕ НА ОПКРУЖУВАЊЕТО

Гимназијата се наоѓа во централното градско подрачје. Во нашата општина има повеќе библиотеки, Францускиот културен центар, Германскиот културен центар. Во непосредното опкружување на гимназијата се наоѓаат и најснабдените книжарници во градот на најголемите издавачи во државата. Во близина на училиштето се наоѓаат Музејот на град Скопје, Музеј на Македонија, Музеј на современа уметност, како и повеќе културно-историски споменици.

# ПОДГОТОВКА, ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

СУГС Гимназија „Јосип Броз – Тито“ години наназад се наоѓа во општина Центар, но во првите три децении од своето постоење гимназијата неколку пати ја менувала својата местоположба, а на денешната се наоѓа од 1972 год. до денес. СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито” со својата работа започна во 1945 година како Прва скопска гиманзија со вкупно 790 ученици распределени во 23 паралелки. Вкупниот број на ученици во сите четири години во учебната 2022/2023 година изнесуваше 1540 и тоа:

| Наставен јазик | **I година** | | **II година** | | **III година** | | **IV година** | | **Вкупно I-IV** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Ученици** | **Паралелки** | **Ученици** | **Паралелки** | **Ученици** | **Паралелки** | **Ученици** | **Паралелки** | **Ученици** | **Паралелки** |
| **Македонски јазик** | 332 | 10 | 336 | 10 | 328 | 10 | 313 | 11 | **1309** | **41** |
| **Турски јазик** | 44 | 2 | 49 | 2 | 47 | 2 | 52 | 2 | **192** | **8** |
| **ММ англиски јазик** | / | / | / | / | 20 | 1 | 19 | 1 | **39** | **2** |
| **ВКУПНО** | **376** | **12** | **385** | **12** | **395** | **13** | **384** | **14** | **1540** | **51** |

Организацијата на наставниот процес се реализираше според утврдените норми и цели во Годишната програма за работа за училиштето и календарот за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година донесен од Министерството за образование и наука.

За успешно започнување на учебната 2022/2023 година беа извршени сите претходни подготовки. Беа формирани паралелки во I-(прва) година, како и

паралелки во III-(трета) година по изборни подрачја и пакети, навремено беше подготвен распоредот на часовите, определени раководители на паралелки и паралелки во кои ќе предаваат професорите. Учебната 2022/2023 година учебната година да започа на 1.09.2022 година.

На ден 12.01.2023 година беше донесена одлука од Министерството за образование и наука за измени на календарот за организација на учебната 2022/2023 година. По новата одлука зимскиот одмор започнува на 31 декември 2022 година и завршува на 22 јануари 2023 година. Со оваа одлука се утврди бројот на наставните денови во учебната 2022/2023 година во јавните средни училиша. Бројот на наставните денови во учебната 2022/2023 година во јавните средни училишта во завршната година на образование се утврди на најмалку 163 наставни денови, а за останатите години на образование се утврди на најмалку 177 наставни денови.

Во текот на наставната година имаше лажни дојави за бомби, поради евакуацијата на учениците во тој период се изгубија дел од часовите во смената кога на настава беа учениците од трета и четврта година. Директорот на гимназијата даде Задолжение на наставниците до крајот на првото полугодие и до крајот на наставната година да се реализираат сите наставни часови во договор со учениците согласно наставниот план и програма и истото беше реализирано.

Наставата ја следеа вкупно 1506 ученици распоредени во 51 паралелка од кои 41 на македонски наставен јазик (4 паралеки со 6 часа германски јазик) 8 паралелки на турски наставен јазик и 2 паралеки од меѓународна матура (на Англиски наставен јазик).

За успешно реализирање на наставата, наставниците навремено ги подготвија годишните глобални планови по сите наставни наставни предемти. Во текот на годината сите наставници редовно ги подготвуваа тематските планови и тоа доста солидно, методски и дидактички стручно.

Секој наставник беше задолжен да одржува додатна, дополнителна и подготвителна настава за учениците кои се упатени на поправен испит, според однапред утврдени термини што беше и реализирано.

Во текот на учебната 2022/2023 година преку реализирање на Годишната програма, во училиштето се реализираа повеќе цели, од кои што би можела да се издвои целта за подобрување на квалитетот во наставата која е и трајна цел и определба на училштето.

Во училиштето во текот на годината постигнат е среден успех од 4,19. Редовното посетување на наставата е еден од клучните фактори за остварување на подобри резултати кај учениците. Во текот на годината направени се вкупно 85.825 изостаноци, од кои оправдани 80.262 и неоправдани 5.563 изостанувања.

Споредбено во последните 4 години успехот и бројот на изостаноците е следен:

| Учебна година | Вкупен број на изостаноци | Оправдани изостаноци | Неоправдани изостаноци | Среден успех |
|---|---|---|---|---|
| **2019-2020** | 88783 | 83163 | 5620 | 4,28 |
| **2020-2021** | 27968 | 24794 | 3174 | 4,43 |
| **2021-2022** | 80065 | 74557 | 5508 | 4,24 |
| **2022-2023** | 85825 | 80262 | 5563 | 4,19 |

Што се однесува до причините за изостанувањето на учениците, за нив се разговараше во континуитет на класните часови и на одржаните состаноци со класните раководители, предметните наставници, со родителите на родителските средби и на состаноците на Одборот на родители. Со цел да се намалат изостанувањата на учениците се спроведуваше поголема ангажираност на директорот, наставниците и стручната служба на училиштето, но исто така неопходна беше и поголема вклученост на родителите заради навремено информирање на класните раководители за причините за изостанувањата на учениците.

## СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на целата година се водеа индивидуални разговори со учениците со цел да се подобри нивниот успех, поведение и дисциплина, како и да се создаде што е можно подобра работна атмосфера за време на часот. Разговорите со учениците беа водени по иницијатива на: ученик, родител, класен раководител или пак предметен наставник, при што за истите е подготвувано записник или е барано од ученикот да даде изјава за неговото видување на проблемот. Наше видување и убедување е дека по извршените разговори во голем дел од проблемите се решени и надминати со што не е дадено можност да настанат некои несакани ситуации. Во разговорите со учениците кои послабо напредуваат во наставата дадени се инструкции за полесно и поефикасно учење и подобрување на успехот.

## СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Секој предметен наставник има одредени термини за прием на родители. Наставниците и стручната служба се достапни за родителите и учениците.

Во разговорите, со свои видувања и совети, се вклучени и класните раководители, предметни професори како и директорот, педагогот и психологот во училиштето со цел навремено информирање на родителот.

## СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИТЕ

Оваа учебна година се разменуваа искуства за различните начини на работа, користење на најразновидни алатки, техники, методи и форми во наставата, користење на ИТ опремата. Се даваше поддршка на новите и неискусни наставници, со цел за нивно подобро снаоѓање во училишната средина и успешно реализирање на наставната материја. Давани се насоки како да се организира и води часот, изготвување на годишен и тематски наставен план, создавање работна дисциплина и атмосфера во класот, правилното оценување на знаењето на учениците, изработка на дневна подготовка и др. За таа цел е користена и педагошка литература која им е посочувана на

наставниците за полесно да се организира педагошката работа и комуникацијата со учениците. Соработката беше и во насока на изготвување на професионалното досие, годишните и тематските планирања, дневните подготовки, насоки за водење на педагошката евиденција и документација, е-дневник, термини и организирање на додатната и дополнителната настава, посета на часови и разговор, насоки по одржаниот час, распоред, термини и организирање и насоки за родителските средби и други средби со родители, соработката во разговорите со ученици, контакт и организација на соработките со локалната заедница, соработка во организирањето на здравствената заштита на учениците.

## ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Во согласност годишната програма за работа, учениците, наставниците и другите учесници во воспитно образовниот процес, учествуваа и реализираа многу воннаставни активности.

# ГРИЖА ЗА УЧЕНИЦИТЕ И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

Нашето училиште има за цел да ги оспособи учениците и вработените во училиштето да преземат акции за поздрав живот, за подобро училиште и животна средина. Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците се остварувше во рамките на наставните програми, класниот час, слободни ученички активности и слично.

Дел од програмата беше реализирана во соработка со Поликлиниката Бит Пазар, Епидемиологија, Црвениот крст на РМ, Центарот за јавно здравје.

Со годишната програма за работа беше одредено раководителите на паралелките на класните часови да разговараат на теми: Моралниот лик на ученикот, формирање позитивен однос кон соучениците и учелишниот имот, разговор со учениците за почетните проблеми на адаптација и вклопување во новата средина (за I година и новопримените ученици), демократија, сожителство, толеранција и солидарност, насилството на телевизијата- апел до медиумите, како се однесуваат дома, на училиште и на улица.

# РАБОТАТА НА СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО

## РАБОТАТА НА РАКОВОДИТЕЛОТ НА ПАРАЛЕЛКАТА

Класниот раководител е педагошки, организационен и административен раководител на паралелката. Класните раководители се грижеа и ангажираа за успехот и поведението на учениците, беа во постојана комуникација со предметните професори, учениците и родителите, воспитно делуваа врз нив, соработуваа со директорот, педагогот и психологот, водеа педагошка документација, се грижеа за состојбата со компјутерите, навремено набавување и раздолжување со учебници и книги од училишната библиотека, одржуваа класни часови на кои се разгледуваа проблемите на учениците, изрекуваа усни пофалби, применува воспитно-педагошки мерки кон учениците за кои се

овластени, присуствуваа на испитите на учениците, водеа евиденција во е-дневникот и учествуваа во различни комисии кои произлегуваа од работата на училиштето.

## РАБОТАТА НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ

Како највисок стручен орган во училиштето Наставничкиот совет го сочинуваат сите наставници стручни соработници и директорот кој раководи со него. Наставничкиот совет на училиштето во текот на учебната 2022/2023 година се состануваше најмалку еднаш во текот на месецот. На состаноците се дискутираше и решаваше за сите прашања кои се поврзани со учениците и наставниците и тоа:

- Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на училиштето во 2022/2023 година,
- Насоки за работењето на училиштето во учебната 2022/2023 година,
- Реализација на наставните планови и програми, додатната и дополнителната настава, проектните задачи, слободните активности и други тековни работи,
- Информации околу работата со е-дневникот,
- Информации околу изработката и предавањето на професионалното досие,
- Усогласување на часовите за додатна, дополнителна и подготвителна настава,
- Информација и анализа на спроведените анкети меѓу вработените и учениците,
- Информации за успехот, редовноста и поведението на учениците, начинот на изрекување педагошки мерки и нивна анализа,
- Предлог за запишување на ученици во прва година во новата учебна 2023/2024 година,
- Одредување на раководители на паралелки во учебната 2022/2023 година,
- Формирање-одлука за комисија за државна матура,
- Назначување на претседатели на стручните актив и записничари,
- Назначување на одговорни наставници за проверка на внесот во е-дневник,
- Назначување на записничари на советите на паралелка,
- Назначување на одговорни наставници за водење на веб страната на Гимназијата.
- Информација за спроведените испити,
- Информација за државната матурата,
- Формирање комисии за тековни активности,
- Извештај од спроведени испити и тестирања,
- Разгледување на молби од ученици,
- Одбележување на значајни датуми,
- Донесување разни одлуки,
- Тековни информации и активности.

На Наставничкиот совет се решаваа проблеми во врска со реализацијата на активностите од Годишната програма. Наставничкиот колегиум ги разгледуваше причините за создавање на одредени проблеми и донесувае мерки за нивно надминување, а пред се за подобрување на редовноста и

успехот на учениците преку одржување на дополнителна настава по соодветните наставни предмети, подобрување на комуникацијата наставник-ученик, примена на нови наставни методи, форми и техники, координација на активностите, комуникација меѓу активите за усогласување на содржините и критериумите на оценување.

## РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ГОДИНАТА

Совет на годината го сочинуваат сите наставници што предаваат во годината, стручните соработници и директорот.

Совет на годината ја организираше и реализираше наставно-воспитната работа и се грижеше за нејзината реализација, соработуваше со Советот на родителите околу решавањето на прашања за успехот и поведението на учениците и решаваше по барања на учениците и родителите, решаваше по прашања предложени од Советот на паралелките, наградуваше и пофалуваше ученици и предлагаше педагошки мерки за учениците до Наставничкиот совет на училиштето.

## РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ПАРАЛЕЛКАТА

Советот на паралелката го сочинуваат наставниците што предаваат во паралелката и класниот раководител. Советот на паралелката ја организираше и спроведуваше воспитно-образовната работа во паралелката и се грижеше за нејзина успешна реализација. На своите седници ги разгледуваше и утврдуваше полугодишните и годишните оценки и поведение на учениците, а согласно Статутот и Законот пофалуваше ученици и изрекуваше педагошки мерки. Освен тоа, непосредно соработуваше со раководителот на паралелката. Своите одлуки за награди, пофалби и педагошки мерки на ученици, ги предлагаше на Наставничкиот совет на училиштето. Посебна грижа се водеше за распоредот на писмените работи во текот на годината.

## РАБОТАТА НА СТРУЧНИ АКТИВИ

Стручните активи на наставниците по соодветен наставен предмет го утврдија годишниот план за работа, тематските планирања и ги усогласуваа дневните подготовки за наставата. Наставниците од секој стручен актив водеа особена грижа за размена на мислења, предлози и искуства поврзани со работата по соодветниот предмет и планот за изработка на писмените работи во текот на годината. Во рамките на работата активите ги разгледуваа наставните програми, предлагаа учебници и друга помошна литература и средства, се грижеа за изедначување на критериумите за оценување на учениците предлагаа воведување на иновации во наставата и меѓусебна посета на часови.

## РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Училишниот одбор одржа неколку седници на кои беа разгледувани прашања и донесени одлуки од доменот на неговото работење.

Училишниот одбор расправаше и ги усвои:

- Годишната програма за работа во 2022/2023 година;
- Извештајот за работа во 2021/2022 година;

- Тековни прашања.

Заклучоците кои се донесуваа на состаноците, јавно се истакнуваа на огласна табла, со цел да се покаже јавност и транспарентност во работата на овој орган на управување на училиштето.

## РАБОТАТА НА ОДБОРОТ И СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

Одборот на родители и Советот на родители во учебната 2022/2023 година учествуваше во разгледување на Годишниот извештај за работата на училиштето за завршената наставна година, разгледување на предлог Годишната програма за работа на училиштето за тековната година, мислења, предлози, разгледување на успехот на учениците, констатации, анализа на успехот и поведението на учениците во првото полугодие, разгледување на проблеми при реализација на наставата во полугодие, тековни проблеми, планирање на мерки за подобрување на наставата во второто полугодие, активности и следење на успехот и поведението на учениците, професионална ориентација на учениците.

Работата на родителите има значајно место во воспитно-образовниот процес како партнери на училиштето во унапредувањето и подобрувањето на училишниот стандард и нивно учество во организацијата на училишниот живот.

# СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Секое училиште и воспитно-образовна институција треба да е поврзано со своето опкружување и да работи на унапредувањата на взаемните односи. За правилно воспоставување на односите меѓу училиштето и опкружувањето, училиштето треба да го проучи своето опкружување и неговите проблеми.

Нашата Гимназија има долга традиција на соработка со разни институции за реализирање на литературни, ликовни, спортски, драмски, еко, технички активности, меѓу кои би ги истакнале: Град Скопје, Универзитетска библиотека, Музеј на Македонија, Музеј на Град Скопје, МТВ, приватни ТВ куќи, Македонско радио, Драмски театар, Министерство за животна средина, базени, спортски терени, ЈСП Скопје, Црвен крст на Македонија, Невладини организации, Домот на културата Кочо Рацин, Центарот за јавно здравје, Француски културен центар, голем број на Основни училишта, Универзитети и Факултети од Македонија и странство и др.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ

## СОДРЖИНА И АКТИВНОСТИ ПО ПОДРАЧЈА

### Аналитичко-истражувачка работа:

- Анализа на успехот и поведението
- Анализа на годишни и тематски планирања
- Анализа на дневни подготовки на наставниците
- Анализа на извештајот за работата на училиштето во тековната учебна година

- Следење на состојбите со учениците според:успех, поведение, семејна и економска состојба, адаптација на учениците,
- Следење и проучување на резултатите од примената на образовната технологија;
- Проучување и анализа на воспитно-образовниот процес во паралелките и воспитната компонента во паралелките;
- Обезбедување соодветни материјали за стручно усовршувње на наставниците;
- Анализа на позитивните страни и однесувања на наставниците од анкетите со учениците, учениците ги оценуваа наставниците редовност, настава, комуникација;
- Поддршка за партиципација на учениците во решавањето на проблеми, донесувањето одлуки;
- Укажување помош при конституирање на ученичките организации;
- Подршка и мотивација во во планирањето и организирањето на активностите во училиштето;
- Непосредно учество во работата на нивните состаноци;
- Поттикнување на културно-забавниот живот во училиштето;
- Мотивирање за активно учество во следење на естетско уредување на просторот во училиштето дворот;
- Поттикнување на соработка со локалната средина;
- Поттикнување на соработка со културните институции и организации од локалната средина (кино, театар, библиотека, музеи и сл. );
- Органзирање на училишни натпревари, дебати, дискусии.

### Концепциско програмско подрачје

- Утврдување методологија за изработка на годишна програма,
- Анализа и селекција на задачи по приоритет за реализација,
- Распределба и задолженија на наставниот кадар и стручната служба,
- Водење на контрола за начинот на евиденција,
- Селекција на задачи по приоритет,
- Организација на активностите за остварување на дејноста,
- Нацрт-скица за истражувачки активности,
- Проект за развој на училиштето,
- Изработка на сопствен годишен план и програма за работа,
- Анализа на претходната учебна година, мерки за унапредување на организацијата и работата на училиштето;
- Увид во техничката и друга подготвеност на училиштето за работа;
- Планирање за прераспределба на училници и кабинети;
- Планирање и организирање поправки на училишен инвентар, бојадисување;
- Планирање на нови наставни средства и помагала за новата учебна година;
- Оперативна организација на активностите за почетокот на учебната година;
- Обезбедување услови за работа;
- Стручна и кадровска екипираност;

- Координација на хигиено-техничкиот персонал;
- Формирање паралелки, воспитно-образовни групи, распределба на часови, паралелки, наставници, дежурства, одредување на класни раководители;
- Креирање тимови, стручни активи, одговорни наставници, задолженија;
- Активности за подобрена информираност на сите вработени, обезбедување точни, јасни и прецизни задолженија;
- Информативни табли за наставници, родители, ученици низ училиштето;
- Подготовки за прием на учениците од прва година во септември;
- Креирање на анкетни прашалници за учениците, наставниците и родителите;
- Креирање анкетни прашалници за наставниците (степенот, видот и потребата од обуки,)
- Анализа на одговорите, потребите и преземање на активности;
- Изработка на оперативна програма за интерни обуки на наставниците,
- Маркетинг на училиштето, веб страната на училиштето,
- Работа со комисии координирање на тимови и активи итн.;
- Увид во дневната организација на работата;
- Педагошка документација, електронска документација;
- Соработка со надлежни институции;
- Увид во дневната организација на работата, координација;
- Упатства, подршка во подготовките за одбележување на позначајни датуми;
- Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините, знаењата потребни во образованието од 21 век;
- Обука за професионалниот и моралниот лик на наставникот согласно потребите и барањата на учениците;
- Обука за тимската работа во училиштето;
- Демонстрација и презентација за примена на современи методи и техники во наставата;
- Учество во истражување на актуелно-образовни прашања;
- Изработка на документација и иструменти за следење на реализацијата на програмата;
- Следење континуирано на новитетите во образованието во 21 век;
- Изработка на Полугодишни и Годишен извештај;
- Учество во базари, новогодишни и божиќни активности;
- Сумирање на податоците од првото полугодие;
- Подготовки за почеток на второто полугодие;
- Поправки на училиштето, за време на зимскиот распуст;
- Подготовки и разработка на оперативни планови за следење на работата во училиштето;
- Анализа на пропусти и потешкотии во класовите;
- Активности и помош при организирање на ученички натпревари;
- Акцент на тимската работа при создавање на електронска база на податоци;

- Анализа и сумирање на податоци од третто тромесечие и план за подобрување на квалитетот на наставата за успешно завршување на учебната година;
- Оперативен план за работа на тимовите, состаноции информирање на наставниците;
- Предлог мерки за подобрување на општиот успех и постигањата на учениците;
- Увид во педагошката евиденција и документација, дневни подготовки, е-дневник;

### Педагошко-советодавна работа и соработка со родители

- Посета на наставни часови со цел увид во организацијата на наставата (посетени се часовите на сите предметни професори во секое полугодие);
- Увид во планирањата на наставата и споредба со реализацијата;
- Консултативно-индивидуална работа со професорите (нагледни средства, методи, употреба на наставни форми и др.);
- Стручно усовршување на наставниот кадар (почетници, професори);
- Советодавна работа со родители (воспитување, подобрување на поведението и успехот);
- Запознавање на наставниот кадар со програмите, прирачниците, упатствата и сл.;
- Учество во координација на наставните програми и организирање на воннаставни активности;
- Организација на проектни активности; контакти за меѓународни соработки, размена, подготовки и изготвување систем за програма за талентирани и надарени деца;
- Подготовки за изготвување оперативен план за интерните обуки(тема, обучувач, време);
- Анализа, заклучоци и предлог мерки за подобра и побрза организација на стручната служба, комисиите, тимовите итн. во однос на реализација на планираните активности и тековни задачи,
- Рационализација на работата;
- Апликација за проекти;
- Организирање информативни средби со наставниците, стручните активи, претставниците на ученичките заедници;
- Активно следење на тимската работа, делегирањето задолженија, почитување рокови и реализација на воспитно – образовниот процес и воннаставните активности;
- Непосредно вклучување на родителите во процесот на реализацијата на плановите и програмите во училиштето;
- Училиштето согласно законските прописи, покрај редовните средби организира и советување за родителите;

### Организација и реализација на воспитно-образовната работа

- Распределба по предмети и наставни часови;
- Набавка на одобрени учебници;
- Тековни активности;

- Распределба на носители на стручни активи;
- Усогласување на акти и правилници со законска регулатива;
- Организациона-техничка подготовка за учебната година.

## Административно-материјално техничка работа

- Финансиски планови за работа на училиштето;
- Усогласување на акти и правилници;
- Набавки на нагледни и други средства за работа;
- Статистички прегледи и други извештаи;
- Редовна консултативна соработка со секретарот педагогот и раковосителите на смена;
- Обезбедување средства за уредување на ентериерот во училиштето и други потреби;
- Активности за надополнување на ИКТ опремата;
- Активности за замена на мебелот во училиштето;
- Активности за одржување на училишната зграда;
- Следење на конкурси, тендери, понуди за потребите на училиштето;
- Соработка со родители, наставници и ученици за добивање потребни информации за промени во училиштето;
- Увид и контрола врз буџетот на училиштето;
- Рационално и економично распределување на буџетските средства на училиштето;
- Извештаи за материјално-техничкото работење

## Соработка со организации и институции

- Град Скопје, МОН, БРО, Локална самоуправа,
- Библиотеки, кина, туристички агенции,
- Здравствени установи,
- Факултети и средни училишта,
- Агенција за спорт и млади,
- Осигурителни куќи,
- Министерство за заштита на животната средина и др.

## Работа со стручни органи и тела во училиштето и усовршување на наставниот кадар

- Планирање и водење на работата на стручните органи;
- Наставнички совет; Совет на паралелка;
- Учество во работата на стручните активи;
- Планирање и реализација на работата на стручната служба;
- Подготовка и учество на родителски средби и совет на родители;
- Идентификување на степенот, видот на обуките и професионалниот развој;
- Анкетни прашалници за наставниците (во процес);
- Анализа на потребите на наставниците, планирање;
- Интерна едукација на наставниот од планирање до реализација, анализи на дневните подготовки и чекори до реализација;
- Екстерна едукација, посета на обуки за деца со посебна потреба, обука за зајакнување на капацитетите на семејствата;
- Набавка на стручна литература;

- Мотивациони презентации за кадарот со цел поттикнување кон самоусовршување;
- Советодавни и консултативни средби со стручните активи;
- Следење на наставникот во имплементацијата на новини во наставата;
- Определување солиден ментор на наставникот почетник и запознавање со неговите обврски;
- Запознавање со прописите за водење на педагошка евиденција и документација;
- Едукација за примена на наставната технологија и законските прописи;
- Пријавување на наставникот за полагање на стручен испит;
- Следење на законските акти, правилници за дејноста, координации, состаноци;
- Редовна координација со педагогот на училиштето во надминувањето на предизвиците во училницата, решавање конфликти и посредување;
- Редовно присуство на сите седници на стручните активи во училиштето и советот на родителите;
- Поттикнување на стручни расправи по сите прашања кои се на дневен ред состаноците
- Подготвување и водење на седниците на Наставничкиот совет и реализација на донесените одлуки заклучоци;
- Поднесување извештаи на Наставничкиот совет за преземените мерки во врска со унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето;

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ СО СОРАБОТНИЦИ РАСПРЕДЕЛЕНА ПО МЕСЕЦИ И СОДРЖИНИ

## АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ

- Наставнички совет-завршни активности со планот за работа
- Активности за државна матура, поправен и завршен испит
- Паралелки во I година
- Општ увид на сите простории во училиштето - утврдување на состојбите за почетокот на новата учебна година
- Набавување на потребни нагледни средства по одделни предмети и набавка на материјали за изведување на настава
- Изготвување план за подобра заштита и контрола на компјутерската опрема во училниците
- Формирање на паралелки, распоредување на наставен кадар и определување на класни раководства
- Учество во изготвување предлог-распоред на часови и понатамошна консултација по истиот
- Прием на нов наставен кадар
- Прифаќање и воведување во работа на новиот наставен и друг кадар - приправници
- Подготвување и одржување на Наставнички совет
- Обезбедување материјали и опрема за учениците и наставниот кадар

- Изготвување на анализи, осврти, податоци, извештаи и друго по барање на Министерството за образование и наука и Секторот за образование во Град Скопје
- Разгледување на Годишната програма за работа на училиштето
- Организирање на родителски средби и изготвување на план за содржината на текот на родителската средба,
- Организирано прифаќање на учениците од прва година
- Координирање на работата на стручните соработници
- Осврт на одржаните семинари и подготовки за имплементација на иновациите
- Соработка и консултација со Министерството за образование и наука и локалната заедница
- Учество на состанок на ниво на директори
- Формирање на стручни активи - задолженија за изготвување на програма за работа
- Посета на часови
- Други активности од педагошко-инструктивна работа кои произлегуваат во текот на месецот
- Соработка со невладини организации
- Потпишување на договори и меморандуми за соработка

## ОКТОМВРИ

- Увид во плановите за работа на наставниците
- Стручна и дидактичка помош на наставници – приправници
- Конкретизација на задолженија на сите структури во училиштето (по одговорни лица), утврдување на начин за спроведување на истите, утврдување на состојбите и анализа на одредени проблеми
- Контрола на водење на педагошка евиденција и документација
- Доставување до директор: распоред на приемни денови за родители, распоред за организирање на дополнителна настава по предмети
- Набавка на потребната опрема и технички средства и материјал
- Увид - посета на часови
- Советодавна работа
- Доопремување на кабинети со потребни помагала
- Дополнување на библиотечниот фонд на книги
- Стручна помош во конституирање и организација на ученички заедници и училишната организација
- Непосредни разговори со ученици и родители
- Индивидуална работа и сопствено стручно усовршување преку советување, семинари и други форми организирани од страна на стручни институции
- Контролирање и координирање на административно-техничката служба во училиштето
- Состанок со Советот на родители

## НОЕМВРИ

- Увид и осврт на тимската работа во училиштето

- Следење и увид во оценувањето во однос на континуираност, објективност, јавност од страна на наставниците
- Увид во реализација на дополнителната, додатната настава преку доставен писмен извештај
- Увид во методологија на работата
- Увид - посета на наставни часови
- Разговори - осврт по посета на наставниот час
- Иницијатива за соработка со невладини организации
- Следење на имплементацијата на стекнатите комуникациски вештини
- Планирање, организирање и реализирање на Советите на година и Наставничките совети
- Подготовка за Наставнички совет по одржаните Наставнички совети на годините со анализа на постигнатите резултати
- Активност во врска со родителски средби
- Учество во стручниот тим за Безбеден град
- Индивидуални разговори со наставници кои имаат евидентно слаб успех по одредени предмети
- Увид во работата на техничкиот персонал
- Следење на состојбите во време со активности на училишната заедница во севкупниот живот во училиштето
- Тековни активности
- Други активности во педагошко - инструктивната работа
- Интерно усовршување на наставниот и останатиот кадар во училиштето
- Индивидуална соработка со ученици и родители

ДЕКЕМВРИ

- Работен состанок со Училишната заедница за согледување на иницијативи, проблеми и сл.
- Работен состанок со одделни структури во училиштето со цел согледување, анализа и корекција во работењето заради доследност во реализација на мисијата и достигнување на визијата на училиштето
- Состанок со Советот на родители на училиштето
- Увид во педагошката документација
- Контрола и евалуација на дисиминација на активни техники и е-технологијата во наставата
- Посета на отворени и МИО часови
- Осврт на одржаните отворени часови со сите субјекти кои учествувале во него
- Состаноци со ученички заедници по годишта
- Следење на работата на стручните активи
- Водење на седници на Наставнички совет во училиштето
- Формирање на комисии за попис
- Увид во финансиското работење на училиштето

ЈАНУАРИ

- Организирање на Наставнички совети на годините и нивно координирање

- Подготвување на Наставнички совет, утврдување на полугодишен успех и поведение на ученици
- Родителски средби на ниво на училиште (анализа на постигнатиот успех во I полугодие)
- Изготвување на полугодишен извештај по предмети, активи
- Анализа на реализацијата на наставата и други тековни активности

ФЕВРУАРИ

- Подготовка за Наставнички совет со анализа на првото полугодие
- Советодавна работа со родители на ученици покажале слаб успех
- Разговор со ученици кои покажале слаб успех и поведение
- Увид во реализација на планираните содржини во наставните предмети
- Увид, констатирани и планирање на средства од финансиско-материјално работење
- Примена на дигитални техники во наставата
- Спроведување на анкета меѓу учениците за успехот по поедини предмети
- Состанок со стручните активи
- Лично стручно усовршување
- Доставување на податоци за ученици и реализација на наставата до ДПИ
- Увид во работата со е-дневникот
- Увид во состојбата на компјутерите и инвентарот

МАРТ

- Увид - посета на наставни часови
- Состанок со стручните активи
- Почетни подготовки за одбележување на Патрониот празник на училиштето
- Активности во врска со ЕРАЗМУС програмата
- Подготовка за Наставнички совет
- Активности за државна матура и завршен испит
- Активности поврзани работата на паралелките од Меѓународна матура
- Наставнички совет
- Активности од административно-организациски карактер

АПРИЛ

- Координирање на наставата
- Организирање на онлајн состаноци на активи-изедначување на критериумите за оценување во онлајн наставата
- Учество во активности за полагање на проектните активности/државна матура
- Учество во подготовка за одржување на Наставничките совети на годините
- Наставнички совети на годините - постигнати резултати,
- Наставнички совет - утврдување на успехот
- Насоки за одржување на родителски средби
- Други активности од педагошко-инструктивнат работа
- Активности од административно-организациски карактер

- Увид во реализирање на активности

МАЈ

- Информации од МОН
- Формирање на тимови за изготвување на одделни делови од годишната програма за работа на училиштето
- Наставнички совет за завршни години
- Организирање за полагање на испити на година
- Подготовки за упис во паралелката за ММ
- Наставнички совети - утврдување на успехот и поведението на учениците од завршните години
- Состаноци по активи и задолжување на претседателите за увид во опременост со нагледни средства и др. помагала во наставата
- Други активности од педагошко инструктивните работи

ЈУНИ – ЈУЛИ

- Изготвување на календар за работа за период од јуни до септември
- Изготвување стручен материјал - опременоста на нашето училиште со нагледни средства по одделни наставни предмети и стручно усовршување на наставниот кадар во текот на учебната година
- Формирање на комисија за набавување на нови нагледни и наставни средства
- Подготвување и одржување на Наставнички совети на годините
- Одржување на Наставнички совет
- Увид во педагошката документација
- Организирање и реализирање на продолжителна настава
- Организирање на упис на учениците во прва година
- Организирање на полагањата во паралелката од ММ
- Изведување на испитиите на година
- Упис на ученици во I година
- Наставнички совет - Извештај од поправни испити, од уписот во прва година, подготовка за новата учебна година
- Подготвување на Годишен извештај за работата на училиштето
- Подготвуање Годишна програма за работа на училиштето
- Други активности од педагошко инструктивна работа во текот на месецот
- Соработка со Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието, Сектор за образование во Град Скопје
- Активности од административно-организациски аспект
- Спроведување на испитите од државната матура
- Спроведување на полагањата на интерните испити од државната матура

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ

**Август**

- Подготовки за новата учебна година,
- Континуирано- состаноци со директор и сменоводители и организација на тековните активности,

- Изготвување на Годишна програма и извештај за работа на училиштето и доставување до Град Скопје, БРО и ДПИ,
- Изготвување на ориентационен план за класните часови,
- Изработка на сопствена годишна програма за работа,
- Учество во планирањето и програмирањето на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето,
- Активности околу почетокот на учебната година ,
- Активности околу подготовка и одржување на Наставнички совет - формирање на комисии, активи.
- Учество во организирањето на државната матура на учениците кои не полагале во претходните термини или добиле негативна оцена ,
- Организација, форнирање на комисии и изработка на распоред за полагањето на поправните испити,
- Соработка со класните раководители и поделба на потребните материјали(орјентациона програма за работа на класен час, кодекс на однесување на учениците, правилник за изрекување на педагошки мерки, должности на дежурните ученици),
- Доставување од страна на наставниците и увид во Годишните и тематските планирања и критериумите за оценување,
- Соработка со класните раководители,
- Подготовка на материјали за секој класен раководител,
- Инспекциски надзор за упис на ученици во учебната 2022/2023.
- Дотавување на табели до Град Скопје за упис на ученици,
- Соработка со ЦСР Куманово.

## Септември

- Доставување на податоци до Град скопје за бројот на ученици во прва, втора, трета и четврта година по наставен јазик,
- Состанок на стручни активи на ниво на Град Скопје,
- Инспекциски надзор од ДПИ во врска со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година,
- Следење на адаптацијата на ново запишаните учениците,
- Консултации со наставниците во однос на годишните планови, тематските и дневните подготовки,
- Соработка и давање помош на класните раководители,
- Учество во изработка на статистички податоци за потребите на Министерството за Образование и Наука и Заводот за Статистика,
- Континуирано- состаноци со директор и сменоводители и организација на тековните активности, -Соработка со Град Скопје-„ Стратегија за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието“ - бесплатни три месечни курсеви на македонски, албански и турски јазик за учениците и наставниците во училиштата на Град Скопје,
- МОН-доставување на податоци за ученици и вработени,
- ДИЦ-доставување на податоци за државната матура,
- Град Скопје-доставување на листа на ученици со попреченост,
- МОН-доставување на податоци за број на ученици и паралелки во учебната 2022/2023 година,

- МОН- насоки за прифаќање на образовни и лични асистенти,
- МОН-информации за ученички стипендии,
- Учество во работата на стручните органи (наставнички совет, класен совет, одбор на родители, совет на родители, и стручни активи,
- Активности околу организирање на дополнителна и додатната настава и распорд за дополнителна и додатна настава и доставување на распоредот до ДПИ.
- Изготвување на распоред за прием на родители,
- Инспекциски надзор во врска со бројот на ученици запишани во прва година.
- Консултативна и советодавана работа со наставници почетници,
- Доставување на податоци до соодветните институции за етничка припадност, број на ученици и податоци од матура,
- Евиденција за отпишани ученици,
- Изготвување на програма за работа со ученици со посебни потреби,
- Изработка на известувања и соопштенија за предметни професори и класни раководители,
- Учество на обука Програма за мировно образование Меѓаши прва детска амбасада,
- Задолженија и соопштенија за наставници,

### Октомври

- Континуирано- состаноци со директор и сменоводители и организација на тековните активности,
- Соработка со педагозите од другите средни училишта во врска со тековните активности и размен на податоци и информации,
- Состанок со претставници на Црвениот крст за организирање на крводарителска акција,
- Доставување на податоци до БРО за бројна состојба на ученици по наставен јазик,
- Доставување на податоци до Град Скопје за ученици, наставници и вработени,
- Учество околу активности и реализација на родителски средби,
- Соработка со родители,
- Посета на часови ,
- Индивидуално стручни педагошки разговори со наставниците во врска со констатираните состојби,
- Доставување на податоци до Град Скопје и МОН за ученици и наставен кадар,
- Водење на педагошки картони за секој професор,
- Водење на Професионално досие за професорите,
- Соработка и помош на професорите во изработка на критериумите за оценување,
- Состанок со тимот за ажурирање на веб страната на Гимназијата,
- Подготовка на унифицирана дневна подготовка за час,
- Состанок со стручните слжби на ниво на Град Скопје,
- Формирање на инклузивен тим,

- Разговори со ученици, Разговори со родители,
- Соработка со класните раководители,
- Соработка со предметните професори

**Ноември**

- Советодавна педагошка работа (групно, индивидуално) со родителите за унапредување на постапките за решавање на проблемите,
- Разговор со класните раководители за водење на педагошката документација и евиденција,
- Подготовка на обрасци за извештаи,
- Учество околу подготовките и одржување на класните совети за прво тримесечие,
- Упис и испис на ученици,
- Доставување на барани податоци за ученици до МОН,
- ДИЦ-динамика на државната матура-информации за матурантите.
- Присуство на обука на тема „Застапување на детските права и улогата на Народниот правобранител“-Меѓаши,
- Доставување на податоци за запишани ученици до основните училишта,
- Во соработка со Град Скопје организирано предавање на тема „Спортот како алтернатива на дрогата и алкохолот“.
- Континуирано- состаноци со директор и сменоводители и организација на тековните активности,
- Советодавни разговори со ученици, класните заедници на кои им е изречена педагошка мерка,
- Учество во подготовка и реализација на родителските средби,
- Работа во стручни органи - стручни активи, Наставнички совет, класни совети,
- Соработка со ЦК,
- Увид во работата на додатната настава и дополнителната настава,
- Состанок со класните заедници од 4 година,
- Редовна посета на часови,
- Средување на педагошка документација,
- Податоци за отпишани ученици во учебната 2022/2023 година,
- Испитување на факторите кои влијаат врз покажаните послаби резултати по одредени предмети и предлагање на активности за нивно подобрување,
- Состанок на класната заедница,
- Доставување на податоци за бројна состојба на ученици по етничка припадност до управата за развој и унапредување на јазиците и припадниците на заедниците при МОН,
- Состанок на стручните служби,
- Работилница во рамките на проектот „Безбеден Град“
- Подготовка за државна матура.

**Декември**

- Континуирано- состаноци со директор и сменоводители и организација на тековните активности,

- Увид во реализацијата на редовната настава и додатната и дополнителната настава,
- Испитување на педагошките фактори за покажаните послаби резултати на поодделни наставни предмети и подрачја на работа и предлагање на активности за подобрување на успехот,
- Разговори со родители-тековно,
- Советување на родители и ученици,
- Работа во стручни органи-стручни активи , совет на годината, наставнички совет на училиштето, совет на родители,
- Почетни активности околу реализирањето на матурските испити (списоци, избор на теми и предмети),
- Редовна посета на часови,
- Подготовки во врска со Државната матура,
- Состанци со Одборите на родители,
- Состаноци со Советот на родители
- Континуирано подршка на класните раководители и предметните професори во работата со ученици во услови на далечинско учење,
- Состаноци со класните заедници,
- Средување на документација,
- Учество во советите на година и Наставнички совет
- Состанок со класните раководители во 4 година,

### Јануари

- Учество во работата на наставничките совети на годината и класните совети на училиштето (околу разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците во првото полугодие. ),
- Учество во изработка на статистички податоци за потребите на Министерството за -Образование и Наука и Заводот за Статистика,
- Прегледување на педагошката документација,
- Соработка со стручни институции,
- Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците,
- Изработка на споредбени анализи за успехот и изостаноците на учениците,
- Учество во состаноците на стручните активи,
- Изработка на полугодишен извештај за работа на училиштето,
- Средување на педагошка документација и досиеа на наставниците,
- Редовна посета на часовите,
- Континуирано- состаноци со директор и сменоводители и организација на тековните активности,
- Состаноци со класната заедница за 4 година – фотографирање.
- Во соработка со „Поликлиника Бит Пазар“ - вакцинација на учениците од 4 година.

### Февруари

- Континуирано- состаноци со директор и сменоводители и организација на тековните активности,
- Упис и испис на ученици,
- Редовна поета на час,

- Разговор со родители на ученици кои се отпишуваат од Гимназијата,
- Состанок со претседателите на активи,
- Состанок со класните заедници од 4 година,
- Состанок со класните раководители во 4 година,
- Советодавна работа со ученици кои покажуват слаб успех и незадоволително поведение,
- Работен состанок со ДИЦ за новините во државната матура и активностите кои следат,
- Предлог план за упис на ученици во прва година во учебната 2023/2024 година,
- Соработка со ЈУ Меѓународен центар за социјална работа на Град Скопје,
- Организирање на презентации на студиските програми на Факултетите и Високите школи во соработка со Град Скопје,
- Советодавна помош со наставниците по односот кон работата и однесувањето на учениците,
- Соработка со класните заедници и разгледување на полугодишниот успех и изостаноци,
- Учество на трибина организирана од Град Скопје на тема „Како да се намали врсничкото насилство врз младите“.
- ДПИ-инспекциски надзор во врска со одржувањето на додатната и дополнителната настава,
- Предавање за учениците од 4 година запопуларизација на Воената академија.

### Март

- Учество во подготовките за одржување на класните совети,
- Советодавна работа со учениците и родителите,
- Состанок на класните заедници,
- Организирање на Отворен ден за Факултетите и високите школи,
- Средување на педагошка евиденција и документација,
- Посета на часови,
- Соопштенија за наставници,
- Соопштенија за ученици,
- Формирање комисии,
- Континуирано- состаноци со директор и сменоводители и организација на тековните активности,
- Првични подготовки за уписот во прва година,
- Континуирано соработка со предметните професори,
- Инспекциски надзор за водење на педагошка евиденција и документација,
- Организирање на бранење на проектните задачи/државна матура,
- Термини за одбрана и презентација на проектните задачи,
- Формирање на комисии за одбрана на проектните задачи,
- Подготовка за одржување на совети,
- Комуникација со класните заедници,
- Соработка со класните раководители.

## Април

- Учество во организацијата и спроведувањето на полагањето на проектните задачи од државната матура,
- Наставнички совет,
- Состанок на стручните служби на Град Скопје,
- Доставување на извештај за следење на наставата до ДПИ,
- Крводарителска акција во соработка со Црвен Крст,
- Соопштенија за ученици,
- Презентирањето на факултетите пред учениците од четврта година- контакт со класните заедници пренесување на информации,
- Учетво на класните совети,
- Континуирано- соработка со директор и сменоводители и организација на тековните активности,
- Организирање на вакцинација за учениците од 4 година
- Разгледување и објавување на конкурсот за упис на ученици во прва година во учебната 2023/2024 година,
- Соработка со координаторот на меѓународна матура во врска со објавувањето на конкурсот за упис,

## Мај

- Подготовки за одржување на Наставнички совет за учениците од завршната година,
- Првични подготовки за упис на учениците во прва година,
- Организирање на полагање на испитите во паралелката на ММ,
- Континуирано- соработка со директор и сменоводители и организација на тековните активности,
- Спроведување на испитите на година,
- Постапка за избор на првенец на генерација,
- Средување на педагошка документација,
- Изработка на план за активности за месец јуни, јули и август,
- Состанок на стручните служби на Град Скопје,
- Разговори со ученици, Разговори со родители,
- Посета на час,
- Формирање на комисии,
- Спроведување на испитите од државната матура,
- Подготовки за полагање на интерните испити од државната матура,

## Јуни и јули

- Активности околу одржување на Наставничките совети на крајот на наставната година-утврдување на успехот и поведението на учениците,
- Изработка на извештаи и прегледи на воспитно-образовната работа на училиштето.
- Активности за изведување на завршните испити,
- Активности околу уписот на учениците во наредната учебна година
- Проверка на е-дневник,
- Соработка-истражување со Сојузот за специјални едукатори и рехабилитатори,
- Упис на ученици во прва година,

- Полагање на испитод државната матура,
- Полагање на испитите од интерната матура,
- Полагање на поправни испити и испити на година,
- Формирање на комисии,
- Совети на паралелка,
- Наставнички совет,
- Состанок со ДИЦ за резултатите од државната матура,
- Учество во стручните органи на училиштето,
- Подготовки за следната учебна година,
- Средување на педагошка документација,
- Учество во изготвување на Годишниот извештај за работата на училиштето,
- Учество во изготвување на Годишната програма на училиштето.

Педагог Маја Војнеска

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ

## Август

- Учество во изработка на Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2023 – 2024 година и доставување до Град Скопје, Биро за развој на образованието и Државен Просветен Инспекторат
- Учество во изработка на Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2022 - 2023 година и доставување до Град Скопје, Биро за развој на образованието и Државен Просветен Инспекторат
- Организација, формирање комисии и изработка на распоред за полагање на поправни испити во августовски испитен рок
- Подготовка на електронски презентации и материјали за потребите на реализација на Советувањата на родители за учебната 2022-2023 година
- Соработка со раководителите на паралелки на втора, трета и четврта година и прибирање на информации за сите ученици во паралелките, со цел непречена реализација на процесот на Советување на родители
- Соработка со раководителите на паралелки и поделба на материјали (ориентациона програма за реализација на класен час, кодекс на однесување на учениците, куќен ред, правилник за изрекување на педагошки мерки, должности на дежурни ученици)

## Септември

- Соработка со раководителите на паралелки на прва година и прибирање на информации за сите ученици во паралелките, со цел непречена реализација на процесот на Советување на родители
- Учество во подготовка и организација на првиот училишен ден
- Подготовка на комисии за проверка на дневници, дежурни професори, училишна комисија за Државна матура, одговорни професори на Совет на годината за прва, втора, трета и четврта година и записничари на истите

- Подготовка на годишен извештај за средни училишта за крајот на учебната 2021-2022 година состојба на 31. 08. 2022 година за потребите на Државен завод за статистика
- Подготовка на табели за потребите на Бирото за развој на образованието со барани податоци: број на паралелки и број на ученици во секоја паралелка во училиштето
- Соработка со локална заедница, учество во проект во соработка со Културен Центар Тинтириминтири "Сила, а не насилство" со ученици од прва и втора година од училиштето
- Соработка со локална заедница, учество во проект Менталното здравје кај младите, организација на избор на ученици кои ќе учествуваат, поделба на согласности кои е потребно да ги потпишат родителите
- Соработка со локална средина, во соработка Волонтерски центар учество во работилница за рециклирање со краен продукт изработка на постер, во која учество земаа ученици и предметни наставници од училиштето
- Соработка со наставниците при планирање на часовите за редовна, додатна, дополнителна настава и воннаставни активности
- Соработка со наставниците во примена на методи и средства за работа за остварување на целите на наставните планови и програми, имајќи ги предвид когнитивните способности на учениците, нивната мотивација и интереси
- Следење на процесот на адаптација на учениците запишани во прва година во учебната 2022/2023 година
- Следење на процесот на адаптација на учениците кои се новозапишани во училиштето

### Октомври

- Следење на редовноста на учениците и преземање активности за оние ученици кои отсуствуваат од настава
- Соработка со Локална средина, во соработка со Црвен Крст на Град Скопје организација на крводарителска акција, подготовка и реализација на соопштение со цел запознавање на учениците за крводарителската акција која следи и делење на согласности за ученици и родители
- Индивидуални разговори со ученици кои имаат емоционални проблеми и потешкотии
- Континуирана реализација на состаноци со директор, раководители на смени и стручна служба
- Реализација на посета на час кај предметните наставници и остварување на индивидуални советодавни средби со цел согледување на констатираната состојба на часот
- Индивидуални и групни советувања со ученици кои имаат потешкотии во однесувањето и нарушено поведение

- Учество во индивидуални разговори со родители пред изрекување на педагошки мерки и советодавна работа со истите, со цел надминување на состојбата
- Реализација на индивидуални разговори со ученици кои имаат анскиозни реакции и психички потешкотии
- Реализација на индивидуални советувања со родители на ученици кои имаат анксиозни реакции и психички потешкотии
- Соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје

**Ноември**

- Организација и реализација на индивидуална и групна работа со ученици за прашања кои се однесуваат на подобрување на процесот на учење (мотивација за учење)
- Индивидуални и групни советувања со ученици кои имаат потешкотии во однесувањето и нарушено поведение
- Индивидуални и групни советувања со ученици кои имаат потешкотии во учењето (намалена самодоверба, деца со потешкотии во социо-емоционалниот развој, деца со слаба мотивација за учење и слично)
- Подготовка и достава на покани за реализација на советувања на родители во две групни средби за ученици кои имаат намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од настава
- Реализација на советувања на родители во групи составени од максимум дваесет членови, во две последнователи средби, со временска разлика од максимум четиринаесет дена за ученици кои покажале намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од настава
- Достава на согласности за родители и покана за ученици во рамки на проектот менталното здравје на младите, за работилница на тема Емоции и управување со емоции во која учество земаа ученици од училиштетето
- Конкурирање за Еразмус проект о програмата за мобилност во Еразмус+ проектот „Здрави чекори за дигитализација“ во рамките на програмата KA210-SCH – Партнерства од мали размери во училишното образование
- Реализација на индивидуални средби со ученици чии родители биле дел од групите за советување на родители, поради намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од наставата и следење на напредокот на истите во континуитет
- Учество во организација и реализација на советите на прва, втора, трета и четврта година за првото тримесечие во учебната 2022-2023 година

**Декември**

- Учество во проект за изработка на програма за психосоцијална поддршка и ментално здравје за деца и млади во организација на Министерство за образование и наука
- Учество во подготовка и реализација на работата во стручни органи-стручни активи, наставнички совет

- Реализација на посета на час кај предметните наставници и остварување на индивидуални советодавни средби со цел согледување на констатираната состојба на часот
- Индивидуални разговори со ученици од прва година со цел следење на процесот на адаптација во новата средина
- Учество на работилница на тема “Не за насилство” со соработка со Фондација Никола Кљусев
- Индивидуални разговори со ученици за следење на успехот и редовноста во наставата
- Учество на трибина организирана од Град Скопје на тема “Менталното здравје и добросостојба кај учениците” и од Црвениот крст на Град Скопје на тема “Ментално здравје и психосоцијална поддршка” заедно со претставници од класната заедница

### Јануари

- Учество во работата на советите на паралелки, наставничкиот совет на училиштето, со цел разгледување на успехот, редовноста и поведението на учениците
- Учество во работата на стручните активи
- Подготовка на полугодишен извештај за работа и анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците
- Изработка на статистички податоци за реализирани индивидуални/групни советувања на ученици и родители на ученици во текот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година
- Подготовка на извештај за работата на психологот во текот на првото полугодие во учебната 2022-2023 година
- Подготовка и достава на покани за реализација на советувања на родители во две групни средби за ученици кои имаат намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од настава

### Февруари

- Советодавна работа со ученици кои манифестираат потешкотии во учењето и постигнале слаби резултати
- Стручни консултации со раководители на паралелки и предметни наставници во врска со социјалната клима во паралелките и однесувањето на учениците
- Соработка со Центар за Јавно Здравје и реализација на предавање на тема “Полово здравје” пред учениците од завршните години во училиштето
- Соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје
- Реализација на посета на час кај предметните наставници и остварување на индивидуални советодавни средби со цел согледување на констатираната состојба на часот

- Реализација на советувања на родители во групи составени од максимум дваесет членови, во две последнователни средби, со временска разлика од максимум четиринаесет дена за ученици кои покажале намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од настава
- Реализација на индивидуални средби со ученици чии родители биле дел од групите за советување на родители, поради намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од наставата и следење на напредокот на истите во континуитет

## Март

- Учество во индивидуални разговори со родители пред изрекување на педагошки мерки и советодавна работа со истите, со цел надминување на состојбата
- Учество во подготовка и одржување на Совети на паралелка за прва, втора, трета и четврта година за првото тримесечие во второто полугодие во учебната 2022 – 2023 година
- Учество во подготовка на родителски средби за првото тримесечие во второто полугодие во учебната 2022 – 2023 година
- Советодавна работа со ученици кои манифестираат потешкотии во учењето и постигнале слаби резултати
- Следење на процесот на адаптација на новозапишаните ученици во училиштето и на учениците запишани во прва година средно образование во учебната 2022 – 2023 година и водење на индивидуални разговори со цел континуирано следење
- Соработка со Министерство за Одбрана, учество во организација и реализација на презентација од страна на претставници од Воена академија пред учениците од завршните години во средното училиште на тема “Популаризација на воената професија”
- Подготовка и достава на покани за реализација на советувања на родители во две групни средби за ученици кои имаат намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од настава

## Април

- Индивидуални и групни разговори со учениците од завршната година средно образование за нивните професионални интереси, склоности и можности за идно образование и вработување
- Учество во организација и спроведување на полагање на матурски проектни задачи како задолжителен дел од полагањето на матурскиот испит
- Соработка со Локална средина, во соработка со Црвен Крст на Град Скопје организација на крводарителска акција, подготовка и реализација на соопштение со цел запознавање на учениците за крводарителската акција која следи и делење на согласности за ученици и родители

- Индивидуални разговори со ученици кај кои е забележана промена во однесување, социјалните контакти и емоционалните реакции, советодавна работа со учениците и следење во континуитет на промената
- Континуирани средби со директор, раководители на смени и стручна служба, организација, реализација и следење на текот на воспитно – образовната работа
- Реализација на посета на час кај предметните наставници и остварување на индивидуални советодавни средби со цел согледување на констатираната состојба на часот
- Учество во индивидуални разговори со родители пред изрекување на педагошки мерки и советодавна работа со истите, со цел надминување на состојбата
- Реализација на советувања на родители во групи составени од максимум дваесет членови, во две последнователни средби, со временска разлика од максимум четиринаесет дена за ученици кои покажале намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од настава
- Реализација на индивидуални средби со ученици чии родители биле дел од групите за советување на родители, поради намален успех во учењето и/или зголемено отсуство од наставата и следење на напредокот на истите во континуитет

**Мај**

- Реализација на посета на сите паралелки во училиштето со цел подигнување на свеста и грижата за менталното здравје кај адолесцентите, зголемување на емпатијата и солидарноста и потсетување за реализација на потребата за разговор со стручен соработник – психолог
- Учество во подготовка, организација и реализација на проект “Безбедни матурски прослави” кој се одржа пред учениците од завршната година средно образование, во соработка со Град Скопје, СВР Скопје и Одделот за превенција
- Учество на работилница за јакнење на вештините за поддршка на менталното здравје на учениците организирана од активот на стручни соработници на Град Скопје, во соработка со Министерството за Образование и наука, со поддршка на Уницеф.
- Учество во подготовка и реализација на манифестација по повод патрониот празник на училиштето
- Учество во подготовка и реализација на Совети на паралелка за ученици во завршна година средно образование
- Учество во подготовка и реализација на испитите на година во училиштето
- Соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, по детална анализа и проценета состојба од страна на психологот стручен соработник, доставено барање за интервенција

- Учество во индивидуални разговори со родители пред изрекување на педагошки мерки и советодавна работа со истите, со цел надминување на состојбата
- Соработка со локална заедница, во организација на Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, катедра за психологија, се одржа јавна дебата на следните теми: Ефектите од детското насилство врз менталното здравје и благосостојба, Улогата на училиштата во спречување на насилството кај децата, Важноста на вклученоста на заедницата во справувањето со насилството кај децата и Влијанието на социјалните медиуми врз насилството кај децата, во која учество зема стручната служба со ученици од училиштето

### Јуни и Јули

- Учество во подготовка и реализација на упис на ученици во прва година средно образование во учебната 2023-2024 година
- Континуирано средби со директор, раководители на смени, стручна служба, раководители на паралелки и предметни наставници со цел планирање, организација и реализација на воспитно – образовната работа и тековните активности
- Учество во подготовка и реализација на Совети на паралелка за прва, втора и трета година за крајот на учебната 2022-2023 година
- Подготовка на сопствена годишна програма за работа за учебната 2023-2024 година
- Подготовка на сопствен извештај за работа за учебмата 2022-2023 година
- Доставување на податоци за потребите на Државен просветен инспекторат за реализација на наставни планови и програми, педагошка евиденција и документација и процес на оценување, поведение и изрекување педагошки мерки

# ФОРМУЛАР ЗА ИЗВРШЕНИ СОВЕТУВАЊА НА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ И УЧЕНИЦИ

**во основните и средните училишта за учебна 2022/2023**
**Formular për këshillimet e kryera të prindërve /kujdestarëve dhe nxënësve në shkollat fillore dhe të mesme në gjysëm vjetorin e parë dhe të dytë të vitit shkollor 2022/2023**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Општина:/Komuna: | Центар/ Град Скопје | | |
| Училиште:/Shkolla: | СУГС Гимназија “Јосип Броз Тито” - Скопје | | |
| Директор:/ Drejtori: | контакт тел: / Kontakt tel: | 075 288 112 | |
| | e-mail: | skrzovska@yahoo. com | |
| Задолжен за спроведување на советувањата: / **I obliguar për kryerjen e këshillimit:** | Психолог/ Педагог Psikolog/ Pedagog | Име и презиме /Emri dhe mbiemri: | Кристина Атанасова |
| | | контакт тел: / kontakt tel: | 077/99 38 74 |
| | | e-mail: | kristinapavlovska988@gmail. com |

1. **Наведете вкупен број на родители/старатели кои се повикани на советување поради следните причини / Shënoni numrin e përgjithshëm të prindërve / kujdestarëve të cilët janë thirrur për këshillim për këto arsye:**

| | | |
|---|---|---|
| ▪ **Намален успех во учењето / негативна оценка по три или повеќе предмети / значително опаднат општ успех во краток период** | 2022-2023 (прво полугодие / në gjysëm vjetorin e parë ) | 2022-2023 (второ полугодие / në gjysëm vjetorin e dytë ) |

| | | |
|---|---|---|
| **(едно тромесечие). / Ulja e suksesit në mësim / nota negative në tre ose më shumë lëndë / ulje e ndjeshme suksesit të përgjithshëm në periudhë të shkurtër (një tremujorsh).** | | |
| **Вкупен број**/Numri i përgjithshëm | 51 | 55 |
| ▪ **Нередовно посетување настава/ Vijim jo i rregullt në mësim.** | 2022-2023 (прво полугодие/ në gjysëm vjetorin e parë ) | 2022-2023 (второ полугодие/në gjysëm vjetorin e dytë ) |
| **Вкупен број**/Numri i përgjithshëm | 12 | 158 |
| ▪ **Несоодветно однесување во училиштето/ Sjellje e papërshtatshme në shkolle** | 2022-2023 (прво полугодие/ në gjysëm vjetorin e parë ) | 2022-2023 (второ полугодие/në gjysëm vjetorin e dytë ) |
| **Вкупен број**/Numri i përgjithshëm | 3 | 15 |
| **2. Наведете вкупен број на родители, односно старатели кои не се појавиле на советување и по третата покана и за кои сте го известиле Центарот за социјални работи. / Shënoni numrin e përgjithshëm të prindërve, të kujdestarëve që nuk u paraqitën në këshillim edhe pas ftesës së tretë dhe për të cilët e keni njoftuar Qendrën për punë sociale.** | | |
| **Вкупен број**/Numri i përgjithshëm | 0 | |
| **3. Наведете вкупен број на ученици кои се повикани на советување поради следните причини/ Shënoni numrin e përgjithshëm të nxënësve të thirrur për këshillim për arsyet në vijim:** | | |

| | | |
|---|---|---|
| ▪ **Намален успех во учењето/ негативна оценка по три или повеќе предмети/ значително опаднат општ успех во краток период (едно тромесечие). / Ulja e suksesit në mësim / notë negative në tre ose më shumë lëndë / ulja e përgjithshme e suksesit të përgjithshëm në periudhë të shkurtër (një tremujorsh).** | 2022-2023<br>(прво полугодие/ në gjysëm vjetorin e parë ) | 2022-2023<br>(второ полугодите/në gjysëm vjetorin e dytë ) |
| **Вкупен број**/Numri i përgjithshëm | 51 | 55 |
| ▪ **Нередовно посетување настава / Vijim jo i rregullt në mësim.** | 2022-2023<br>(прво полугодие/ në gjysëm vjetorin e parë ) | 2022-2023<br>(второ полугодие/në gjysëm vjetorin e dytë ) |
| **Вкупен број**/Numri i përgjithshëm | 12 | 158 |
| ▪ **Несоодветно однесување во училиштето / Sjellja e papërshtatshme në shkollë** | 2022-2023<br>(прво полугодие/ në gjysëm vjetorin e parë ) | 2022-2023<br>(второ полугодие/në gjysëm vjetorin e dytë ) |
| **Вкупен број** /Numri i përgjithshëm | 3 | 15 |

**4. Дали извршените советувања на родители, односно старатели и ученици во вашето училиште овозможија/**

| **Nga këshillimet e kryera të prindërve të kujdestarëve dhe nxënësve në shkollën tuaj a është mundësuar:** | | |
|---|---|---|
| ▪ **Зголемување на редовноста на учениците во наставата/ Rritja e rregullsisë së nxënësve në mësim.** | Да/Po<br>Не /Jo<br>Делумно /Pjesërisht | Наведете коментар:/ Shënoni koment: ДА. |
| ▪ **Подобрување на училишниот успех на учениците. / Përmirësimi i suksesit të nxënësve në shkollë.** | Да/ Po<br>Не/ Jo<br>Делумно /Pjesërisht | Наведете коментар:/ Shënoni koment: ДА |
| ▪ **Коригирање на одредени облици на несоодветно однесување на учениците и превенција од понатамошни ризични облици на однесување/ Korrigjimi i formave të caktuara të sjelljes së papërshtatshme të nxënësve dhe parandalimi i matutjeshëm i** | Да/ Po<br>Не /Jo<br>Делумно/Pjesërisht | Наведете коментар:/ Shënoni koment: ДА |

| | | |
|---|---|---|
| **formave të rrezikshme të sjellje.** | | |

- **Согласно горенаведените податоци направете споредбена анализа во однос на извршените советувања за двете полугодија во учебната 2022/2023 година. / Sipas të dhënave të lartëpërmenura, bëni analizë krahasuese në lidhje me këshillimet e kryera për dy gjysëmvjetorat në vitin shkollor 2022/2023.**
  **На родителите им се презентираше изготвена програма за советување на родители. Пред советувањето, а и по него, се вршеше интензивно следење на успехот, изостанувањето од настава на учениците и однесувањето на истите. За тоа беа задолжени родителите, раководителите на паралелкии и стручната служба. Со некои од нив беа закажувани и индивидуални средби, со цел подобрување на успехот и намалување на изостаноците кај тие ученици. Бројот на реализирани советувања е поголем во текот на второто полугодие, во најголем број поради нередовно посетување настава. Советувањето на родителите и учениците оптимално ги даде очекуваните резултати.**
- **Наведете свои коментари, мислења и стручни препораки/ Shënoni komentet e juaja, mendimet dhe rekomandimet profesionale:**

***Одговорите во сите полиња се задолжителни**. **/** Përgjigjet në të gjitha fushat janë të obliguara

Психолог/Педагог /Pedagog/Psikolog
Психолог: Кристина Атанасова

Директор /Drejtori
Силвана Кржовска

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА И АКТИВОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

Годишните активностите на училишната библиотека беа спроведени согласно Планот и програмата за работа на училишната библиотека.

Училишната библиотека успешно го реализира издавањето на комплетите – учебници на сите ученици по годишта и тоа пред почетокот на учебната година. Се изготвија: 1. Записници за доделени учебници (за сите класови поединечно), 2. Списоци за доделени учебници на ученици (за сите ученици поединечно по класови). Беа пополнети и испратени сите потребни Формулари (писмено и електронски) до МОН – Педагошка служба.

Во текот на месец октомври, пристигнаа нови учебници и истите беа доделени на учениците. Во текот на првото полугодие етапно пристигнуваа нарачаните нови учебници за што беа информирани раководителите на паралелките и се спроведе распределба на истите. Исто така, се вршеше и замена на стари учебници за нови според испланиран распоред.

Во текот на целото прво полугодие, во континуитет, беа издавани потребните лектири и дела на учениците и професорите, како и дополнителната

литература потребна за реализација на проектните активности, писмени задачи, како и за потребите на драмската и новинарската секција.

Во текот на првото полугодие, библиотечниот книжен фонд на училишната библиотека се збогати со новибиблиотечни единици за потребите научениците како и со стручна литература за наставниците.

Во текот на целата учебна година, членовите на Клубот на читатели со кој раководи библиотекарот ги спроведоа и реализираа воннаставните активности како и учествуваа на литературни конкурси.

На ден 07.09.2022 год. во прилепското село Небрегово, во родната куќа на Блаже Конески беше промовиран зборникот со песни „Поетски пораки за Конески“, кој беше издаден од фондацијата за македонски јазик „Небрегово“. Домаќин на манифестацијата беше Музејот и завод во Прилеп.

Во зборникот се објавени 174 песни на ученици од 40 основни и средни училишта во земјата, како и од студенти од 4 факултети, меѓу кои и од нашето училиште.

На свечената промоција присуствуваа членовите на управниот одбор на фондацијата, од Прилепскиот завод и музеј, наградените ученици и нивните ментори. Наградени ученици од нашето училиште беа: Ива Каимовска од II-4 како и двете ученички коишто веќе завршија со своето школување и се запишаа на факултет, тоа се Ведрана Петрова и Ана Петановска од IV-8. А нивниот ментор беше професорката, библиотекар Јулија Ликоска – Угриноска.







На ден 05.09.2022 година, во Спомен собата на Браќата Миладиновци, во Градската Библиотека која го носи нивното име, се одржа првата средба со македонскиот писател Жарко Кујунџиски.

Ученици од втора и четврта година, членови на Клуб на читатели, се вклучија во проектот „Читаме современи македонски писатели“. Овој проект го организира ГБ „Браќа Миладиновци“. Станува збор за поттикнување и мотивирање на учениците да читаат дела на македонски писатели, а најдоброто е што ќе имаат директна средба со авторот преку која ќе се доближат до него и неговите дела. Првата средба беше со писателот Жарко Кујунџиски и неговиот роман „Свинга на гневот“.





На ден 04.10.2022 год. ученици од трета и четврта година, заедно со одговорните професорки: Јулија Ликоска – Угриноска, Светлана Гачевиќ и Вера Бојкикева, беа дел од креативната литературна работилница со писателката и драматург д-р Кристина Гавран (Хрватска).




Кристина реализира час во кој со забава се истражуваа сопствените сеќавања и се создаваа приказни од хаосот на нашето секојдневие и се раскажуваа приказни од вистински животни настани. Исто така, се постигна и целта за усовршување на вештината за усно раскажување како и за истражувањето за поврзување на секојдневните лични предмети и уникатните приказни што ги носат во себе.

Целта се постигна, сите присутни ученици и професорки беа задоволни од навистина интересниот и возбудлив час со д-р Кристина Гавран.

Инаку, на овој едночасовен настан бевме поканети од издавачката куќа АНТОЛОГ-БООКС Скопје, во склоп на Фестивалот на европска литература BookStar 2022 што беше и поттик на учениците за креативни воннаставни активности од областа на културата и уметноста.








На ден 05.10.2022 год. во Спомен собата на Браќата Миладиновци во ГБ во Скопје, а во рамките на Фестивалот на европска култура BookStar којшто се одржува по осми пат оваа година, ученици од втора година заедно со професорките Јулија Ликоска – Угриноска и Емилија Величкова учествувавме на книжевно читање под мотото „Храбри нови зборови“.

Во прекрасна атмосфера којашто навистина е автентична во амбиентот на спомен собата на Миладиновци, имавме навистина убава можност да бидеме во друштво на дваесеттина реномирани писатели од македонската, но и од странската литература.








На ден 18 октомври 2022 година, во Амфитеатарот на Институтот се одржа трибина на тема „Јазикот на младите“. Трибината беше дел од програмата на отворените денови на Институтот што се одржуваат секоја година. Оваа година, според програмата се одржа и чествување на јубилеите „70 години од граматиките на Хорас Лант и на Блаже Конески“ и „100 години од раѓањето на Тодор Димитровски – лингвист, книжевен историчар, теоретичар и преведувач“, а излагања имаа проф. д-р Људмил Спасов и проф. д-р Олгица Додевска-Михајловска. Исто така, на оваа манифестација се одбележаа и „75 години од официјализирањето на современиот македонски јазик, азбука и правопис“. Одговорни професори: Јулија Ликоска – Угриноска и Каролина Јанчева.










На ден 11.11.2022 година, ученици од IV година, заедно со своите професорки, учествуваа на манифестацијата 55. Детски Рацинови средби во Велес. На рецитаторскиот натпревар во категорија ученици од средни училишта во Македонија учествуваа:

1. Михаела Здравковска, ментор Светлана Гачевиќ и
2. Дариа Димитровска, ментор Ана Младеновска – Георгиева.

На натпреварот по ораторство во категорија ученици од средните училишта во Македонија учествуваа:

1. Чарна Ал-Нур Невзати, ментор Јулија Ликоска – Угриноска и
2. Петар Китанчев, ментор Светлана Гачевиќ.

На натпреварите се освоија две награди и тоа:

1. Втора награда на рецитаторскиот натпревар во категорија ученици од средни училишта во Македонија освои ученичката од IV-3 - Михаела Здравковска, ментор Светлана Гачевиќ.
2. Трета награда на натпреварот по ораторство во категорија ученици од средните училишта во Македонија освои ученичката Чарна Ал-Нур Невзати, ментор Јулија Ликоска – Угриноска.
3. Висок пласман и пофалници меѓу најдобрите 5 во државата постигнаа: Дариа Димитровска, ментор Ана Младеновска – Георгиева и Петар Китанчев, ментор Светлана Гачевиќ.

Докажавме дека достојно го негуваме македонскиот литературен јазик, дека сме почитувачи и вљубеници на безвремениот Рацин.







На ден 29.11.2022 година, во холот на нашата гимназија одбележавме „83 години од печатењето на стихозбирката Бели мугри од Кочо Рацин“. По тој повод се одржа програма која беше плод на работата на ученици од четврта година под менторство на професорките: Јулија Ликоска-Угриноска, Ана Младеновска-Георгиева и Светлана Гачевиќ.




На ден 13.12.2022 год. во ГБ „Браќа Миладиновци“, ученици од прва и четврта година беа дел од чествувањето на ликот и делото на Ацо Шопов, претставник на првата генерација современи македонски поети.

За великанот на современата поезија говореа д-р Веле Смилевски и д-р Марина Мијаковска. Воведен збор и настанот го водеше Братислав Ташковски, а стихови од Шопов интерпретираше актерот Андреј Серафимовски.

Одговорни професори: Јулија Ликоска – Угриноска, Јасминка Видевска и Светлана Гачевиќ.






На ден 19.12.2022 година, се одбележаа 101 година од раѓањето на Блаже Конески. Ученици од втора година го проследија предавањето на библиотекарот, професорката Јулија Ликоска – Угриноска со коешто го чествувавме ликот и делото на нашиот великан Блаже Конески.




На ден 14. 02. 2023 година, во нашата гимназија се одбележа Денот на љубовта – Ден посветен на нашите браќа, сестри и пријатели во Турција и Сирија. Овој ден ја изразивме нашата љубов и ги испративме нашите чувства за емпатија, хуманост, почит и поддршка преку зборови. Искрени пораки, лични творби на сите јазици што се изучуваат во нашето училиште како и сонети на англиски јазик од Вилијам Шекспир беа интерпретирани од учениците од прва и втора година. Зборови искажани од срце и душа зашто во тој момент и на тој

начин ја испративме нашата искрена помош и желба за подобро утре и среќна иднина. Побаравме и замоливме од сите присутни да се проследат искрените желби од нашите ученици да се слушнат во потполна тишина и достојно за да можат нашите зборови да отпатуваат до Турција и Сирија и да стигнат до сите на кои им е потребна помош и да ја слушнат оваа порака.







Одговорни професори: Јулија Ликоска – Угриноска и професорите од активот по македонски и турски јазик и литература и странски јазици.

На ден 21.02.2023 година, го одбележавме Меѓународниот ден на мајчиниот јазик. 15 ученици од нашата гимназија заедно со професорките Јулија Ликоска – Угриноска и Маја Серафимовска Борозан беа дел од програмата за одбележување на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.




На ден 08.03.2023 година, се одбележа „8 Март – Меѓународниот ден на жената“. Професорките Јулија Ликоска – Угриноска и Емилија Величкова одржаа предавање на тема: Зошто 8 Март? и Женските ликови во литературата пред ученици од втора година.






На ден 15.3.2023 година ученици од прва, втора и трета година, заедно со претставник од стручната служба, библиотекар Јулија Ликоска – Угриноска, учествуваа на трибина на тема: „Поттикнување на самодовербата и резилиентноста кај младите“. Трибината се одржа во Големата сала на Советот на Град Скопје каде што беа присутни ученици од сите гимназии и стручни училишта во Скопје.





На ден 21.3.2023 година, во нашата гимназија го одбележавме 21 Март, под слоганот: „Ден на СИТЕ“. Преку едукативен и забавен перформанс на членовите на Клуб на читатели од прва и втора година, го одбележавме Денот на сите – 21 Март: Ден на пролетта, Ден на екологијата, Ден на децата со даунов синдром, Ден на среќата, Ден на поезијата.








На 23 март, во свечената сала на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“, ученици од четврта година заедно со професорките Каролина Јанчева, Светлана Гачевиќ и Јулија Ликоска – Угриноска, присуствуваа на настанот – Чествување на Григор Прличев по повод 130 години од неговата смрт.




На ден 30.3.2023 година, во нашата гимназија се приклучивме во одбележување на Годината на Ацо Шопов, по повод 100 години од неговото раѓање. Поздравен говор одржа проф. д-р. Кристина Николовска, шеф на Катедрата за македонска книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.





На ден 25.4.2023 година, наши ученици, заедно со професорките: Јулија Ликоска – Угриноска, Каролина Јанчева и Светлана Гачевиќ беа поканети од Катедрата за македонска книжевност и култура при Филолошкиот факултет во Скопје, да присуствуваат на три значајни настани:

- Книжевен портрет на академик Влада Урошевиќ
- Претставување на Катедрата за македонска книжевност и култура пред матурантите од гимназијата
- Поетски рецитал на учениците во чест на Ацо Шопов по повод 100 годишнината од неговото раѓање





На ден 5 мај, професорката Јулија Ликоска –Угриноска пред ученици од прва година одржа час посветен на големиот ден, 5 Мај Денот на македонскиот јазик. Прку презентација во која беше претставен историскиот развој на македонскиот јазик, најзначајните имиња и дела на создателите и кодификаторите на унифицнираниот македонски јазик, како и со интерпретација на мисли и стихови од македонските автори, го одбележавме овој ден.

Часот заврши со потсетување на најголемиот завет: да го чуваме, негуваме, почитуваме, говориме и сакаме нашиот убав и богат македонски јазик!

Нека ни е честит Денот на македонскиот јазик!



На 3 мај, 2023 година, ученици од четврта година, заедно со професорките Светлана Гачевиќ, Каролина Јанчева и Јулија Ликоска – Угриноска присусвуваа на свеченото и достојно одбележување на „Книжевен Вавилон“ 2023 во свечената сала на Друштво на писателите на Македонија како традиционална Меѓународна книжевна манифестација. Поздравна реч имаше проф. д-р Христо Петрески, претседател на ДПМ, а беседа за Книжевен Вавилон ќе одржи проф. д-р Кристина Николовска, претседателка на Собранието на ДПМ. Наградени беа писателите Игор Мирковиќ – поет и премиер на Војводина и писателот Јордан Плевнеш.





По повод 5 Мај, Денот на македонскиот јазик, ученици од трета година, го проследија премиерното прикажување на едукативно – документарниот филма „Бела книга – женско писмо“ на авторката Снежана Младеновска Анѓелков.

Учениците беа дел од овој настан заедно со афирмираните македонски писателки: Лилјана Димковска, Лилјана Пандева, Фросина Пармаковска, Снежана Стојчевска, Калина Малеска, Виолета Танчева-Златева, Николина Андова Шопова и Соња Стојменска-Елзесер.






На ден 5 мај, во холот на гимназијата го одбележавме Денот на македонскиот јазик. Нашите прекрасни ученици од четврта година: Чарна, Петар, Михаел, Дамјан, Александар и Наталија, говореа за историјата на борбата на македонскиот народ за својот јазик, за никулците на кодификацијата на македонскиот јазик. Исто така, учениците интерпретираа цитати од Мисирков, творби за и од Рацин, Шопов, Матевски, Тодоровски, Павловски, Андреевски, Поповски и Блаже Конески. Овој настан е доказ дека го исполнуваме заветот дека ќе го зачуваме нашиот македонски јазик, а со тоа и нашиот идентитет.








Одговорни професори: Јулија Ликоска – Угриноска, Светлана Гачевиќ и Каролина Јанчева.

По повод одбележувањето на патрониот празник на нашата гимназија, се одржe промотивно претставување на романот „Дневникот на Демон Џонс“, прва издадена книга на нашата Маша Тодевска, ученичка од трета година. Роман со магичен реализам во кој има една мошне интересна комбинација на она што е реално со она што е магиско. Разговорот со Маша го водеше ученичката Калина, а својот музички талент го претставија ученичките Оља и Симона, сите членови на Клуб на читатели.






Одговорни професори: Јулија Ликоска – Угриноска и Елена Неделковска

Со пригодна свеченост, членовите на Клуб на читатели, на драмската секција и Бендот, го одбележавме патрониот празник на нашата гимназија.

Го славевме името и делото на нашиот патрон Јосип Броз Тито – миротворецот кој градеше цврсти темели за иднината на целата младина. Го чествувавме и ликот и делото на сесловенските просветители, браќата Свети Кирил и Методиј продолжувајќи го нивниот завет.









Одговорни професори: Јулија Ликоска – Угриноска, Емилија Величкова и Душанка Ристова.

Во свечената сала на Друштвото на писателите на Македонија, на 25.5.2023 година, се одржа манифестацијата „Денови на шпанската литература“. Манифестацијата започна со блокот „Поезија од Лорка“, во интерпретација на Лилјана Стоилковска и учениците, членови на Клуб на читатели од гимназијата ‘Јосип Броз Тито’ од Скопје. Потоа со поздравна реч се обрати претседателот на Друштвото, Христо Петрески и Хосе Луис Лосано Гарсија, амбасадорот на Кралството Шпанија во РС Македонија“. На свеченоста со свој осврт за за објавените шпански автори и дела на македонски јазик ќе се обрати д-р Марина Мијаковска од Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” – Скопје.

Во рамки на настанот беа врачени и признанија за преводите од шпански на македонски јазик и од македонски на шпански јазик на проф. д-р Огнена Никуљски, на амбасадорот Хосе Луис Лосано Гарсија и заменик шефот на Мисијата, Ернесто Хередеро дел Кампо – за презентацијата, афирмацијата, размената и соработката на шпанската и македонската книжевност, уметност и култура.

Манифестацијата заврши со трибина на тема “Подотворениот прозорец кон Шпанија и шпанската литература” на која ќе учествуваат проф. д-р Христо Петрески, проф. д-р Огнена Никуљски, проф. д-р Кристина Николовска, проф. д-р Александар Прокопиев, проф. д-р Наташа Сарџоска и м-р Стефан Марковски.

















Наши ученици од сите годишта зедоа учество на натпреварот за најдобра поетска творба за ликот и делото на Великанот Блаже Конески, организиран од Фондација Конески од Скопје. Резултатите ќе се објават на почетокот на месец септември, а на 29. 5. 2023 година, професорот Атанас Конески, претседател на Фондација Конески ни ја врачи збирката, која оваа година го носи насловот „Зборот на Конески“ и која е јубилејно 10 издание од серијата „Поттикот на

Конески“. Овогодинешната збирка е збогатена со прекрасните поетски творби на нашите ученици.

Одговорен професор за спроведување на овој конкурс е библиотекарот Јулија Ликоска – Угриноска заедно со менторите-предметните професори: Елена Николова (ученик Хавин Бекиру од I-12 со творбата: „Поезијо, му отвори пат во вечноста“ и Кенан Созкесен од I-11 со „На поетот Конески“); Татијана Стојанова Дуева (ученик Бистра Велјановска од I-9 со творбата: „Од Небрегово бел гулаб летна“); Ана Младеновска – Георгиева (ученик Сара Јованов од II-10 со творбата: „Збор по збор-бисери нижел“); Емилија Величкова (ученик Ива Каимовска II-4 со творбата: „Зборови-мудрости“); Каролина Јанчева (ученик Тамара Николовска од IV-10 и творбата „Како зборот на Конески“); Светлана Гачевиќ (ученик Јована Славковска од IV-5 – „Конески-нашата гордост“); Душанка Ристова (ученик Матеја Талеска од II-1 – „Збор“) и Јасминка Видевска (ученик Петар Цветковски од I-4 со творбата „На Блаже Конески“).

Во рамките на соработката на нашата гимназија и ЈУ Градска библиотека “Браќа Миладиновци“ – Скопје, наши ученици, членови на Клуб на читатели се вклучија во циклусот од 8 работилници за креативно пишување со писателот Александар Русјаков. Работилницата траеше од 11 април до 30 мај. Нашите ученици: Маша Тодевска, Оља Алексовска и Калина Трипкова од трета година, Матеја Талеска и Јована Вуковиќ од втора година, низ серија интерактивни средби имаа можност да дискутираат за различните жанровски карактеристики на прозата, поезијата, драмата, начинот на пишување на сценарио за филм, тв-серија и слично. Одговорен професор: библиотекар Јулија Ликоска - Угриноска.

Оваа учебна година се набавија нови дела и лектири со цел да се зголеми бројот на ученици коишто ќе ги читаат и обработуваат истите, а со тоа се збогати и библиотечниот фонд на училишната библиотека: набавени беа вкупно 250 книги и уште пет книги донација, сето тоа во соработка со издавачката куќа „Матица Македонска“ во Скопје.

Во однос на новонабавени книги, библиотеката доби подарок на пет примерока од книгата „Француски камп“ од српската авторка Енна Месарош, а од страна на Здружението за промоција и унапредување на културата, науката и образованието УМНО. Имено, станува збор за книга која на младите читатели им се обраќа со нивниот јазик, тоа го прави посебно блиско и секој може да се идентификува. Романот е наменет токму за младите и ќе ја зогати понудата на домашни дела на теми што ги засегаат адолесцентите, а кај нас ретко се третирани во литературата.

Нашата ученичка Маша Тодевска од трета година, донираше за библиотеката четири примероци од нејзиниот првоиздаден роман „Дневникот на Демон Џонс“.

Како придонес во училишната библиотека, беа донирани 30 примероци од преводот на македонски јазик на книгата „КОМПАС – Прирачник за образование на младите луѓе за човековите права“ во издание на Советот на Европа, Стразбур, Франција. „Компас“ е прирачник за образование за човековите права

на младите луѓе, кој на наставниците, младинските лидери, едукатори, волонтери и професионалци им нуди конкретни идеи и практични активности да ги вклучат и мотивираат младите да придонесат за развивање на образованието во областа на човековите права и европската димензија на граѓанското општество. Оваа книга ќе се искористи во наставата по соодветните предмети или како активност на библиотеката преку организирање работилници во рамките на формалното и неформалното образование.

Во текот на месец мај, по насока од МОН, се пополнуваа онлајн формуларот за бројната состојба на ученици по подрачја за сите годишта како и формуларите за оштетени и за набавка на учебници.

Во текот на месец јуни, како една од последните активности на училишната библиотека, со претходна организација и информирање на раководителите на паралелка од страна на библиотекарот, се одвиваше процесот на раздолжување и задолжување на учебниците и книгите во библиотека, како и доделување на дела и лектири за летниот распуст.

Оваа учебна година на библиотекар Јулија Ликоска – Угриноска ѝ се доделени: Пофалница за ментор на Натпревар по ораторство и Диплома за освоено трето место на Натпревар по ораторство од страна на Организацискиот одбор на 55 Детски Рацинови средби, 11.11.2022 год. во Велес. На 14.6.2023 год. доделена Благодарница за соработка и учество во манифестациите на Друштвото на писателите на Македонија од страна на ДПМ и претседателот Христо Петрески.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

## АНГЛИСКИ ЈАЗИК

ПРЕДМЕТНИ ПРОФЕСОРИ:

1. Гордиана Ѓоргова;
2. Алмир Мељовиќ;
3. Александра Ѓурчиновска;
4. Софија Ковачовска;
5. Маја Серафимовска Борозан;
6. Јосип Стибел;
7. Ширин Шабан;
8. Невенче Стефанова Јордановски.

### Реализација на наставата

Наставата по предметот Англиски јазик како редовен предмет се изведуваше континуирано во паралелките во прва, втора, трета и четврта година во средното гимназиско образование, со неделен фонд од 3 (три) часа + 2 (два) часа (во специјализираните германски паралелки) во текот на првото и второто полугодие во/од учебната 2022/2023 година.

Во планирањето на наставата по предметот Англиски јазик како редовен предмет во прва, втора, трета и четврта година во средното гимназиско образование, како појдовна основа се земаа наставниот план и наставната програма за предметот Англиски јазик како прв странски јазик за прва, втора, трета и четврта година во средното гимназиско образование, изготвена од Бирото за развој на образованието (БРО) како орган на управа во состав на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Во текот на учебната 2022/2023 година, наставата по предметот Англиски јазик (прв странски јазик) како редовен предмет во сите години (прва, втора, трета и четврта) се реализираше според предвидените планирања за тековната година. Во однос на реализацијата на наставата во паралелките во прва, втора, трета и четврта година, во текот на првото и второто полугодие од учебната 2022/2023 година се реализираше редовна настава според предвидените наставни единици во склоп на глобалните наставни програми по предметот Англиски јазик (прв странски јазик) како редовен предмет во прва, втора, трета и четврта година во средното гимназиско образование. Со цел да се развијат јазичните компетенции кај / на учениците, како и со цел да се поттикне процесот на учење кај истите, во рамки на наставата во текот на првото и второто полугодие од учебната 2022/2023 година се обработуваа текстови со разновидни тематики, а воедно и се анализираа истите од лингвистички аспект. Континуирано се обработуваше, а потоа и се увежбуваше обемен вокабулар кој е тематски поврзан со претходно обработените текстови. Исто така, континуирано се обработуваа, а потоа и се увежбуваа разни граматички структури, разни техники за слушање со разбирање и зборување, како и разни формати и структури за пишување. Учениците се оценуваа со помош на одредени инструменти и постапки за оценување, и тоа преку: објективни тестови (кратки одговори, поврзување, повеќечлен избор), усни одговори (прашања поставени од наставникот и разговор со / меѓу учениците), усни презентации на претходно спроведено истражување и / или проект, стандардизирани тестови, итн. Во рамки на националната програма (средно гимназиско образование, со државна матура) на македонски наставен јазик, наставата по англиски јазик во првото и второто полугодие од учебната 2022/2023 година е реализирана во целост.

Во програмата со Меѓународна матура (ММ), се реализираше настава по ревидираната програма по предметот Англиски јазик Б. Темите и содржините се организирани според дадените упатства и критериумите за оценување за секој поединечен елемент на внатрешно или надворешно оценување. Во рамки на програмата со Меѓународна матура (ММ), наставата по англиски јазик е реализирана во целост.

Во паралелките во сите години (прва, втора, трета и четврта) на турски наставен јазик, наставата по англиски јазик е реализирана во целост.

Од страна на сите професори беа успешно имплементирани ИКТ активности во рамки на часовите и надвор од нив (во вид на задачи). Исто така,

беа вметнати и еко-теми, односно теми од екологија кои беа остварени во склоп на часовите во форма на вежби, проекти, усни и писмени презентации, како и постери кои се поставени на ѕидовите на кабинетите каде се одржува наставата по англиски јазик.

Во текот на учебната година, континуирано се оддржаа состаноци на активот по странски јазици, како и состаноци со претседателите на сите активи и директорот на училиштето, на кои се разговараше за тековните случувања, проблеми и можни решенија за истите, како и за новостите во врска со наставата, законските регулативи во средното гимназиско образование и водењето на педагошката евиденција во електронскиот, е-дневник.

Во рамки на редовната настава по странски јазици, како и во рамки на воннаставните активности, во учебната 2022/2023 година континуирано се имплементираше МИО, односно Меѓуетничката интеграција во образованието.

### Методи и форми на работа

**Техники на работа: Бура на идеи, ЗСНУ, пајакова мрежа, и др.**

Наставни методи, т. е. методи на работа: Аудио-визуелен, аудио-лингвален, демонстративен, дијалошки, еклективен, комуникативен, кооперативен, разговорен, структурален метод, и др. Наставни форми, т. е. форми на работа: Групна работа (затворен и отворен тип), индивидуална работа, работа во парови (затворен и отворен тип), фронтална работа, и др.

Наставни средства и помагала: Безжичен, преносен звучник Bluetooth со NFC технологија, наставен план и наставна програма за предметот Англиски јазик за прва и втора година во средното гимназиско образование од БРО, Учебник (со аудио / видео ЦД) и прирачник за наставник, IB English B Course Book Pack: Oxford IB Diploma Programme / Oxford University Press (Меѓународна матура), табла, креда (бела), креди во боја, наставни листови, работни листови, флеш карти, и др.

Форми, методи и техники за оценување: Набљудување, усни одговори на прашања од наставникот, усни одговори на прашања од учениците, дискусија, самооценување на учениците, меѓусебно оценување, и др.

Инструменти за оценување: Евидентен лист, чек листа, директно оценување на задача, усна и писмена повратна информација, наставен / работен лист, и др.

### Додатна и дополнителна настава

Во рамки на дополнителната настава, во паралелките во прва, втора, трета и четврта година немаше ученици со слаби оценки. Во рамки на додатната настава, со дел од учениците во паралелките во прва, втора, трета и четврта година, на (по)напредно ниво, се обработуваа претежно академски текстови со разновидни тематики, а воедно и се анализираа истите од лингвистички аспект. Континуирано се обработуваше, а потоа и се увежбуваше обемен вокабулар кој е тематски поврзан со претходно обработените текстови. Исто така, континуирано се обработуваа, а потоа и се увежбуваа разни граматички

структури, разни техники за слушање со разбирање и зборување, како и разни формати и структури за пишување – сето ова, на (по)напредно ниво.

### Проектни активности

Во рамки на проектните активности, во текот на учебната 2022/2023 година редовно се реализираа часови во / со паралелки во прва, втора, трета и четврта година според предвидените план и програма за реализација на проектните активности во рамки на средното гимназиско образование. Исто така, беа реализирани и додатни средби на кои се дискутираше за организацијата и реализацијата на разни активности во склоп на проектната активност Англиски јазик како странски јазик.

### Наставни и воннаставни активности, како и професионален развој и стручно усовршување

Во текот на учебната 2022/2023 година, професорите од активот по странски јазици континуирано земаа учество во обуки, работилници и семинари.





## ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

ПРЕДМЕТНИ ПРОФЕСОРИ:

1. Славица Несторовска;
2. Лилјана Костовска;
3. Ана Дамевска Симоноска;
4. Кристина Клиафа Трпеска;
5. Сања Зографска**.**

Наставата по предметот Германски јазик се изведуваше редовно во специјализираните германски паралелки во текот на учебната 2022/2023 година, со неделен фонд од 3 (три) часа + 2 (два) часа.

## Италијански јазик

ПРЕДМЕТНИ ПРОФЕСОРИ:

1. Марта Горовска.

Година во која предава предметниот професор:
III (трета) и IV (четврта) година (Јазично-уметничко А подрачје).
Неделен фонд на часови: 12 (дванаесет) наставни часа.
Реализација на наставата: Учебник: Nuovo Progetto Italiano – Libro dello Ctudente (S. Magnelli, T. Marin); Nuovo Progetto Italiano – Quaderno degli Esercizi (S. Magnelli, T. Marin).

Корелација: италијанска цивилиэација, историја, уметност, литература, кинематографија, мода, музика, гастрономија. Автентични италијански иэвадоци од весници. Употреба на ИКТ и ЕКО содржини.

Средства и постапки эа вреднување: усни и писмени вежби за увежбување на граматиката, вежби за увежбување на вокабуларот, преводи од македонски на италијански и обратно, диктати, писмена работа, итн.

**Методи и форми на работа:**

Монолошки, дијалошки, пишан, демонстративен, илустративен, практичен, текст метод (читање и работа со текст). Индивидуална работа и работа во групи.

**Додатна и дополнителна настава:**

Дополнителната настава се организираше еднаш неделно за учениците кои имаат потешкотии во учењето и заостануваат со материјалот, или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава.

Додатната настава се реализираше со учениците кои постигнуваа посебни резултати по предметот и напредуваа во рамките на задолжителната настава во текот на учебната година. Нејзина основна цел беше, и прогресивно е, да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици во текот на првото полугодие, но и во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари, итн. Оваа настава се изведуваше во текот на учебната година со еден час неделно.

**Проектни активности:**

Проектна активност по италијански јазик. Во рамки на проектните активности, во текот на учебната 2022/2023 година редовно се реализираа часови во / со паралелки во прва, втора, трета и четврта година според предвидените план и програма за реализација на проектните активности во рамки на средното гимназиско образование. Исто така, беа реализирани и додатни средби на кои се дискутираше за организацијата и реализацијата на разни активности во склоп на проектната активност Италијански јазик како странски јазик.

**Воннаставни активности:**

Учество на Филмскиот фестивал Џифони, фестивал за деца и млади, со ученици од прва, втора, трета и четврта година;

**Професионален развој и стручно усовршување:**

Во текот на учебната 2022/2023 година, професорите од активот по странски јазици континуирано земаа учество во обуки, работилници и семинари.

## Латински јазик

ПРЕДМЕТНИ ПРОФЕСОРИ:

1. Ема Андоновска;
2. Ѓургица Косовска.

Латинскиот јазик во нашата Гимназија се изучува според учебниците Liber Latinus I за прва година на изучување, и Liber Latinus II за втора година на

изучување. Наставната програма беше реализирана во целост, заедно со дополнителната и додатната настава. Знаењето на учениците беше вреднувано според стандардите за оценување на БРО. Во текот на наставната година, учениците честопати имаа можност самостојно да учествуваат во ИКТ наставата.

**Година во која предава предметниот професор:**

II (втора), III (трета) и IV (четврта) година.

**Неделен фонд на часови:**

20 + 1 (класен) наставни часа.

**Реализација на наставата:**

Наставните планови се целосно реализирани за сите три годишта според учебниците Liber Latinus I за прва година на изучување (во втора и трета година) и Liber Latinus II за втора година на изучување (во четврта година). Користени беа и дополнителни материјали (скрипти со текстови и натписи).

**Методи и форми на работа:**

Наставата и активностите на часовите главно се одвиваше фронтално, во групи, самостојно, преку PowerPoint презентации и истражување на одредени веб-страници.

**Додатна и дополнителна настава:**

Учениците со слаби оценки посетуваа дополнителна настава, по потреба, еднаш неделно.

**Проектни активности:** Нема.

**Вонаставни активности (во текот на учебната 2022/2023 година):**

Учество на Одбележувањето на Европскиот ден на јазиците во септември, 2019-та година;

**Професионален развој и стручно усовршување:**

Во текот на учебната 2022/2023 година, професорите од активот по странски јазици континуирано земаа учество во обуки, работилници и семинари.

## Француски јазик

ПРЕДМЕТНИ ПРОФЕСОРИ:

1. Павлина Качујаноска;
2. Мелек Имер;
3. Никола Терзитанов.

Наставата по предметот Француски јазик како (втор) странски јазик се изведуваше континуирано во паралелките во прва, втора, трета и четврта година во средното гимназиско образование, со неделен фонд од 2 (два) часа, во текот на учебната 2022/2023 година.

Во планирањето на наставата по предметот Француски јазик како странски јазик во прва, втора, трета и четврта година во средното гимназиско образование, како појдовна основа се земаа наставниот план и наставната програма за предметот Француски јазик како втор странски јазик за прва, втора, трета и четврта година во средното гимназиско образование, изготвена од

Бирото за развој на образованието (БРО) како орган на управа во состав на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Во текот на учебната 2022/2023 година, професорите од активот по француски јазик (Павлина Качујаноска, Мелек Имер и Никола Терзитанов) учествуваа на две манифестации.

Во септември, 2022-та година, во училиштето се оддржа манифестацијата по повод Одбележување на Европскиот ден на јазиците. На оваа манифестација земаа учество сите професори од активот по странски јазици. Професорите од активот по француски јазик поставија штанд во холот на училиштето, каде што беа изложени учебниците кои се користат во наставата по француски јазик и други стручни материјали, односно помагала (речници, списанија, литературни дела, аудио-материјали и др. ), коишто се употребуваат при реализирање на наставните часови. Целта беше да се прикаже на кој начин се реализира наставата (по предметот Француски јазик како странски јазик), и со тоа да можат да се запознаат и другите ученици кои не посетуваат настава по француски јазик како втор странски јазик, а и со останатите професори да можат да се разменат искуства.

Во декември, 2022 година, во холот на училиштето се одржа предновогодишен хуманитарен базар на кој што земаа учество и професорите од активот по француски јазик.

Реализирани цели на активот по странски јазици:

- Имплементација на МИО (Меѓуетничка интеграција во образованието) во рамки на наставните и воннаставните активности;
- Стандардизирање и унифицирање на тестовите и бодовните скали во секој актив по странски јазик одделно (Англиски, Германски, Италијански, Латински, Француски јазик) според годината на изучување;
- Континуирана примена на стандардизиран, унифициран формулар за работата на професорите по странски јазици, врз основа на кој се изработува полугодишниот, односно годишниот извештај за работата на активот по странски јазици.

### Постигнат (вкупен) среден успех на активот по странски јазици во учебната 2022/2023 година:

**АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Гордиана Ѓоргова | 5.00 |
| 2. | Алмир Мељовиќ | 4.99 |
| 3. | Александра Антоновска | 4.12 |
| 4. | Маја Серафимовска Борозан | 4.83 |
| 5. | Јосип Стибел | 4.77 |
| 6. | Ширин Шабан | 3.39 |
| 7. | Невенче Стефанова Јордановски | 5.00 |

**ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Славица Несторовска | 3.69 |
| 2. | Лилјана Костовска | 4.06 |

3. Ана Дамевска Симоноска 4.02
4. Кристина Клиафа Трпеска 4.65
5. Сања Зографска 4.26

**ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК**

1. Павлина Качујаноска 4.02
2. Мелек Имер 3.84
3. Никола Терзитанов 4.39

**ЛАТИНСКИ ЈАЗИК**

1. Ема Андоновска 3.48
2. Ѓургица Косовска 5.00

**ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК**

1. Марта Горовска 4.51

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

## Хемија

### Извештај за остварени активности на професор Александра Коруноска

Постигнат среден успех во учебната 2022/2023 г. е 3,41.

Оваа учебна година 2022/2023 г. наставната програма ја реализирав во целост, согласно насоките дадени од Бирото за развој на образованието. Располагав со нагледо средство пен-таблет (кое што ми беше дадено од училиштето ) за полесно и успешно реализирање на зададените цели од наставаната програма.

Согласно годишниот план за работа, доплолнителна настава во целост е реализирана. Интеграциијата на еколошка едукација во македонскиот образовен систеем е целосно применета и дискутирана за време на часовите. Презентации на проектни активности и активности по повод Ден на екологија се регистрирани и на FB старната од нашето училиште. Учествував како ментор на ученик од прва година кој освои 2 место на регионален натпревар по Хемија. Учествував во изработка на интерните матурски испити, посета на Технолошки факултет по повод денови на наука и посета на Хемиски институт и учество во хемиски спектакл.

### Извештај за остварени активности на професор Јанко Јанковски

Наставната година по предметот хемија во прва (1-7; 1-8; 1-9; 1-10) и втора година (2-1; 2-2; 2-3; 2-4; 2-5; 2-6) беше целосно и успешно реализирана, според предвидените цели, активности, содржини и поими. Годишниот фонд на часови изнесуваше 72. Редовно беа одржувани заеднички часови со ученици од прва година со колешката Семиха Лама во рамки на МИО. Во поглед на остварениот успех кај учениците, наставникот, Јанко Јанковски во учебната 2022/2023 оствари среден успех од 3, 57 во прва година и 3, 95 во втора година. На стручен план, предметниот професор, Јанко Јанковски, во учебната 2022/2023 зема учество на неколку обуки што беа реализирани од училиштето.

### Извештај за остварени активности на професор Снежана Малцов

Постигнат среден успех во учебната 2022/2023г. е 3, 91.

Оваа учебна година 2022/2023 г. наставната програма ја реализирав во целост, согласно насоките дадени од Бирото за развој на образованието. Располагав со нагледо средство пен-таблет (кое што ми беше дадено од училиштето ) за полесно и успешно реализирање на зададените цели од наставаната програма.

Согласно годишниот план за работа, доплолнителна настава во целост е реализирана. Интеграциијата на еколошка едукација во македонскиот образовен систеем е целосно применета и дискутирана за време на часовите. Презентации на проектни активности и активности по повод Ден на екологија се регистрирани и на FB старната од нашето училиште. Учествував како ментор на ученик од прва година кој освои 2 место на регионален натпревар по Хемија. Учествував во изработка на интерните матурски испити, посета на Технолошки факултет по повод денови на наука и посета на Хемиски институт и учество во хемиски спектакл.

### Извештај за остварени активности на професор Ксенија Хаџи Тосева Аврамчева

Постигнат среден успех во учебната 2022/2023г. е 4,00.

Соогласно годишниот план за работа, доплолнителна настава во целост е реализирана. Интеграциија на еколошка едукација во македонскиот образовен систеем е целосно применета и дискутирана за време на часовите. Учествував во изработка на интерните матурски испити. Земав учество во посета на Технолошки факултет по повод денови на наука, како и посета на Хемиски институт и учество во хемиски спектакл.

### Извештај за остварени активности на професор Ајџа Селман

Извештај за просек по предметот хемија во турските паралелки (2-11, 3-11, 3-12, 4-12, 4-13) за учебната 2022-2023 година е 3. 51.

Од аспект на заинтересираноста на учениците, учеството во дискусиите, извршување на дадените задачи, изработка на проектни задачи, презентации, беа одговорни и продуктивни.

### Извештај за остварени активности на професор Семиха Љама

Извештај по предметот хемија во турските паралелки 2022/23

1. Целосна реализација на планираната план и програма .
2. Среден успех 3,39
3. Успешно реализирани часови од проектот МИО
4. Успешно реализирани активности од проектот Ерасмус+ Обновливи извори на енергија.

## Биологија

### Извештај за остварени активности на професор Ивона Младенова

Наставата по предметот биологија се одвиваше согласно програмата и целосно се реализираше согласно планирањето. Во одредените термини редовно се одржуваше дополнителна настава, која ја следеа учениците кои имаа проблем во совладувањето на наставните единици. За потребите на учениците

кои сакаат да го надградат своето знаење и оние кои учествуваа на натпреварот по биологија беше организирана додатна настава. Во текот на учебната година се одржаа општински на 17.03.2023, регионален на 17.04.2023 и државен на 27.05.2023 натпревар, организиран од Македонското Биолошко Друштво. Учествуваа повеќе ученици од трета година и постигнаа одличен резултат со освоено едно второ и две трети места на Државниот натпревар.

Во текот на годината учествувавме на повеќе обуки и акции, организирани од Црвен Крст на Град Скопје, како и на квиз натпревари и работа на повеќе проекти со две различни групи на ученици. Воедно, беше организирана и успешно реализирана Крводарителска акција со учениците од трета и четврта година.

Оваа учебна година по предметот биологија беше постигнат следниов успех по класови и тоа: III1 со постигнат успех 4, 46, III2 4, 48, III3 4, 61, III4 3, 79, III5 4, 64, III6 4, 65, III7 4, 69, III10 4, 37, IV1 5. 00, IV2 4, 85, IV3 5. 00, IV11 5, 00 или 4, 73 одличен успех и успешно совладани сите наставни единици.

### Извештај за остварени активности на професор Лидија Котеска

Во текот на оваа учебна година беа реализирани сите планирани часови според наставната програма по биологија во прва и трета година. Учениците од сите класови редовно ја следеа наставата. Учениците во текот на предавањата и за време на повторувањата и утврдувањето на материјалот активно учествуваа со свои размислувања, идеи и решенија за одредени проблеми. За да се поттикне процесот на учење, анализа, истражување и решавање на проблеми учениците истражуваа на зададени теми и потоа нивниот труд беше прикажан во презентации кои ги изработуваа според јасно зададени насоки и критериуми. Оценувањето се одвиваше според активноста на учениците, усното одговарање и изработените истражувачки задачи. Сите ученици се оценети без исклучоци. Редовноста на учениците беше целосна со мали исклучоци.

Среден успех на предметниот професор: 4, 65

Часовите за додатна и дополнителна настава се вметнати во распоредот согласно препораките и истите се одржани во повеќе наврати кога имало потреба, а главно при процесот на оценување. За време на наставата беа опфатени сите форми на интерактивна настава и користење на ппт презентации, споделување на линкови, користење визуелни графички претстави, кратки информативни филмови. Беа релизирани и часови од тип Екологија или делови од часот беа искористени за еко содржини. Учениците беа мотивирани за активност на часовите, дискусии и презентации. Со учениците се постигна задоволителна опфатеност на целите од програмата, користење на ресурсите од училиштето но и софтверски програми како и користење на поголем избор интернет страни. Се реализираа и повеќе обуки на кои професорите земаа учество. Посетени обуки и дебати:

- Современи концепти на средно образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење (декември 2022г. )
- Јавна дебата за насилството кај децата (мај 2023г. ).

### Извештај за остварени активности на професор Марија Менкиноска

Наставата по предметот биологија во текот на второто полугодие се одвиваше континуирано. Планираните часови од редовната настава се реализирани, а со тоа ѝ планираните наставни содржини. За оние ученици за кои се оцени дека им е потребна дополнителна помош таа беше организирана и се изведуваше со еден час неделно. Образовните групи за дополнителната настава се формираа во различни периоди, во зависност од времето кога се појавија одредени слабости кај одредени ученици. За потребите на учениците кои сакаат да го надградат своето знаење и оние кои учествуваа на натпреварот по биологија беше организирана додатна настава. Во текот на учебната година се одржаа општински на 17.03.2023, регионален на 17.04.2023 и државен на 27.05.2023 натпревар, организиран од Македонското Биолошко Друштво. Учествуваа повеќе ученици од прва и втора година и постигнаа одличен резултат со освоени две втори места на регионален и едно трето место на Државниот натпревар.

Средниот успех на учениците на крајот од оваа учебна година по класови е: I 9 со постигнат успех 4, 82 II1- 4, 56 II2- 4, 74, II3 - 4, 53, II4- 4, 5, II5- 4, 35, II6 - 4, 38, II7-3, 97, II8—4, 36, II9-4, 33, II10-4, 94 или 4, 49 одличен успех и успешно совладани сите наставни единици.

### Извештај за остварени активности на професор Мерал Кадри

За просекот по предметот биологија во турските паралелки (I-11, I-12, II-11, II-12, III-12, III-13, IV-11, IV-12) на крајот од учебната 2022/23 година е 4, 21.

## Географија

### Извештај за остварените активности на професорот д-р Коле Павлов

Наставната година по предметот географија во втора година (2-1; 2-2; 2-3; 2-4; 2-5; 2-6; 2-7; 2-8; 2-9; 2-10) беше целосно и успешно реализирана, според предвидените цели, активности, содржини и поими. Годишниот фонд на часови изнесуваше 72.

Од воннаставните активности, за акцентирање е учеството на општински, регионален и државен натпревар по географија. Имено, ученикот Цветко Трајковски, од паралелката 2-4, освои второ место на Државниот натпревар по географија, организиран од Македонското географско друштво. Предметниот професор зема активно учество и во реализирањето на екстерните испити од Државната матура, како член на Училишната матурска комисија.

Во поглед на остварениот успех кај учениците, наставникот, д-р Коле Павлов во учебната 2022/2023 оствари висок среден успех од 4, 82.

### Извештај за остварените активности на професорот Емилија Трајковска

Во текот на учебната 2022/2023 година по предметот географија беа планирани повеќе ЕКО активности кои беше потребно да се спроведат во текот на наставата со учениците. Прегледот на активности по време на реализација е даден табеларно.

## Реализарани активности во рамки на проектот за Екологија – 20%

| Еколошки содржини | | Година I, II, III | Наставна содржина | Број на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Извори на вода и нивна искористеност | Прва, Трета | Хидрографија | 1 |
| 2. | Загадување на водата | Прва, Трета | Хидрографија | 1 |
| 3. | Извори на енергија и нивна искористеност | Прва, Трета | Енергетски извори | 1 |
| 4. | Видови енергија | Прва, Трета | Енергетски извори | 1 |
| 5. | Обезбедување на енергија преку алтернативни извори: соларен систем/фотоволтаици/ветерници | Прва, Трета | Енергетски извори | 1 |
| 6. | ПВЦ амбалажа | Прва, Трета | Население и населби | 1 |
| 7. | Биодиверзитетот во дворот | Прва, Трета | Стопанско значење на растителниот и животинскиот свет | 1 |
| 8. | Видови отпад | Прва, Трета | Населби | 1 |
| 9. | Подигање на свеста на пошироката заедница за управување со отпад | Прва, Трета | Населби | 1 |
| 10. | Локален и национален биодиверзитет | Прва, Трета | Растителен и животински свет | 1 |
| 11. | Влијанието на човекот врз биодиверзитетот | Прва, Трета | Растителен и животински свет | 1 |
| 12. | Видови транспорт | Прва, Трета | Растителен и животински свет | 1 |
| 13. | Влијанието на транспортот врз животната средина | Прва, Трета | Сообраќај | 1 |
| 14. | Подигање на свеста на пошироката заедница за користење здрава храна | Прва, Трета | Земјоделство | 1 |

- Во текот на учебната година како активност поврзана со проектот за међуетничка интеграција за учебната 2022/2023 година во соработка со наставникот Мухамед Беќир беа направени повеќе консултации и размена на информации односно материјали потребни за планирања, тестови и натпревари.
- Со Учениците од трета година беа реализирани повеќе проекти од областа на Екологија. За да бидат спроведени учениците направија свои истаржувања, посети, интервјуа, а на крајот изработија презентации и истите ги презентира пред своите соученици. Период на реализација беше од Април до Јуни.

- Покрај реализираните активности и наставната програма беа одржувани и дополнителни и додатни часови според потребата на учениците.
- На крајот на наставната 2022/2023 година учениците постигнаа успех со вкупен просек во прва и трета година од 4. 30. Ако се направи споредба со успехот на учениците од учебната 2021/2022 година може да се забележи дека има намалување на просекот за 0. 07. Успехот во втора година е повисок за 0.15 во однос на минатата учебна година, додека успехот на трета година е понизок за 0.29 во однос на минатата учебна година. Табела 2.

Постигнат успех на учениците во учебната 2022/2023 и споредба со 2021/2022

| | **Учебна** | **2022/2023** | **Учебна** | **2021/2022** |
|---|---|---|---|---|
| **Втора година** | **Клас** | **Просек** | **Клас** | **Просек** |
| | **Клас** | | **Клас** | **Просек** |
| | II5 | **3. 94** | II7 | 4. 42 |
| | II8 | **4. 18** | II8 | 3. 59 |
| | II9 | **4. 06** | II9 | 3. 72 |
| | **Просек за втора година** | **4. 06** | **Просек за втора година** | **3. 91** |
| **Трета година** | III1 | 4. 44 | III1 | 4. 82 |
| | III6 | 4. 64 | III2 | 4. 77 |
| | / | / | III3 | 4. 71 |
| | / | / | III11 | 5. 00 |
| | **Просек за трета година** | **4. 54** | **Просек за трета година** | **4. 83** |
| **Вкупен просек за прва и трета година** | **Вкупен просек** | **4. 30** | **Вкупен просек** | **4. 37** |

## Извештај за остварени активности на професор Дејан Спасовски

Во учебната 2022/2023 година предметот Географија во I година беше слушан на стандардно ниво, а наставата беше во целост реализирана со физичко присуство. На почетокот на првото полугодие (I година) учениците беа запознаени со програмата по предметот Географија и методите на работа. Се одработуваа темите предвидени по програмата за прва година по следниот редослед:

- Вселена и вселенски тела
- Претставување на Земјината површина на карта

- Литосфера
- Хидросфера
- Атмосфера
- Биосфера
- Население на земјата
- Политичко територијална поделба на светот

Покрај класично предавање, преку зададени задачи и анализа на конкретни случаи поврзани со темите учениците беа насочени кон развивање на вештини и техники за индивидуално истражување, презентации пред класот и заеднички дискусии. За голем дел од наставните единици беа презентирани едукативни видеа. Сите ученици активно се вклучија во наставата и успешно одговараа на зададените задачи. На крајот од наставната година сите ученици добија насоки и идеи за активности за време на распустот. Преку комбинација од теоретски основи и разгледување и анализа на голем број студии поврзани со темите учениците имаа можност детално да се запознаат со проблематиката. Учениците често добиваа индивидуални или групни задачи со цел развивање на способноста за географски истражувања и изнесување на заклучоци и критичко мислење. Наставата беше изведувана во вид на дискусии, демонстрација, анализа, консултации. И во двете паралелки предвидениот број на часови и наставната програма се во целост реализирани.
Средниот успех е 4,12.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА АКТИВОТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ФИЛОЗОФИЈА, СОЦИОЛОГИЈА, ИСТОРИЈА, БИЗНИС И ПРЕТПРИЕМНИШТВО, ЕТИКА, ПЕДАГОГИЈА, ПСИХОЛОГИЈА, ЛОГИКА, ВОВЕД ВО ПРАВО И МЕНАЏМЕНТ

Наставата во текот на учебната година се реализираше согласно Наставниот план. Во периодот што следеше учениците редовно беа запознаени со сите планирани наставни содржини и активности, при што беа редовно следени и соодветно оценети. Наставната програма по сите предмети од овој актив е реализирана според предвидениот план и програма, предложени од Бирото за развој на образованието и донесени од министерот за образование и наука. Реализирањето на додатната и дополнителната настава се реализираше согласно годишната програма на училиштето и во соработка со родителите на учениците кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако имаат најмалку две слаби оценки или имаат слаби резултати по одреден наставен предмет.

Проектните активности се реализираа контиунирано во текот на учебната година според утврден термин од страна предметните наставници според годишното и тематското планирање. Истите беа навремено презентирани и реализирани од страна на учениците.

При реализацијата на наставата се применуваа современи наставни форми и методи кои придонесуваа за активен однос на ученикот во текот на часот, се применуваа и соодветни форми на објективно оценување на учениците согласно правилникот за оценување на постигнувањата на учениците. Примена на ИКТ во наставата и еколошката интеграција, се имплементираше континуирано и преку неа наставниците имаа покреативен пристап кон одржување на часовите.

Наставниците одржуваа континуирано отворени часови преку кои ја презентира својата работа пред другите наставници од различни наставни предмети преку кои разменуваа искуства со истите, а со тоа имаа за цел да се унапреди работата на секој наставник.

Постигнатиот успех по предметни наставници и параралелки во текот на учебната 2022/23 година е следниот.

| Наставник | Предмет | Успех |
|---|---|---|
| Сузана Андреска | Вовед во право | 3. 37 |
| Елеонора Стефановска | Социологија | 5. 00 |
| Цеца Ѓорѓиева | Социологија | 4. 69 |
| Тамара Петреска | Историја | 3. 00 |
| Месут Ибраимов | Историја | |
| Владимир Симоски | Историја | 4. 01 |
| Даниела Арсова | Историја | 4. 47 |
| Ирена Т. Стерјовска | Историја | 3, 87 |
| Делфина Серафимова | Педагогија | 4, 42 |
| Тина Ангелова | Психологија | 4, 91 |
| Весна Црнеска Симоска | Бизнис и претприемништво | 4, 29 |
| Милена Јовеска | Економија<br>Менаџмент | 4, 38<br>4, 18 |
| Кристина Матеска | Менаџмент<br>Бизнис и претприемништво<br>Економија | 4, 13<br>3, 84<br>3, 05 |
| Тања Младеновска | Филозофија изборна<br>Логика<br>Етика | 4, 06<br>3, 81<br>4, 90 |
| Слободанка Галеска | Филозофија задолжителна<br>Логика | 3. 79<br>3, 34 |
| Весна Талеска Узунова | филозофија | 4, 75 |

Со цел подобрување на квалитетот на воспитно образовниот процес наставниците од горе наведениот актив воспоставија соработка со бројни институции преку кои се реализираа работилници, натпревари и обуки за наставниците и учениците.

Вон-наставните активности како значајна компонента на воспитно образовниот процес беа реализирани континуирано и претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје, затоа што овозможуваат развој на линоста на ученикот како и јакнење на неговите социјални вештини. Преку вонnаставните активности, учениците се стекнуваат со способности за успешно справување со предизвиците на современото живеење.

По повод ЕУ Неделата на мобилност, ученици од нашата Гимназија на 20 септември присуствуваа на екофилмска проекција со професорката Весна Црнеска Симовска.





Во рамките на одбележувањето на јубилејот 30 години монетарна самостојност, ученици од нашата Гимназија со одговорниот професор Весна Црнеска Симовска ја посетија Народната банка на Република Северна Македонија и присуствуваа на едукацијата за Платежни инструменти - Современи начини на плаќање и посета на Музејот на Народна банка и музејска едукација.




Професорката Весна Црнеска Симовска од нашата Гимназија, како дел од Junior Achievement Macedonia, учествуваше на Конференцијата за наставници која се одржа од 9 до 11 октомври во Врњачка Бања. Конференцијата беше одлична можност за размена на искуства од областа на претприемничкото образование, како и споделување добри практики и новини од земјите учеснички.




На 14 и 15 ноември се одржа „Камп на иновации во организација“ на Junior Achievement Macedonia на кој учествуваа и ученици од нашата Гимназија под менторство на проф. Весна Црнеска Симовска. При што учениците се вратија со освоени награди.




Во месец ноември, ученици од нашата Гимназија, под менторство на проф. Весна Црнеска Симовска, присуствуваа на Конференција: „Игрификација-можност или пречка во образованието?“ во конференциската сала во „Јавна соба“ во Скопје.
Во натпреварувачкиот дел ученикот Дамјан Пешев освои прво место, а ученикот Константин Гаштаров трето место.




Ученици од нашето училиште заедно со професорката Даниела Арсова, го посетија Секторот за итни повици Е-112 при Центарот за управување со кризи. Целта на посетата беше запознавање и едукација на учениците со Системот за повикување на единствениот европски број за итни повици Е-112. Едукацијата ја спроведоа државниот советник за развој и координација на Системот за управување со кризи, Гордана Наумовска и Јордан Арсов, советник за контрола на квалитет. Исто така учениците го посетија и одделението во коешто се реализираат повиците на единствениот европски број за итни повици Е-112 и можеа да видат како се примаат и управуваат итни повици.




Ученици од нашата Гимназија оствариja средба со претседателот на државата, Стево Пендаровски. Одговорен наставник Сузана Андреска




Група ученици од ОХА подрачје под менторство на проф. Сузана Андреска реализираа посета на Собранието на Р. С. Македонија. Тие имаа можност да ги разгледаат најрепрезентативните простории на Собранието во придружба на Соња Стаменковска (Советник историчар во оваа институција) и да се запознаат со организацијата и функционирањето на оваа институција.




Ученици од III година, под менторство на проф. Сузана Андреска, учествуваа во дебата, дијалог и практични вежби на семинарот на тема „Демократијата и Собранието“, организиран од страна на Парламентарниот институт во Собранието на РС Македонија.




На 24. 02. 2023 година (петок) во Золошката градина учениците членови на училишниот ВИКИ КЛУБ, под менторсво на професорката Ирена Трајковска Стерјовска учествуваа на -Уредувачки маратон со наслов „Пишуваме статии за дивите животни“ напишаа 15 нови статии и веднаш ги објавија на Википедијата на македонски јазик. Настанот се одвиваше во прекрасна атмосфера збогатен со корисна едуко прошетка на учениците низ неколку живеалишта во нашата ЗОО, каде едукаторот Александар Глигоров им раскажа многу интересни детали пред живеалиштата на капуцинерите, мечките, жирафите, белите волци, нилскиот коњ.





Во периодот од 01 март 2023 до 31 март 2023. Учениците од Вики клубот под ментортво на професорката Ирена Трајковска Стерјовска учествуваа во Проектот Запознајте ја Италија во соработка со Здружението ГЛАМ Македонија поддржан од Амбасадата на Италија во Скопје.

На 21.05 во Кинотека на Македонија имаше свечено доделување на награди и дипломи за победниците од едномесечните уредувачки предизвици ‘’Запознај ја Италија’’ и ‘’Во Фокусот Италија’’ во кои учествуваа членови од Вики клубовите во Македонија и студентите од италијанската катедра на Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје. Настанот беше во состав на недела на италијанскиот филм, кој се одржуваше во Кинотека во Скопје. На последниот ден од филмскиот фестивал 21 мај, амбасадорот на Италија, Андреа Силвестри свечено и ја додели наградата на нашата ученичка Емилија Добрева од I-9 под менторство на професорката Ирена Трајковска Стерјовска. Целта на уредувачките предизвици беше да се намали недостатокот на статии со италијански теми за музика и филм, култура, историја, познати личности од Италија на Википедија на македонски јазик.



На 22.03.2023 година се одржа предавање по повод 80 години од депортацијата на Македонските Евреи од Скопје кон логорот Треблинка каде што зборуваа учениците од четврта година под менторство на проф. Владимир Симоски.



Ученици од нашта гимназија беа во посета на Државниот архив, се едуцираа и го увидоа значењето на архивот и неговото место во општеството. Го посетија и Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите и ја разгледаа постојаната поставка. Одговорни професори: Тамара Петреска и Ирена Т. Стерјовска





Во период од 16 до 19 мај професорката Даниела Арсова беше учесник на семинар од Еразмус+ програмата на тема „Почитување на различноста – Инклузија во меѓународните проекти“ организиран од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во Прага, Република Чешка. На семинарот беа претставени презентации на чешки наставници, размена на искуства и работилници за изработка на Еразмус+ нацрт проекти



Во рамките на Еразмус + проектот „Здрави чекори кон дигитализација“, од 29 мај до 02 јуни 2023 г. , се одржа втората мобилност во Лубско, Полска, на која учествуваа професорите од активот Ирена Трајковска Стерјовска и Владимир Симоски, како и професори од партнерските училишта од Италија, Турција и Полска. Учесниците презентираа и дискутираа за опасностите од зависности од дигитални уреди, за сајбербулинг и за начини на спречување на истите.





Професорката по историја Даниела Арсова и професорката по македонски јазик и литература Емилија Величкова зедоа учество во РИКО проект со наслов "Тадиционалните вредности не познаваат граници" и склопија соработка со француско училиште од Тирана, Р.Албанија. За целите на проектот професорките беа во посета на училиштето во Тирана, Р.Албанија со 12 ученици од нашето училиште во периодот од 21 - 27 мај 2023 година за исполнување на активностите за целите на проектот.





Во Europe House Skopje на иницијатива на СУГС Гимназија Јосип Броз Тито Скопје и проф. Владимир Симоски се одржа дебата на темата „Евроскептицизмот кај младите“ заедно со учениците од Гимназијата Зефљуш Марку и NOVA International Schools на која присуствуваше и евроамбасадорот Дејвид Гир.





# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВИТЕ ПО МАТЕМАТИКА, ФИЗИКА И ИНФОРМАТИКА

## Извештај од работата на стручниот актив по предметот по математика

Активот по математика го сочинуваат професорите:

- Катерина Божиновска-Поповска,
- Ирена Таневска,
- Зоран Георгиев,
- Весна Ивановска,
- Филиз Спахи-Чаневска,
- Лидија Филиповска,
- Драган Данев,
- Билјана Николовска и
- Ана Проданова Милевска.

Активот по математика во септември изготви програма за дополнителна и додатна настава за учениците за сите години. Се подготвуваа материјали во електронска и печатена форма со цел успешно спроведување на наставата.

### Споредба на просечен успех на стручниот актив по предметот математика во учебната 2021/22 и учебната 2022/23

| Професори по математика | учебна 2021/2022 | учебна 2022/2023 |
|---|---|---|
| **Катерина Божиновска-Поповска** | 4, 33 | 4, 29 |
| **Ирена Таневска** | 3, 30 | 3, 08 |
| **Зоран Георгиев** | 4, 43 | 4, 55 |
| **Весна Ивановска** | 3, 06 | 3, 51 |
| **Филиз Спахи -Чаневска** | 3, 37 | 3, 13 |
| **Лидија Филиповска** | 3, 42 | 3, 52 |
| **Драган Данев** | 3, 34 | 3, 41 |
| **Билјана Николовска** | 3, 49 | 4, 02 |
| **Ана Проданова Милевска** | 3, 12 | 3, 13 |

## Извештај од работата на стручниот актив по предметот по физика

Активот по физика го сочинуваат професорите:

- Василевска Виолета
- Наташа Максимова
- Снежана Бојчин
- Грозданка Саздова

Активот по физика изготви програма за дополнителна и додатна настава за учениците за сите години и се истакнаа термини за дополнителна и додатна настава и за соработка со родителите.

Заеднички подготвивме тестови по физика за трите први години. Тестовите беа подготвени со цел да се види колку ученикот го совладал изучениот материјал и колкав дел од него може да го примени во пракса.

Во оваа учебна 2022/2023 година беа реализирани воншколски активности со учениците по повод Еразмус денови во периодот од 15.09.2022 до 16.09.2022 год. Во тек на месец ноември и декември беа спроведени активност поврзани со потребите на матурантите: избор на тема на проектна матурска задача по предметот физика и консултации со предметните професори за можностите за избраната тема. Етапно беа спроведени консултации за одбраните матурски задачи со учениците од четврта година. Во периодот јануари-март се подготвуваа прашањата за интерната матура по предметот физика. Во април се одржа одбрана на проектните матурски задачи по предметот физика. Во јуни се одржа подготвителна настава за успешно реализирање на интерен испит по предметот физика.

### Споредба на просечен успех на стручниот актив по предметот по физика во учебната 2021/22 и учебната 2022/23

| Професори по Физика | учебна 2021/2022 | учебна 2022/2023 |
|---|---|---|
| **Виолета Василевска** | 4,16 | 3,84 |
| **Наташа Максимова** | 3,29 | 3,52 |
| **Снежана Бојчин** | 3,82 | 3,66 |
| **Грозданка Саздова** | 4,24 | 3,46 |

## Извештај од работата на стручниот актив по предметот информатика

Активот по информатика го сочинуваат професорите:

- Анкица Наумовска,
- Оливер Николајевиќ,
- Семра Шерифовска Камил
- Анета Димовски
- Билјана Камчева Стаменковиќ

Врз основа на програмата од БРО се изготвени годишни и тематски планирања за I, II, III и IV година за редовните и изборни предмети.

Активот по информатика изготви програма за дополнителна и додатна настава за учениците за сите години и предмети, и истите се истакнати со термини за дополнителна и додатна настава.

Креирани се многу различни тестови и квизови, како и презентации за наставните содржини. Сите прашања, задачи и квизови се изработени според критериумите за оценување дадени од БРО.

Во април се одржа одбрана на проектните матурски задачи по предметот информатика. Во јуни се одржа подготвителна настава за успешно реализирање на интерен испит по предметот информатика.

- Анета Димовски учествуваше во спроведувањето на Општинскиот и Регионалниот натпревар по биологија за средно образование и се стекна со сертификати.
- Анета Димовски и Семра Шерифовска Ќамил се пар наставници кои се вклучени во МИО проектот на Град Скопје и 50% од наставата по предметот Информатичка технологија во втора година, ја одржаа заеднички со комбинирани часови.
- Анета Димовски како ментор и професор кој одржува часови во МИО, заедно со ученици од паралелките на македонски и од паралелките на турски наставен јазик, изработија десетина промотивни видеа за училиштето.
- Реализирани се сите планирани наставни содржини и активности предвидени за учебната 2022/2023 година.
- Анета Димовски и Анкица Наумоска учествуваа на Интернационалниот натпревар „Дабар“.
- Анета Димовски ја изработи Годишната програма и Извештајот за работа на училиштето, и ги достави до Град Скопје
- Анкица Наумоска учествуваше на Натпревар за Роботика, електроника и вештачка интелигенција, ROBOMAC Junior 2022, FEIT Skopje.
    - ✓ Категорија1: Паметна електроника за автономни возила, Марко Мицевски, 3 место-бронзен медал.
    - ✓ Категорија2. Автономна мобилна роботика, Ева Митевска, 4 место.






- Анкица Наумоска учествуваше на 7. по ред Национален натпревар за Microsoft Office Specialist и Adobe Certified Professional, во организација на Град Скопје и Certiadra.
    - ✓ Прво место - Дамјан Димовски, ACA-PhotoShop и учесво на Светскиот натпревар во Флорида, САД.
    - ✓ Второ место – Виктор Георгиевски, ACA-InDesign.
    - ✓ Трето место – Никола Маринковиќ, ACA-PhotoShop. Во финалистите беше и Лука Зотовиќ, ACA-PhotoShop.
    - ✓ 16 ученици положија испит MOS или ACA и се сертифицираа со дипломи од Microsoft или Adobe.







Споредба на просечен успех на стручниот актив по предметот по информатика во учебната 2021/22 и учебната 2022/23

| **Професори по информатика** | **учебна 2021/2022** | **учебна 2022/2023** |
|---|---|---|
| **Анкица Наумовска** | 4, 54 | 4, 23 |
| **Оливер Николајевиќ** | 3, 58 | 3, 35 |
| **Семра Шерифовска Камил** | 4, 49 | 3, 60 |
| **Анета Димовски** | 4, 81 | 4, 88 |

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АКТИВОТ ПО СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ, ЛИКОВНА И МУЗИЧКА АКТИВНОСТ

## Спорт и спортски активности

Реализирани се сите планирани активности и содржини

- Гоце Ѓорѓиоски – 4, 95
- Руска Андреска – 5, 00
- Орхан Абди – 4, 92
- Владимир Бишкоски – 5, 00
- Слободан Јосифовски – 4, 96
- Маја Малцева – 5, 00

Реализирани се поголем број активности во учебната 2022/2023

### Професор Гоце Ѓорѓиоски

- Во октомври, ноември и декември учество на градското првенство во Одбојка-машки
- Во март и април учество во регионалната лига каде го освоивме првото место и со тоа изборивме пласман на завршниот Фајнал фор турнир во месец април на кој освоивме I место а со тоа и пласман на државното првенство кое се одржа во Струмица каде освоивме второ место.





- Во октомври, ноември и декември учество на градското првенство во Кошарка – женски



- На 16 Мај учество на Државно првенство во Атлетика во Куманово, каде освоивме сребрен медал во дисциплината во штафета 4 x 100 метри и сребрен медал во дисциплината фрлање ѓуле.




- Од 12-17 јуни со женската Кошаркарска екипа заедно со професорката Руска Андреска учествувавме на Европското првенство за средношколци кое се одржа во Скопје во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија а подржана од Европската федерација за училишен спорт (ESSF) на кое го освоивме четвртото место.




### Професор Владимир Бишкоски

- Во октомври, ноември и декември учество на градското првенство во Одбојка-жени
- Во март и април учество во регионалната лига во Одбојка-жени каде го освоивме првото место и со тоа изборивме пласман на завршниот Фајнал фор турнир во месец мај на кој освоивме III место.




Професор Руска Андреска

- Во октомври, ноември и декември учество на градското првенство во Фудбал – мажи
- Во март и април учество во регионалната лига во Фудбал-мажи каде го освоивме првото место и со тоа изборивме пласман на завршниот Фајнал фор турнир во месец април на кој освоивме II место



- Во октомври, ноември и декември учество на градското првенство во Кошарка-мажи
- Во март и април учество во регионалната лига во Кошарка-мажи каде го освоивме првото место и со тоа изборивме пласман на завршниот Фајнал фор турнир во месец мај на кој освоивме II место



- Учество на Меморијален турнир во СУГС „Панче Арсовски“ каде го освоивме првото место.

## Музичка уметност

Во учебната 2022/2023 година наставата по музичка уметност се одвиваше по редовна програма, со однапред утврдени планови и програми кои беа изработени и предадени пред почетокот на учебната година, а во согласност со настсвни планови и програми изготвени од Бирото за развој на образиванието, со редовното планирање на тематските целини како и дневно планирање на наставата.

По музичка уметност во наставата се користат учебниците „Музичка уметност“ за прва и втора година од авторите Анкица Витанова и Силвана Гелевска, како и „Музичка уметност“ за трета и четврта година од авторот Сузана Тнокова Кузмановска.

За потребите на послабите ученици во текот на првото и второто полугодие се одржуваа дополнителни часови, кои што се уредно заведени во дневниците. Исто така одржана е и додатна настава за талентираните ученици по овој предмет.

Професор Силвана Гелевска предава во 10 паралелки од втора година и среден успех е 4,70.

Во текот на оваа учебна година се одржани и неколу отворени часови во паралелките II-10, II-4 и II-8.

Професор Јорданче Панов предава во 16 паралелки прва, втора, трета и четврта година и среден успех е 5,00.

Предметниот наставник во текот на учебната година работеше на подготовка на училишниот бенд кој се состои од три инструменталисти (две гитари и клавир) и пет вокали. Бендот под менторство на предметниот наставник зема учество во сите манифестации кои ги организира и во кои учествува нашето училиште.

На 2.05.2023 година училишниот бенд под менторство на предметниот професор учествуваше на средношколскиот настан „Средноленд“ со настап на Плоштад Македонија.



На 6.05.2023 година во рамки на „Средноленд" училишниот бенд со проф. Јорданче Панов имаше настап во Градскиот Парк.

Професор: Силвана Гелевска и Јорданче Панов

## Ликовна уметност

Професори: Ангелина Дамјаноска Наумоска, Кристина Битрак Киревски, Гоце Симоновски, Лејла Халим.

Во учебната 2022/2023 година наставата се одвиваше по однапред утврдените годишни планови и програми, кои беа изработени и предадени пред почетокот на учебната година а во согласност со наставните програми изготвени од Бирото за развој на образованието. Реализирани се сите планирани содржини и активности.

Матурски проектни задачи по ликовна уметност пишуваа и успешно одбранија 12 ученици.

Среден успех по ликовна уметност на крајот од годината:

- Ангелина Дамјаноска Наумоска - среден успех во паралелките 4.78
- Кристина Битрак Киревски – среден успех во паралелките 4.85
- Гоце Симоновски – среден успех во паралелките 4.91
- Лејла Халим – среден успех во паралелките 4.66

Во учебната 2022/2023 г. реализирани се поголем број активности во училиштето и надвор од него:

- На 18.10.2022 – учениците од III13 беа во посета на изложбата на Шејла Камериќ во Чифте Амам – Национална Галерија.






- На 3.11.2022 г. учениците од III13 беа во посета на ретроспективната изложбата на портрети на скулптор Илија Аџиевски, во Националната Галерија на Македонија – објект Даут Пашин Амам.
- Во септември и октомври 6 ученици од III13 и IV14 учествуваа на работилницата за цијанотипија и арттерапија – во организација на Културен Центар Јадро. Изложбата во нашето училиште беше поставена од 26.10 до 8.11.2022 г.











- Во ноември и декември 2022 г. учениците од трета година од паралелката со Меѓународна матура учествуваа во проектот за социјална инклузија на Национална Галерија, заедно со учениците од училиштето за деца со оштетен слух „Партенија Зографски“. Учениците направија цртежи и скулптури кои во декември беа изложени во Чифте Амам.
- 3.12.2022 – со 3 ученички од IV14, II1 и II2 учество на модната ревија на модели изработени од отпадни материјали на прославата по повод 30 години партнерство УСАИД – Македонија во Младинскиот Културен Центар.






- 14. 12. 2022 – со IV14 – во рамки на завршната екскурзија беше реализирана посета на музејот Албертинум (музеј за модерна уметност) во Дрезден.






- Во март во Дом на култура „Кочо Рацин„ беше организирана 26тата изложба по визуелни уметности на учениците од четврта година од паралелката од програмата со Меѓународна Матура.






- Ангелина Дамјаноска Наумоска учествуваше на четвртата ЛТТ активност од Еразмус+ проектот „Нашиот живот во наши раце“ која се реализираше во периодот од 20.3. до 24.3.2023 година во Партинико, Сицилија.




- Менторство на учениците за изработка на слики, фотографии и документарен филм за фестивалот Средноленд кој се одржа од 2-6 мај 2023 во организација на Универзална Сала и Град Скопје.










- Ангелина Дамјаноска Наумоска учествуваше во организација на петтата ЛТТ активност од Еразмус+ проектот „Нашиот живот во наши раце“ која се реализираше во периодот од 24.4.2023 до 28.4.2023 година, а на која домаќин беше нашето училиште.





- Во мај 2023 учениците од Меѓународна матура го посетија Факултетот за ликовни уметности (графички и сликарски оддел во Сули Ан) и се запознаа со некои од поважните техники.
- На 12.5.2023 г. во нашето училиште, во организација на Амбасадата на Р. Грција во Скопје, се одржа работилница на грчкиот уметник Атанасиос Кацарас за античкото грчко вазно сликарство.





- Ангелина Дамјаноска Наумоска учествуваше на втората ЛТТ активност од Еразмус+ проектот „Здрави чекори за дигитализација“ која се реализираше во периодот од 29. 5. до 2. 6. 2023 година во Лубско, Полска.





## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ЕРАЗМУС+ ТИМ

За поддржување и продлабочување на процесот на интернационализација на наставата во СУГС Гимназија „Јосип Броз-Тито“, а со цел подготвување на нашите ученици за предизвиците на модерното општество, училишниот Еразмус+ тим за учебната 2022/2023 год. ги предвиде и ги реализираше активностите во рамките на одобрените проекти:

- „Нашиот живот во наши раце“ (“Our Life in Our Hands“) во рамките на акцијата К229 - Стратешки партнерства за училишна размена.
- „Обновливи извори на енергија“ (“Renew Energy“) во рамките на акцијата К229 - Стратешки партнерства за училишна размена.
- „Здрави чекори за дигитализација“ (“Healthy Steps To Digitalization“) во рамките на КА210 – Мали партнерства во училишното образование.

Во рамките на Еразмус+ програмата, КА 229 - Стратегиски партнерства за училишни размени, во периодот 2020/2022 год. се реализираше проектот „Обновливи извори на енергија“ (“Renew Energy“), кој истовремено се реализираше и како еТвининг проект.

**Во месец август 2022 година** во рамките на активностите за дисеминација се одржа завршна манифестација на која беа поканети наставници од други основни и средни училишта, претставници од град Скопје, МОН, БРО, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, организациите и поединците кои ни помогнаа во реализацијата на проектот. На присутните се обратија директорката, г-ѓа Силвана Кржовска и претставникот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, г. Мартин Ристов. Пред присутните гости како и наставниците и учениците од нашето училиште преку Power Point презентација беа претставени целите и резултатите на проектот, разновидните активности преку кои беа реализирани темите на секоја од мобилностите како и продуктитенапроектот. Истовремено на настанот беше претставена и изработената брошура за проектот. На институциите, организациите и поединците кои сесрдно ни помогнаа во реализацијата на проектот им врачивме благодарници.







**Во месец септември 2022 година** беа одржани активности на дисеминација на проектот пред учениците од нашето училиштето. Професорките вклучени во проектот понепосредно го претставија проектот и неговите резултати на десет часа пред повеќе од триста ученици од нашето училиште.

По завршувањето на периодот на реализација на проектот (4.10.2022 год.) во месец ноември 2022 година беше поднесен извештајот за реализација на проектот од страна на координаторот на проектот – Училиштето за науки ТОББ Полатли, од Турција откако претходно нашето училиште и сите други партнерски училишта го пополнија својот дел од извештајот на платформата Mobility Tool+.

На мапата на училиштата кои се вклучија во одбележување на Еразмус деновите, 13 и 14 октомври, се запиша и нашето училиште. Членови на проектниот тим на проектот „Обновливи извори на енергија“ спроведоа СТЕМ активности под наслов „Ајде да правиме еколошки горива“.

https://www. erasmusdays. eu/event/lets-make-environmentally-friendly-fuels









Во рамките на Еразмус+ програмата, КА229 - Стратегиски партнерства за училишни размени, во нашето училиште се реализира и проектот „Нашиот живот во наши раце“, кој истовремено се реализира и како еТвининг проект.

Поради ситуацијата со Ковид 19 периодот на спроведување на проектот е продолжен, односно проектот започна да се реализира од 01. 9. 2020, а крајниот рок за реализација од проектната апликација 31.8.2022 г. по одобрување на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е заменет со 31.8.2022 г. , така што наместо 24 проектот ќе трае 36 месеци.

Целите на проектот се: да ги направи младите свесни за фактот дека нивното однесување влијае врз квалитетот на животот на идните генерации; да усвојат вештини за рационален, штедлив живот заснован на стари, проверени методи на генерациите на нашите баби и дедовци, на културните традиции на секоја земја партнер, како и подобрување на шансите за успех на маргинализираните социјални групи; да научат како да се справат со тешкотиите благодарение на мудроста на претходните генерации, да им помагаат на другите, да ги рециклираат старите работи и да отстапат од прекумерна потрошувачка во корист на повредни цели.

На 13 септември се одржа видеоконференција за координаторите на проектот на која се разгледаа и дефинираа задачите предвидени за ЛТТ активноста што треба да се одржи на Крит, Грција.

Од 5 до 7 октомври, како подготовка за работилниците за изработка на корисни и украсни предмети со реупотреба на текстил во рамките на Еразмус деновите (13 и 14 октомври 2022 годин) проектниот тим во училиштето организираше собирна акција за производи од текстил. На акцијарта се

приклучија и вработените од осигурителната компанија МАКЕДОНИЈА осигурување-Виена Иншуренс Груп.






Во рамките на одбележувањето на Еразмус деновите, 13 и 14 октомври проектниот тим ги реализираше следните активности: 1. Изложба на еколошки производи за хигиена направени во домашни услови и и видео презентација за процесот на нивната изработка; 2. Работилница за изработка на корисни и украсни предмети со реупотреба на текстил и други материјали, во соработка со МАКЕДОНИЈА осигурување Виена Иншуренс Груп и Здружението за култура и уметност КОЛЕКТИВ ВЕТЕРНИЦА.

http://www. erasmusdays. eu/event/erasmus-days-at-sugs-gimnazija-josip-broz-tito




Во периодот **од 24 до 28 октомври** дел од учениците и наставниците од проектниот тим учествуваа на третата мобилност со наслов „Во театарот на животот“ која се реализираше во училиштето „Доминикос Теотокопулос“ во Гази, Крит. На мобилноста учествуваа и ученици и наставници од партнерските училишта од Полска, Романија и Италија.





Во рамките на мобилноста беше претставен дел од културното наследство на нашата земја, а потоа учениците, преку театарските работилници

во кои учествуваа, ги искажаа своите ставови на загриженост за состојбата на природата на нашата планета. Исто така, согледувајќи дека исклучувањето и дискриминацијата од секој вид сѐ уште повредува илјадници луѓе во светот, ја нагласија важноста на емпатијата. Се запознаа со алатката Weebly и со процесот на изработка на личен вебсајт и блог и ги прикажаа своите видеа со изработки на еколошки производи и средства за хигиена. Истовремено ја согледавме мудроста на нашите предци и важноста на нивните совети и навики со цел да живееме во склад со природата.

Преку посетата на значајни локалитети како Кносос, Хераклион, островот Спиналонга, селото Аролитос имавме можност да се запознаеме со богатата историја и култура на Крит.








На **13 декември** во нашето училиште беа спроведени активности за дисеминација на мобилноста во Грција. Преку презентација беа пренесени впечатоци за одлично организираната мобилност во која научивме за тоа како да бидеме активни носители на позитивни промени во нашиот живот. Воедно беше претставен и начинот на креирање веб-страница и блог преку Weebly.





На **19 декември** учесниците на активностите на ЛТТ во Грција со ученици од нашето училиште спроведоа активности за дисеминација на разновидните, забавни и добро осмислени театарски работилници на кои имаа можност да учествуваат. Учесниците на театарската работилница имаа можност директно

да ги искусат и доживеат театарските вежби кои беа научени за време на мобилноста во Грција.





Во текот на **февруари и март** се реализираше подготовката на театарската претстава „Нашиот живот во наши раце“ врз текст напишан од ученичката Дела Додевска.





Во периодот од **20 до 24 март** се одржа четвртата мобилност со наслов „Дигиталното лице на проектот“, која се реализираше во Партинико, Сицилија. Во неа учествуваа дел од учениците и наставниците од проектниот тим. На мобилноста учествуваа и ученици и наставници од партнерските училишта од Полска, Романија и Грција. Во рамките на мобилноста учениците од сите земји се претставија со еколошки претстави во кои се претставени климатските промени, нивните последици, како и главните идеи на проектот. Учесниците учествуваа во дигитални работилници, квизови и натпревари, еколошка акција на плажата во Терасини и остварија средби со градоначалниците на Терасини и Партинико.





Преку посетата на Агриџенто, Капо Рома, Скала Деи Турки, Палермо и други природни и културни знаменитости учесниците имаа можност да се запознаат со огромното културно и природно богатство на Сицилија. Учениците ги документираа теренските активности користејќи ИКТ алатки, обрнувајќи внимание на културната вредност на местото и убавината на сицилијанската

природа. Собраните фотографии и видеа се основа врз која учениците отпочнаа со изработка на туристички рути.








По мобилноста учениците учесници ги споделија своите искуства со учениците од нашето училиште.




Во периодот од 24 до 28 април во нашата земја се реализираше петтата, последна, мобилност со наслов „Економично менаџирање со ресурсите“. Наши гости беа ученици и наставници од партнерските училишта од Полска, Романија и Италија. Преку презентации за занаети низ кои се гледа принципот на реупотреба или економичност, е-книгата: „Од готвачот на моето семејство“ и работилницата за изработка на економични јадења со поддршка од организацијата Slow food, разменивме искуства и научивме за добрите практики за одржлив развој и циркуларна економија. Преку работилниците за старите занает за шиење, плетење, ткаење, сукање на традиционален зелник, к'цање на сол, резбање, подготовка на компот, изработка на декоративни предмети, во рамките на активноста „Прстите на баба ми-нешто од ништо“, реализирани со помош на учениците и наставниците од СОУ „Митко Пенџуклиски“ од Кратово, учесниците имаа можност да осознаат како со практикувањето на овие вештини може да се реупоребат или рецилкираат старите нешта. Со помош на нашиот гостин, Марјан Ицоски од НВО „АРНО“, се запознавме со успешни „Зелени бизниси“ во Македонија, а по дебата резимиравме „Што знаевме и што научивме“.











Со посетата на Старата скопска чаршија, црквите „Св. Софија“, „Св. Богородица Перивлептос“, „Св. Пантелејмон“ и „Св. Јован Канео“, работилницата за охридски бисери „Филеви“, охридската чаршија, кањонот Матка, на Кратово и природната реткост Куклица, нашите гости се запознаа со дел од историското, културното и природното богатство на нашата земја.








Членовите на проектниот тим на 22. и 23. 05. 2023 год. пред учениците и наставниците од ООУ „Вера Јоциќ“ и ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ ја одиграа претставата „Нашиот живот во наши раце“. Претставата беше провокација за дебата за степенот на познавање и практикување на концептите за селектирање, рециклирање и реупотреба која заврши со квиз/игра за проверка на наученото.





На 9 јуни се одржа фестивалот „Нашиот живот во наши раце. Учениците имаа можност да учествуваат во работилници за дизајн и изработка на облека и накит по пат на реупотреба и да креираат уметнички дела со користење на отпад како материјал. Беа презентирани корисни и интересни информации за географските, културните, историските и природните богатства на земјите на нашите партнер училишта од Полска, Романија, Италија и Грција. Член на Здружението на лекари специјализанти, учесник во Еразмус+ проектот „Обединети за здравје“, на учениците им сподели совети за здрави животни навики (здрави рецепти, фитнес видеа и планови за исхрана соодветни за лицата нетолерантни на одредена храна).

На базарот се разменуваше облека, накит и книги, а настанот заврши со засадување нови садници за наша позелена и почиста иднина.








На **12.6.2023 год.** нашите ученици го поддржаа „Донаторски кружок“ во организацијата Здружението на граѓани „Конект“. Оваа година средствата беа наменети за иницијативи за социјално претприемништво: Equality, Ekovita и Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес.





Во текот на првото полугодие отпочнаа подготвителните активности за реализација на Еразмус+ проектот „Здрави чекори за дигитализација“ (“Healthy Steps To Digitalization“). Овој проект има за цел да ја подигне свеста кај нашите млади, нивните семејства и целото општество за новите технолошки болести предизвикани од прекумерна употреба на технолошките уреди. Во овој проект партнери со нашето училиште се училиштата од: Полска (Тим на општообразовни и економски училишта) - координатори на проектот, Турција (Гимназија Бергамали Кадри Анатолски Имам Хатип) и НВО од Италија (Здружение „Кизил Елма АПС“). Полското училиште координатор ги испрати договорите до партнерските училишта со задоцнување (во октомври), па договорите беа целосно потпишани на почетокот на Декември 2022. На онлајн состанокот кој се одржа на 23.11.2022 беше потврдено дека ќе се одржат 4 размени на професори во Полска, Турција, Италија и Македонија. Според проектната апликација, членови на проектот се: Директорката Силвана Кржовска, Ангелина Дамјаноска-Наумоска – координатор на проектот, Вера Бојкикева, Анкица Наумовска и Јасминка Видевска. Но поради потребата од вклучување на повеќе членови во тимот, беше направен јавен повик и во проектниот тим се приклучија и Емилија Величкова, Снежана Бојчин, Кристина Атанасова и Ирена Трајковска–Стерјовска. Беше договорено останатите заинтересирани професори (Владимир Симоски, Грозданка Саздова и Љама Семиха доколку биде потребно да бидат ангажирани дополнително). Професорката Вера Бојкикева одлучи да се повлече од тимот за овој проект поради презафатеност и обврски во другите проекти во училиштето.

На 16.02.2023 г. беше одржан одржан уште еден онлајн состанок за подготовка на мобилноста во Италија, а поради потреба од побрза комуникација беше формирана и група на апликацијата WhatsApp. На состанокот полскиот координатор кажа дека нивната Национална агенција дозволила продолжување на проектот за една година и со тоа сите мобилности ќе може да се реализираат според саканата динамика.





Од 27.02 – 05.03.2023 г. беше реализирана првата мобилност во Спинеа, Италија со тема „Дигитална трансформација, образование, млади и дигитална Европа - Компас на ЕУ 2030“.

Пред мобилноста секоја земја учесник во проектот подготви презентации и видеа за претставување на својата земјата, градот и училиштето или НВО. Истите беа презентирани на самиот почеток од семинарот, со цел за подобро меѓусебно запознавање.

Исто така пред мобилноста учесниците подготвија по три логоа за проектот кои беа поставени на гласање на апликацијата What’s up. За лого на проектот по пат на гласање е одбрано логото на нашиот ученик Матеј Лозаноски.

HEALTHY STEPS TO DIGITALIZATION

Мобилноста продолжи со форум на тема „Ефектите на дигиталната ера врз физичкото и менталното здравје на младите луѓе“ на која учесниците земаа активно учество со дискусиии на темата. Сите земји учеснички зедоа учество и во културната вечер.








Беа организирани работни сесии за физичките и менталните болести предизвикани од употреба на технолошки помагала, симптоми, причини, борба и методи на лекување на болестите. Учесниците во групи изработија презентации на истите теми и беше поттикната дискусија на истите текот на презентирањето. Во текот на мобилноста беа посетени и културно - историските

знаменитости на Венеција и Верона. На 14.03.2023 год. учесниците на мобилноста направија дисеминација за членовите на проектот на онлајн состанок.

Од 29. 05 – 02. 06. 2023 год. се одржа втората мобилност во Лубско, Полска, со тема „Методи на лекување на новите технолошки болести: сајбер булинг и заштита на личните податоци на Интернет“. Пред мобилноста, учесниците подготвија презентација на тема „Сајбербулинг во Светот, Македонија и нашето училиште и мерки за спречување на истото“.





На мобилноста учесниците ги презентираа искуствата со технолошките болести кај младите и состојбата со сајбер булингот во нивните земји како и начините на кои се лекуваат/спречуваат истите. По секоја презентација со конкретни примери од земјите учеснички, следеше дискусија во која се истакнуваа добрите и лошите страни на дигитализацијата. Учесниците следеа и предавање на тема „Дигиталните опасности за младите“ со препораки за нивно спречување. Беше реализирана и дебата со ученици од полското училиште на истата тема.



Учесниците на мобилноста имаа можност да го разгледаат училиштето домаќин а во текот на мобилноста беа посетени и културно - историските знаменитости на Лубско и околните места. Беше посетен и специјалниот центар за едукација во Лубско.

Во текот на јуни, учесниците на мобилноста направија дисеминација на мобилноста пред заинтересираните професори од училиштето, а се очекува да

се направи дисеминација и развие дебата со вклучување на нашите ученици на почетокот на учебната 2023/2024 год.

Во периодот од 18-20 мај 2023 год., професорката Емилија Величкова учествуваше на еТвининг семинар со наслов: „Иновација во средното образование“, во Братислава, Словачка. На семинарот учесниците преку практични примери имаа можност да научат како се создава еТвининг проект, за начинот на кој се создаваат партнерства, пребарување лица за контакт, склопување партнерства. Со претставниците од земјите кои имаа заеднички теми на интерес (Словенија и Босна и Херцеговина) до завршување на семинарот беше изработена верзија на проект со наслов „Последиците од масивната текстилна индустрија“ и проектот беше поставен на платформата.

На **30 мај 2023 год**. беше одржана дисеминација на дел од вработените во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“. Емилија Величкова ги запозна колегите со знаењето кое го стекна при посетата на семинарот и придобивките од истото. Присутните колеги имаа можност да се запознаат со еТвининг платформата.








За учеството и работата во еТвининг проектите нашето училиште е наградено со ознаката eTwinning училиште за 2023 - 2024 со што стана дел од семејството на успешни eTwinning училишта во Европа. Професорките Вера Бојкикева, Јасминка Видевска и Емилија Величкова за успешната работа на проектот„eTwinkling stars: shining together“, по Националната ознака за квалитет во 2022 год. се здобија со еТвининг европската ознака за квалитет.















# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ МИО (МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО) И ЈАЗИКОТ НА МОЈОТ ДРУГАР НА ГРАД СКОПЈЕ

СУГС Гимназија „Јосип Броз – Тито“ - Скопје е мултикултурно училиште како што и нашата држава претставува едно мултиетничко и мултикултурно општество, со традиција на заедничко живеење на повеќе култури на нејзиниот простор. Со цел да се создаде воспитно--образовен амбиент во кој се негуваат интеркултурни односи и интеграциски процеси, и во кој се промовираат културните различности и нивното премостување, во нашето училиште се преземаат разнородни активности.

Реализацијата на проектот е насочена кон активности кои го потикнуваат и унапредуваат мултикултурното живеење во македонското општество, активности и работилници кои придонесуваат за меѓусебно запознавање на учениците, другарување, како и стекнување на нови познанства, што е и крајната цел на самиот проект, помеѓу ученици кои следат настава на македонски наставен јазик и ученици кои следат настава на турски наставен јазик.

Во текот на учебната 2022/2023 година, се реализараа заеднички часови помеѓу наставници и ученици од македонски и турски паралелки со цел да се постигне успешна меѓуетничка интеграција. Во оваа учебна година беа вклучени следниве наставници реализатори: Невенче Стефанова Јордановски и Ајлин Карахасан по предметот Англиски јазик, Ширин Шабан и Алмир Мељовиќ по предметот Англиски јазик, Анета Димовски и Семра Шерифовска Ќамил по предметот Информатичка технологија, Павлина Качујаноска и Мелек Имер по предметот Француски јазик, Гоце Симоновски и Лела Хазир по предметот Ликовна уметност, и Јанко Јанковски и Семиха Љама по предметот Хемија. Секој од наведените парови наставници реализираа заеднички часови преку текот на целата учебна година според однапред предвидената годишна програма.

„Јазикот на мојот другар“ е проект кој се реализираше на иницијатива на Град Скопје, а со поддршка од ОБСЕ и проектот на УСАИД „Меѓуетничка интеграција во образованието“, реализиран од Македонскиот центар за граѓанско образование. Проектот започна во учебната 2019/2020 година и продолжи да се реализира во следните години. Оваа учебна година, во периодот од октомври до декември 2022 год. 65 ученици и 6 наставници го изучува турскиот јазик, и 29 ученици го изучуваа албанскиот јазик. Сите се стекнаа со сертификати за познавање на јазикот на почетно ниво. Во периодот од март до мај 2023, 2 ученици продолжија со изучување на албанскиот јазик, а пак турски јазик изучуваа 48 ученици.

И оваа учебна година во нашето училиште се реализираше проектот на Град Скопје, МЦГО и УСАИД, „Меѓуетничка итеграција на младите во образованието“, одржување заеднички часови на ученици кои учат на различни наставни јазици (на македонски и турски наставен јазик) во рамките на

редовната настава. Позитивните искуства од претходната учебна година придонесоа за поголем интерес кај учениците и наставниците.

Оваа учебна година наставата се одвиваше со физичко присуство. Наставниците креативно ги искористија своите вештини, што придонесе за успешно реализирање на часовите. За пофалба е отвореноста што наставниците ја покажаа во усвојувањето и примената на новите алатки и пристапи. Наставниците комбинирајќи наставни единици кои програмски се предвидени и според интересот на учениците актуелни теми, им овозможија на учениците да се запознаваат со обичаите, традициите, начинот на живот на другите, различните од нив во поглед на етничката, верската и културната припадност.

За постигнување на подобри резултати од учењето сметаме дека би придонеле обуки за наставниците чиј фокус е зајакнување на меките вештини: креативност, критичко размислување, комуникација и соработка со што тие ефикасно би дизајнирале активности со цел да ги пренесат овие вештини на своите ученици. Сугерираме вклучувањето на советниците да е на самиот почеток од учебната година и да е во сите сегменти од наставниот процес, од планирањето до оценувањето.

Соработката со наставниците беше на високо ниво, како и соработката помеѓу наставниците и координаторот, која беше беспрекорна. Можеме да заклучиме дека реализираните активности им овозможија на учениците да го преиспитаат својот став кон сопствената и туѓата култура и традиција и истовремено да остварат една лична трансформација во духот на интеркултурното учење. Овие активности овозможуваат јакнење не само на интеркултурниот дијалог меѓу учениците, туку и меѓу нивните наставници кои се упатени на соработка при планирањето и реализацијата на активностите. Со ова се овозможува создавање позитивна клима во институцијата и придонесува за унапредување на односите меѓу сите нејзини учесници.

**МИО координатор: Делфина Серафимова**

## АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКО ПРОЕКТОТ ЕКО УЧИЛИШТЕ

СУГС Јосип Броз Тито – Скопје се вклучи во проектот - Како да се стане ЕКО училиште со посета на семинарот. Сите беа запознаени со целта на проектот, потребата на еко едукацијата, како и 7-те чекори за интеграција и реализација на истите за да станеме ЕКО- училиште. Во еко-одборот се вклучени стручната служба, хигиеничарките, совет на родители и ученици, како и локалната заедница и приватни фирми. Има потпишано пристапници и меморандум за соработка.




Сите беа организирани и распределени во еко тимови кои беа воодушевени од идејата, целта и понатамошните активности во училиштето како членови на еко одборот. Беше изнесена фактичката состојба во училиштето и преоритетите на кои треба под итно да се работи. Беа одржани состаноци за секој еко тим посебно- Уредување на дворот и биста; Уредување на ходниците и училниците; Штедење на електричната енергија и вода; ЕКО- комисија; ЕКО- патрола; ЕКО- весник; ЕКО- радио.

По одржаните еко- состаноци за Анализа на состојбата на средината следуваа низа планирани акции за чистење на дворот, уредување со садници и цвеќиња како и средување на ходниците и училниците, паноата, бистата како и афирмација на училиштето со интернет и медиум.

Сите активности планирани со програмата од секој еко тим пооделно беа спроведени и реализирани. Со ова се поставија други цели: Грижа и одржување на новиот ентериер, подот, штедење на енергија и вода, чисти училници, ходници и двор.

Беа организирани две поголеми хуманитарни акции од страна на учениците, еднатабеше наменета за детската клиника во Скопје а другата во СОС Детско село во текот на месец февруари и мај по повод Велигденските празници. Со тоа докажааа нашите ученици дека покрај тоа што се грижат за чиста и здрава околина се грижат и за децата без родители.

**Планирани активности:**

- Еко кодекс - допис
- Еко тимови - активности
- Заштеда на вода и енергија- анкети
- Афирмација на училиштето
- Фото еко - обуки на ученици

**Заклучок**:

- Тековна состојба – реални цели!
- Преоритети за преземање активности!
- Информации за секоја област!

Поделени се одредени задолженија по активи и предметни професори: еко-комисија, еко-тимови, еко- кодекс, еко- песна, еко- огласна табла, еко- таблички за парцели, еко- спортски активности, еко-денови, портфолио и критики. Сите задолженија беа со одговорен еко- член во еко-одборот, наставник

со еко- ученици кои успешно ја реализираа поставената цел. Од сите активности, акции, конкурси, планирани и реализирани часови со еко-стандарди и точки на акции како и акциони планови има пишан документ, видео запис, дневен печат и фотографии.

Во холот на училиштето е поставената апликација еко планета за Еко-Кодекс сите предметни професори имаа задача преку активности со учениците низ наставните содржини да состават нов еко кодекс на кој ќе се придржуваат и ќе го почитуваат. Сите еко кодекси беа во фото запис.

По повод денот на Пролетта и Екологијата беше организирано на ниво на Град Скопје. По тој повод имавме организирана недела на активности од 13-25 03 . 2023 година. каде што имаше активности за учениците од 1 до 4 година со посебна изработена програма од еко координаторот.



По повод светскиот Ден на Акција и планетата Земја - 22.04.2023 година нашето училиште зема активно учество во одбележување на овој ден. Беа спроведени многу активности цела недела од сите ученици од 1 до 4 година со посебен интерес. Помалите се организираа со чистење на кабинетите и училниците со отстранување на непотребна хартија, поголемите организираа ликовна изложба . Покрај тоа беше организирано предавање од страна на ЈП Комунална хигиена на тема Отпад за собирање и рециклирање на хартија и пластика.

Сите активности беа документирани со училишниот весник и се регистриравме како еко училиште на интернационалната еко страна- Eco school со што ќе добиеме еко интернационалано признание за активно учество.

На 12 мај 2023г. , учениците од нашата гимназија се вклучија во акцијата „Генералка викенд“ 🧹со цел подигнување на свеста за правилна селекција и управување со отпад, да го направиме нашето училиште подобро место за едукација со чиста и здрава околина.





На 15 ноември 2022г., ученици од прва и втора година од нашата Гимназија учествуваа во еколошка акција „За почисто Скопје“ организирана од Волонтерски Центар Скопје - Volunteers Centre Skopje.

Ученици од нашата Гимназија денес во Cineplex учествуваа на екофилмската проекција во организација на Go Green. ☘

📌Под мотото Youth for climate беа прикажани филмовите THE CLIMATE PLANET FILM и LAST GENERATION.

❦По проекцијата се разви дискусија со гости од Центарот за климатски промени и Агенцијата за филм од Скопје.






На 17.10.2022г. имавме изложба на еколошки производи за хигиена направени во домашни услови.

И оваа учебна година еко- програмата е во годишната програма на училиштето со реализирање на еко-стандардите по точки на акции по активи и интегрирани содржини во предметна настава по наставни предмети преку учебната година 2022/2023 и истата е одобрена.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДНОЛЕНД

Во организација на ЈУ Универзална сала, а иницирано од професори и ученици од средните училишта, во периодот од 2 мај до 6 мај 2023 г. првпат се одржа средношколскиот настан – СРЕДНОЛЕНД, серија на настани на кои скопските ученици, но и сите кои имаа шанса да присуствуваат и да се претставаат со своите таленти. Целта на настанот беше да ги поттикне средношколците да ги претставаат своите таленти преку драмска уметност, фотографија, филм, музика, танц, ликовна уметност.

Училиштата се сплотија и создадоа прекрасна атмосфера за граѓаните на Скопје. Отворањето се случи во понеделникот на 2 мај во 12 часот на пладне на плоштадот преку танц и песна. Настапуваше хор, по којшто следуваше настапот

на флеш моб група, како и бендот од СУГС „Јосип Броз-Тито под менторство на професорот Јорданче Панов.

На 3 мај во КИЦ, Салон 19 19 беше изведена театарската претстава – „Слична спротивност” од драмската група од училиштето составена од ученици од прва и втора година. Тие оставија силен впечаток со талентот, креативноста, оригиналноста и умешноста да се снајдат на сцената. Станува збор за драма, во режија на ученикот Михаел Пепоски, под менторство на проф. Емилија Величкова. Музиката и светлото се на Горазд Војнески 1-9; Постерот е дело на Бисера Војнеска 1-9, а текстот е напишан од сите учесници во претставата.

На истиот ден претходеше ликовна изложба на слики, цртежи и фотографии на ученици од нашата гимназија, а под менторство на професорката Ангелина Дамјановска Наумоска. Воедно беше создаден и документарен филм за градот Скопје под менторство на професорката, а изработен од тројца ученици од трета и четврта година.

Финалето на СРЕДНОЛЕНД се случи викендот на Школка во Градскиот парк каде учествуваа хорот, бендовите на петте училишта кои се претставија со различни жанрови на музика: рап, поп и рок. Учениците исто така се претставија и со стендап – пред секој настап беа прикажани скечеви во кои глумеа учениците, сцените беа специфични за училиштето кое настапува. Додека минувачите и присутните на настанот уживаа во музиката, имаа шанса и да ги видат цртежите на учениците како дел од ликовната изложба, но и затворањето на овој прекрасен настан.

Со тоа дополнително се поттикна интересот на учениците кон културата и уметноста, а успеаа и да го приближат светот на средношколците до јавноста. Учениците успешно ги промовираа и своите училишта, но и ги покажаа своите таленти, со што се промовираа себе си. СРЕДНОЛЕНД успеа да ја зголеми соработката меѓу училиштата, а настаните беа освежување во градот.











## RYCO ПРОЕКТ

Во рамки на програмата за размена на суперучилишта од страна на RYCO, институција одговорна за земјите од Западен Балкан, предлог-проектот кој беше поднесен од СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ во соработка со Француското меѓународно училиште од Тирана, беше одобрен и се премина на негова импементација. Одговорни професори за проектот се професорките Емилија Величкова и Даниела Арсова.

- Наслов (на предлогот за училишна размена)

**Традиционалните вредности не препознаваат граници**

- Локации на првата училишна размена и втората училишна размена

(Тирана од 21 до 27 мај 2023г. ; Скопје од 17 до 23 септември 2023г. )

- Целта на нашиот проект е да ги обединиме учениците од различни културии тие да формираат меѓународно пријателски односи меѓу себе, да научат за историјата на местата што ги посетуваат и да формираат добра слика за нејзината култура и традиции на земјата. Проектот ќе се фокусира на развивање стратегии за културна размена меѓу балканските земји со финале на организирање документарен фестивал. Учениците ќе ги презентираат културните ситуации на нивните земји, ќе дебатираат за избор на тема за нивниот фестивал и на крајот ќе го креираат плакатот.
- При првата размена ученици од Македонија ќе го посетат Француското училиште и ќе се запознаат со културната состојба во Албанија, а подоцна ќе го посетат киното „Маруби“. При втората размена планираме да ги прикажеме културните корени и градбите што го претставуваат македонскиот народ како што се историските знаменитости и градби (манастири, музеи, градски плоштади, посета на други градови освен главниот град итн. ) и да не заборавиме на неверојатната традиционална храна што ја имаме ќе ги научи како да се подготват. Исто така, сакаме да ги научиме учениците за фолклорните елементи на партнерските земји за да можат да ги истражат и споредат разликите во фолклорот.
- Успешното актуелизирање на работилниците ќе им овозможат на сите млади учесници да ја истражат својата индивидуална личност, личноста на нивните врсници. Покрај тоа, тие ќе ги анализираат историските и културните предиспозиции на нивните земји. За учениците најважно ќе

биде да го прифатат другиот, да бидат отворени да научат за нова култура и да ги видат предностите што таа може да ги донесе на социјално и нагласено ниво.

- Учениците ќе бидат предводници на овој проект од дебатата за него, изборот на темите за документарни филмови и како тие ќе се имплементираат на културен фестивал и како да се изработи промотивен постер за него.
- И двете училишта ќе се потпираат на изборот, веќе присутен преку документацијата на стручната служба на училиштето (социјални работници, педагози и психолози), насочени кон маргинализираните групи, односно ученици кои потекнуваат од семејства погодени од социо-економски проблеми, имено ученици кои имаат искривена слика за себе и општеството, згора на тоа се социјално несигурни и имаат недоволно развиени вештини неопходни за воспоставување контакт и одржување на односи со другите. Ќе бидат вклучени 12 ученици и ќе се внимава на родовата еднаквост.
- Партнерството меѓу нашите училишта е постигнато преку проектот RYCO „Супер училишта“, покрај тоа, двете училишта се обидуваат да воспостават што е досега направено за вклучување на младите во активно надминување на проблемите и постигнување меѓукултурна соработка. Тие сигурно ќе имаат можност да се соочат со предизвикот да се разберат заедно со нивните разлики, а исто така и во однос на јазикот, културата, обичаите и навиките. Бидејќи досега не сме имале некоја именувана соработка, ве молиме обидете се да ја оправдате довербата на RYCO и нивните ментори. Врз основа на рамката во која учат учениците, тие можат да се зближат еден до друг и да ги добијат одговорите што ги бараат. Понатаму, срушете ги предрасудите во нашите земји дека мора да се заврши факултет за да биде некој и нешто.
- Целта на овие училишни размени е создавање мали основи/јадра во двете училишта кои би биле столб на решавање на сите проблеми со кои се соочуваат младите во нивниот развоен период, нагласувајќи ја наметливата комуникација како начин за надминување на разликите и устоличување на културата (драма, филмографија. . . ) како моќна алатка за рушење на секаков вид на предрасуди и граници. Нашата училишна размена, со оглед на содржината, ќе резултира со вклучување на други маргинализирани групи во работилниците, што ќе им даде поинаква перспектива на нивниот проблем (и) и ќе им отвори можности за нивно надминување. Перформансите кои произлегуваат од работилниците ќе бидат модифицирани и подобрени во зависност од целната група. Резултатите од оваа размена може да се искористат при креирање на наставни и/или воннаставни активности (часови во заедницата, работа на ученички совет, активности на стручните соработници во училиштата). Активностите што се користат во оваа размена може да се

имплементираат во училиштата, па дури и во локални младински организации, а дополнително да станат квалитетна основа за нови размени.









# ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИПЛОМА ПРОГРАМАТА НА МЕЃУНАРОДНА МАТУРА

**Бројна состојба:**

Во програмата за Меѓународна матура во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“, во Скопје во учебната 2022/2023 г. се изведуваше во две паралелки една во трета година III 13 со 20 ученици и една во четврта година -IV -14 со 20 ученици. Наставата се изведуваше според наставните и испитни програми на меѓународна матура како и задолжителните КАС активности кои се изведуваа во партнерски институции и за кои распоредот беше индивидуален за поедини ученици или група во зависност од активноста и институцијата каде се реализира.

**Класно раководство и менторство;**

Координатор на програмата со меѓународна матура е
Д-р Гордиана Ѓоргова, проф. по англиски јазик и литература.

**Класни раководители на паралелките со меѓународна матура се:**

III 13 Д-р Гордиана Ѓоргова
IV 14 М-р Ангелина Дамјаноска-Наумоска

**Предметни професори:**

| | |
|---|---|
| Македонски А1 | Д-р Ана Младеновска-Георгиева |
| Англиски Б | Д-р Гордиана Ѓоргова |
| Математика | М-р Зоран Георгиев |
| Хемија | Ксенија Хаџи-Тосева- Аврамчева |
| Географија | Дејан Спасовски |
| Визуелни уметности | М-р Ангелина Дамјаноска -Наумоска |
| Теорија на Спознанието | Весна Талеска -Узунова |
| **КАС Координатор** | М-р Ангелина Дамјаноска -Наумоска |

## Статистички извештај за постигнатиот успех по предмети

| Наставен предмет | професор | Просечен успех III13 | Просечен успех IV14 | ВКУПН0 |
|---|---|---|---|---|
| Македонски А | Д-р Ана Младеновска-Георгиева | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Англиски Б | Д-р Гордиана Ѓоргова | 5,00 | 5.00 | 5.00 |
| Математика | Зоран Георгиев | 5,00 | 4,68 | 5.00 |
| Хемија | Ксенија Хаџи-Тосева-Аврамчева | 5,00 | 5.00 | 5.00 |
| Географија | Дејан Спасовски | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Визуелни уметности | М-р Ангелина Дамјаноска-Наумоска | 5,00 | 4,89 | 5,00 |
| Теорија на Спознанието | Весна Талеска - Узунова | Одличенуспех 20<br>Мн. доб. успех<br>Добар успех<br>Доволен успех | Одличен успех<br>Мн. добар успех<br>Добар успех<br>Доволен успех | 19 |

Изостаноци

| | оправдани | просек по ученик | неоправдани | просек по ученик | вкупно | просек по ученик |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3-13 | 378 | 18, 9 | 0 | 0 | 378 | 18, 9 |
| 4-14 | 563 | 29, 63 | 27 | 1, 42 | 563 | 27 |

Поведение

| | примерно | добро | незадоволително |
|---|---|---|---|
| 3-13 | 20 | 0 | 0 |
| 4-14 | 19 | 0 | 0 |

Педагошки мерки нема

## Реализација на наставниот и воспитниот процес:

Во реализацијата на програмата наставниците се придржуваа до упатствата и календарот за работа и активности кои ги објавува Организацијата на ММ секоја година во прирачник за реализација на наставата каде се содржани сите упатства, процедури, рокови и формулари поврзани со реализацијата на програмата. Во неколку наврати беа одржани видео средби со регионалната менаџерка за училиштето г-ѓа Катрин Фокс на кои се дускитираа тековните предизвици околу наставата како и Programme Development Project за програмата на Меѓународна матура. Исто така координаторот посетуваше 3 онлајн семинари за обука за спроведување на процесот на Евалуација на програмата.

Во реализација на наставата од страна на професорите се користеше онлајн ресусрсниот центар PRC (Programme Resource Center). Во реализација на своите обрски координаторот на меѓународна матура ја користеше заштитената мрежа ИБИС- преку која се администрира целата програма.

Во текот на учебната година континуирано се следеше работата на учениците како според стандардите и барањата на програмата на меѓународната матура така и според законските прописи за следење на постигањата на учениците, редовноста и поведението кои важат за учениците кои следат настава по националната програма за гимназиско образование во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“.

Во текот на наставната година наставата се одвиваше редовно со физичко присуство на учениците. Во тек на првото полугодие како и еден дел од второто полугодие имаше анонимни дојави за поставени експлозивни средства за кои се испостави дека се хибридни напади. Се правеше евакуација на учениците според процедурите на одговорните служби. Сите часови се надокнадени по нормализацијата на наставата. Во редовната настава се користеа веќе воспоставените ИКТ средства како и се воведе платформата PADLET на која на учениците им се поставуваа електронски материјали за настава, презентации и слики од активности. Од страна на наставниците исто така редовно се реализираа часовите и дополнителните и додатни активности.

Учениците беа пријавени за испити на Меѓународната матура во сесијата мај 2023 год и пристигнат беше и дел од испитниот материјал. Од страна на МОН се префрлија средствата за фактурите за годишна членарина и за испитни такси со што училиштето навремено се раздолжи кон ОММ во врска со фактурите за диплома програмата на меѓународна матура. Од страна на ОММ училиштето е пофалено за редовно подмирување на фактурите кон ОММ. За оваа испитна сесија од страна на ОММ беа испратени посебни упатства во врска со распоредот на испити и часот на почетокот на утринските и пополадневните испити. Координаторот Ѓоргова и класниот раководител Дамјаноска Наумоска посетија онлајн состанок со сесија за прашања за информирање околу начинот на спроведување на испитите во ист ден по предметот математика и хемија како и околку стандардите за оценување.

Доставени беа упатства како да се постапи со испраќање на испитните материјали и отворена платформата e-coursework каде сите материјали за оценување беа поставени за екстерно оценување како и во претходните сесии. Во текот на март и април 2023 на платформата за оценување беа поставени материјалите по сите предмети, матурските есеи и семинарските кои требаше екстерно да се оценат од страна на ОММ како и елементите од внатрешно оценување кои оваа година беа оценувани од страна на училиштето со постапка на модерација на избрани кандидати. Исто така оваа година беше запазен начинот на предвидување на оценките со зајакнат систем на предвидување на крајните оценки со помош на историскиот пристап одреден од страна на ОММ.

Испитната сесија мај 2023 помина без проблеми. Една ученичка поради болест не присуствуваше на последниот испит по хемија за што од страна на училиштето беше известена комисијата на ОММ за итни случаи и беше испратено упатство да се достави медицинска документација. Од страна на класниот раководител и координаторот беше родителот информиран и ученичката и документацијата и формуларот Д2 беше испратен во бараниот рок со соодветен судски заверен превод на медицинаската документација. За уште една ученичка е испратен формулар Д2 со медицинска документација поради болест за време на периодот кога се испраќаа елементите на внатрешно и надворешно оценување

Резултатите од испитната сесија мај 2023 беа објавени на 5 јули 2023г. 15 ученици се стекнаа со билингвална диплома на меѓународна матура.

Во однос на пријавувањето и реализацијата на испитите од државната матура сите ученици беа пријавени за полагање на државна матура. Сите ученици ја полагаа и ја положија со успех државната матура во сесијата јуни 2023г.

## Завршни испити јуни 2023

На крајот на наставната година за учениците од трета година со програма на Меѓународна матура беа изведени завршни испити по пример на екстерните испити на меѓународна матура, но со соодветен обем на материјалот. Испитите беа успешно реализирани, а на учениците им беше укажано на правилата за

академска чесност и интегритет дека секое прекршување на овие правила носи соодветни последици.

## Конкурс за нови ученици во учебната 2023/24 година.

Во рамки на конкурсот за упис на ученици во јавните средни училишта поместен беше и конкурсот за упис на ученици во паралеката со меѓународна матура за учебната 2023/24 година. Интерниот конкурс беше објавен на огласна табла на влезот во училиштето како и јавно објавен на веб страната и социјалните медиуми на училиштето. На веб страната беа објавени потребните документи за пријавување како и датумите за поднесување документи. Во опредвидениот рок беа пријавени 25 ученици. Приемните испити протекоа според предвидениот распоред во текот на 13 и 14 јуни, а списокот на примени кандидати со ранг листата и освоените поени по секој предмет беа јавно објавени на 29.06.2023год. Може да се заклучи дека и оваа година беше формирана паралелка со програмата на меѓународна матура со ученици со солиден успех.

**Задолжителни ученички активности;**

## Годишен извештај за **КАС**

Во учебната 2022/2023 учениците од двете паралелки на Меѓународна матура ги реализираа своите КАС активности во предвидениот обем. Учениците од четврта година го имаат надминато предвидениот обем(минимум 50 часови од секоја активност – креативност, физичка активност и добротворна работа) а учениците од трета година активно реализираа поголем број на истите.

Во рамките на нивната КАС програма, учениците учествуваа во голем број активности:

- Од октомври до декември 2022 учествуваа во Работилниците и дебатите во организација на Национална галерија:





- Во октомври учениците учествуваа во работилници и дебата за улогата на уметноста и дизајнот во напредување на родовата еднаквост, заедно со Катедрата за индустриски дизајн на Машинскиот факултет во Скопје и Фонтис Универзитетот од Холандија





- Во ноември учениците учествуваа во работилниците од проектот Социјална инклузија „Креативен код“ заедно со децата со оштетен слух и говор ДУЦОР „Партенија Зографски“ и студентите од Машинскиот факултет во Скопје




- Во декември 2022 г. беше потпишан договор за соработка со ЈУДГОЦ „13 Ноември“. Од декември 2022 до јуни 2023 г. нашите ученици реализираа долгорочен проект во објектите на градинките, во кој работеа со децата во повеќе активности – за музика (музички инструменти и танц), за спортски активности (фудбал и спортски игри), а дел од учениците се вклучија и во волонтерски активности во градинките (новогодишни декорирања, помош при работата со децата со посебни потреби и сл. ). На 16. 06. 2023 г. беше завршната приредба „Заедно играме - растеме - учиме“ на која беше претставен дел од активностите на проектот.







- Дел од учениците зедоа активно учество во тимовите на проектите на Еразмус+ од училиштето: во активностите на мобилноста во Грција (Крит), во училишните активности за деновите на Еразмус, во активностите на мобилноста во Партинико (Сицилија), во мобилноста во нашето училиште, за изработка на лого на Еразмус+ проект и сл.










- Учениците учествуваа во повеќе работилници: работилница за изработка на туристички мапи - во организација на Град Скопје, креативни работилници „Творилница“ во соработка со „Просветно Дело“ – Скопје, работилница за грчко вазно сликарство и др.
- За средношколскиот фестивал Средноленд, учениците направија документарен филм на тема Скопје (во очите на средношколците), кој беше прикажан во МКЦ на 5. 3. 2023 г.






- Како волонтери учениците се вклучија во акциите на Црвен крст, на Волонтерски центар и во поголем број манифестации и фестивали (Фестивал Џифони, Скопски маратон, Конект, Синедејс и др. ).






КАС координатор:
Ангелина Дамјаноска – Наумоска

# ИНОВАТИВЕН ПРИСТАП ВО НАСТАВАТА И СОРАБОТКА СО АМЕРИКАНСКИ СОВЕТИ И YES ABROAD ПРОГРАМАТА ЗА РАЗМЕНА НА УЧЕНИЦИ ОД САД

Во програмата на меѓународна матура учениците се поттикнуваат да го развијат профилот на ученик на меѓународна матура преку развивање на критичкото мислење и иновативен пристап во наставата. Поради тоа редовно се организираат часови со панел дискусии, симулации игра со улоги и дебати. Во рамки на часовите по повеќето предмети се организираат презентации кои ги водат учениците.

Со почеток на учебната 2015/2106 год училиштето соработува со Американски Совети Македонија за размена на ученици од САД при што две ученички секоја учебна година престојуваат во нашата земја и учат во нашето училиште во рамки на програмата за Меѓународна матура. Оваа учебна година престојуваше една ученичка Рејчел Смит од Мериленд.

Во текот на оваа учебна година се одвиваа две активности со учениците од трета година и тоа: Презентација на културата на САД од ученичката Рејчел Смит во програмата за меѓународна размена на ученици на YES Abroad програмата на Американските совети.

## Учество на учениците на натпревари и освоени награди

СУГС „Јосип Броз - Тито" се гордее со успесите на учениците кои вложуваат максимални напори да се квалификуваат и да освојуваат медали и признанија на на меѓународни натпревари и светски олимпијади. Оваа година ученикот Димитриј Анѓеловски учествуваше на државниот натпревар по физика и квалификациите за олимпијада.

## Додатна и дополнителна настава:

По сите предмети како и поради специфичноста на барањата на програмата на Меѓународна матура се реализираше дополнителна и додатна настава. Покрај тоа реализирани се и менторски часови за упатување на учениците за изработка на матурските теми Extended Essays како и часови за професионално ориентирање и избор на факултет. Со 6 ученици од четврта година во текот на месеците опктомври ноември и декември во соработка со координаторот на Меѓународна матура се пополнуваа електронски апликации за студирање на факултети во странство Common Application.

## Соработка со други институции, посета на изложби, екскурзии, и соработка со други училишта на ММ надвор од земјата

Во рамките на предметот визуелни уметности учениците организирано посетија изложби во изложбените простори во градот,

На 22.10 учениците од трета година заедно со координаторот Гордиана Ѓоргова го посетија онлајн саемот за образование Стипендии Експо 2022 во организација на Образовниот информативен центар во Хотел Холидеј Ин.

Учениците соработуваа и со Американското катче American Corner во чија библиотека бесплатно членуваат и често пати организирано посетуваа онлајн презентации и работилници од разновиден карактер.

Во рамки на програмата "Only Sky Is the Limit" која има за цел учениците да ги насочи кон студиски програми на најреномираните универзитети од целиот свет, учениците проследија онлајн презентација за New York University Abu Dhabi која ја водеше Justin Van Dyke од Institute for International Education.




Учениците се запознаа со академските програми и можностите за стипендирање. NYU е партнер на СУГС Гимназија "Јосип Броз Тито "Скопје уште од 2011 год. Во изминатиот период 4 ученици се имаат стекнато со стипендија за студирање на престижниот универзитет. Програмата за запознавање со меѓународни студиски програми и стипендирање е под менторство на професорката Гордиана Ѓоргова- Координатор на програмата за Меѓународна матура.

## Соработка со родителите

Во однос на соработка со родителите одржани се 5 заеднички родителски средби и поединечни консултации на родителите со предметните професори, менторите, класните раководители и координаторот. Со родителите на учениците од четврта година реализирани се и поединечни средби со ученици и родители. Од страна на класниот раководител и координаторот на родителите им е дадена информација со сите рокови за внатрешно и надворешно оценување на учениците како би можеле да имаат увид во навременото извршувањето на обврските.

## Набавки на матерјали и опрема

Набавени се и редовните канцелариски материјали.

## Учество на конференции, проекти и посета на семинари за стручно усовршување

Училиштето има обврска редовно да ги следи обуките за професионално усовршување акредитирани од страна на ОММ. Во текот на оваа година не се реализирани обуки за професионално усовршување акредитирани од ОММ.

Професорката Гордиана Ѓоргова учествуваше на Еразмус + проект КА 229 Нашиот живот во наши раце, Учество во мобилност на Крит во октомври 2022г. како и организатор и учесник на мобилноста во училиштето во април 2023г.

Професорката Ангелина Дамјаноска Наумоска учествуваше на Еразмус + проект КА 229 Нашиот живот во наши раце, преку учество во мобилност во Сицилија во март 2023, како и учесник на мобилноста во април 2023.

Во прилог се поединечните извештаи по предмети од предметните професори.

## Извештај за работата по предметот Македонски јазик А

Наставата по предметот Македонски А Литература во рамките на Меѓународна матура се изведува во две наставни години III и IV година на високо ниво, со пет часа неделно. Планираната програма по предметот Македонски А ги содржеше следниве задачи:

**Реализација на програмата за III година:**

Во тек на полугодието учениците од оваа паралелка етапно се воведуваа во програмата од предметот Македонски А. Учениците се запознаваа со следниве елементи од предвидената програма:

- поставување на основни вештини на работа
- основни форми на писмено и усно изразување
- структура и пишување есеј
- структура и пишување писмен коментар
- структура на усна презентација
- критериуми и дескриптори за оценување
- запознавање со поими од теорија на литература
- обработка на светска литература („Парфем”, „Странецот“, „Читачот”)
- обработка на македонска литература („Пиреј”, „Бели мугри”, „Диво месо”)

Учениците освен со овие поими, етапно, преку обработка на делата, се запознаваа и со други вештини потребни за успешно полагање на завршните испити. Во текот на оваа година неколку ученици се консултираа и избраа теми за пишување на екстендед есејот.

**Реализација на програмата за IV година:**

Во текот на годината учениците продолжија со предвидените содржини од програмата за работа.

Сите ученици ја предадоа завршната форма на есеите (high level essay, extended essay). Учениците успешно го завршија и усниот испит.
Во текот на годината се интерпретираа и неколку дела од македонски и странски автори.

**Употреба на методи во реализација на програмата:**

Програмата се реализираше според современите методи и принципи за настава по македонски јазик и литература за постигнување на: мотивација, актуализација, провокативно раздвижување, контекстуализација, инспиративни податоци, партнерство, алтернативност во пристапите, еден наспроти останатите.

**Оценување**

Оценувањето на учениците во трета и четврта година се реализираше на неколку начини: портфолио, презентации на час, тестови, пробни испити, коментари и есеи, квизови

**Согледување**

Наставата по предметот Македонски А Литература се реализираше според стандардите што ги бара организацијата на Меѓународна матура.

проф. Ана Младеновска-Георгиева

## Извештај за предметот Англиски јазик Б

Наставата по предметот Англиски јазик Б на високо ниво се изведува како единствен и континуиран курс во трета и четврта година со неделен фонд од 5 часа во паралелките 3-13 и 4-14 кои следат настава по програмата за меѓународна матура.

Во планирањето на наставата како појдовна основа се зема програмата за англиски јазик Б изготвена од ОММ во која детално се наведени целите и задачите на програмата и структурата и критериумите за оценување. За наставата во меѓународна матура се користи учебник кој е објавен специјално за програмата на меѓународна матура за Англиски јазик Б. English B for the IB Diploma Course Companion од Cambridge University Press Brad Philpot. Исто така е набавен и учебникот English B Course Companion by Kawrher Saa’d Aldin Kevin Morley Oxford University Press кој има и елктронска верзија. Покрај учебникот, наставата по предметот Англиски јазик Б бара од наставникот употреба на автентични матерјали па затоа е голема одговорноиста на професорот при изготвувањето на истите и во планирањето на наставата.

3-13 Во трета година наставата се реализираше според планирањата. Во текот на годината се стави акцент на усовршување на вештините за говорење и разбирање на текст како и учество во панел дискусии, групни презентации. Се работеа темите според програмата: Identities, Citizens of the world Тема: Belief and Identity, Beauty and Health . Во текот на наставата се развиваа вештини за говорење, за слушање со гледање видеа и филмови како и ТЕД презентации. Потоа се работеа вежби за разбирање на текст со читање и вештини за пишување на куси насочени состави како и за разивање на способноста за презентирање на индивидуален говор и пишување на извештај. Учениците беа оценувани континуирано според методите за формативно и сумативно оценување. Според програмата на М матура постојат прецизно дефинирани критериуми за оценување на говорните вештини како и критериуми за пишување на есеј. Исто така се работеа и тестови за проверка на за разбирање на текст. Усните вештини беа проверувани преку изведување на индивидуални презентации и групни интерактивни активности: симулации, играње по улоги, панел дискусии и дебати.

4-14 Со учениците од четврта година се работеше на новелата Animal Farm од George Orwell. Покрај новелата се работи и краток расказ The Interlopers од Hugh Hector Munroe. На тој начин учениците се подготвуваа за изработка на интерното оценување преку реализација на устен испит во формат на презентација врз основа на извадок од литературното дело и дискусија на теми поврзани со наставната програма. Учениците исто така беа оценувани за вештината пишување по завршувањето на анализата на литературните дела. Учениците беа тестирани на делот разбирање на текст според моделот на завршните испити. Во текот на април беше изведен и пробниот испит со кој учениците имаа мноѓност да се подготват за завршните матурски испити по англиски јазик.

**Матурски проектна задача по англиски јазик**

Оваа учебна година 4 ученици пишуваа матурски теми по англиски јазик Б и тоа: Магдалена Гоџо, Ана Станчевска, Ана Василева и Дарија Димитровска. Во текот на процесот на изработка беа реализирани повеќе часови во рамки на додатната настава за упатство на учениците околу фокусирање на темите и истражувачкото прашање, анализа и изготвување на библиографија и подредување на текст. Со учениците се одржа и усна одбрана Viva Voce пред да се испратат електронски на оценување.

**Методи и форми на работа**

Во реализација на наставата по предметот Англиски јазик Б на високо ниво беа користени следните методи и форми на работа: Презентирање на текст со усвојување на нови зборови, вежби, индивидуално читање заради извлекување на главна идеја од текст, проаноѓање на специфични информации и одговори на прашања. Работа во парови за пронаоѓање и споделување на информации. Работа во групи со цел за извлекување на главни мисли од текст, изградување на заеднички став, и пишување на анализа; групни дискуси, дебата, играње по улоги; гледање на филм и кратки видеа, слушање на снимен матерјал; користење на инфроматичка технологија за пребарување на ресусрси и за изготвување на презентации- групни и индивидуални; пишување на кратки текстови, извештај, есеј на зададена тема.






**Дополнителна настава**

Во паралеките со програма на меѓународна матура нема ученици со слаби оценки, но сепак во рамки на дополнителната настава која се планира предвидена е работа со учениците кои имаат потешкотии со форматите на пишување на писма, есеи, брошури, извештаи и сл.

**Додатна настава**

Во рамки на додатната настава со учениците од четврта година се работеше на повторување на правилата за изработка на есеи и се разгледуваа и критериумите за оценување како и примери од изработени есеи со анализа на слабостите и анализа на коментари на оценувачите. Оваа година 6 ученици од класот 4-14 се пријавуваа на факултети во странство па поголемиот дел од часовите за додатна настава беа искористени за пишување на мотивациски писма и есеи за пријавување на факултет. Повеќето часови во текот на октомври ноември и декември се посветија на помош на учениците за пополнување на апликациите за запишување на учениците на факултети во странство преку веб

страната на Common Application каде секој од учениците има свој профил и беа внесувани сите потребни информации и скенирани документи за секој поединечно.

**Согледувања за реализација на програмата и постигнувањата на учениците**

Програмата е реализирана во целост според планирањата и покрај вонредните ситуации со лажните дојави до училиштето.

Учениците покажуваат солидни познавања на англискиот јазик без потешкотии во употребата на граматичките структури. Учениците го користат јазикот при презентации без да читаат од потсетник и можат да бараат и да употребуваат информации од други автори со примена на академските стандарди за цитирање на туѓи зборови. Исто така и способноста за пишување е развиена кај повеќето ученици на солидно ниво според критериумите за употреба на јазик, порака и концептуално разбирање. Среден успех по предметот и во двете паралеки од трета и четврта година е 5.00.

Предметен професор: Д-р Гордиана Ѓоргова

## Извештај за работата по предметот математика (analysis and approaches hl)

Наставата по предметот Математика во рамките на Меѓународна матура се изведува во две наставни години III и IV година на високо ниво, со пет часа неделно. Планираната програма по предметот Математика ги содржеше следниве задачи:

**Реализација на програмата за III година:**

Во текот на учебната година учениците од оваа паралелка етапно се воведуваа во програмата од предметот *Математика (Analysis and Approaches HL).* Учениците се запознаваа со следниве елементи од предвидената програма: повторување на основни алгебарски вештини, аритметичка и геометриска прогресија, логаритми и експоненти, тригонометрија и тригонометриски функции, полиноми и теореми за полиноми, комплексни броеви во различни форми, основи на веројатност и статистика, аналитичка геометрија и вектори во рамнина и простор, Во текот на учебната година учениците се консултираа и за теми за пишување на Портфолио по Математика, како и за Екстендед есејот.

**Реализација на програмата за IV година:**

Во текот на учебната година учениците продолжија со предвидените содржини од програмата за работа. Во текот на месец јануари беа комплетирани портфолијата како дел од интерното оценување, а во месец февруари беа оценети. Исто така беше завршено и пишувањето на Екстендед есејот. Учениците се запознаваа со следниве елементи од предвидената програма: вовед во калкулус-реални функции, диференцијално сметање и примена, интегрално сметање и примена, статистика и веројатност.

**Употреба на методи во реализација на програмата:**

Програмата се реализираше според современите методи и принципи за настава по математика на високо ниво: партнерство, алтернативност во пристапите, еден наспроти останатите.

Таквиот методски пристап го прават часот многу поинтересен за учениците и истовремено им овозможува побрзо навлегување во суштината на проблемите и усвојување на новите содржини.

**Оценување**

Оценувањето на учениците во трета и четврта година се реализираше преку повеќе активности: презентации на час, тестови, пробни испити, завршни испити.

**Согледување**

Наставата по предметот Математика се реализираше според стандардите што ги бара организацијата на Меѓународна матура.

Зоран Георгиев - Математика Високо ниво

## Извештај за работата по предметот хемија

**Бројна состојба:**

Во учебната година 2022/23 во програмата на Меѓународна матура настава се реализираше во две паралелки една во трета и една во четврта година и тоа: III 13 со 20 ученици и IV 14 со 19 ученици вкупно 39 ученици.

**Реализација на наставниот процес:**

На почеток на учебната 2022/23год. од страна на координаторот беше изработена годишната програма за работа и доставена заедно со годишната програма за работа на училиштето. Во планирањето како појдовна основа се зема Прирачник за процедури за реализација на диплома програмата календарот за организација на наставата и поединечните испитни програми за предметите кои се опфатени со програмата.

Наставата по хемија е целосно реализирана и во двете паралелки (трета и четврта година). Сред, успех во е 5,00 и за двете паралелки.

**Реализација на активностите за внатрешно и надворешно оценување**

Во април се одржаа пробните испити на кои учениците можеа детално да се запознаат со начинот на полагање и форматот на сите испити. Резултатите од пробните испити не беа многу високи имајќи предвид дека учениците немаа време за подготовка на истите.

Некои ученици не соработуваа во доволна мерка со менторите- предметни професори што може да доведе до намалени оценки во процесот на модерација на внатрешното оценување. Сепак што се однесува до крајните рокови за реализација на внатрешно оценување, тие беа запазени. Се прати примерок за модерација на внатрешното оценување за сите селектирани ученици. Примероците за модерација беа автоматски селектирани преку ИБИС да преставуваат репрезентативен примерок од оценките на 5 случајно избрани ученици. Испитна сесија на Меѓународна матура мај 2023. Според оцените од ИБ испитот по хемија ќе имаат соодветни оцени во нивната ИБ Диплома доколку го положат испитот.

Предм. Професор: Ксенија Хаџи Тосева Аврамчева

## Годишен извештај за предметот географија

Во учебната 2022/2023 година предметот Географија во III и IV година беше слушан на стандардно ниво, а наставата беше во целост реализирана со физичко присуство.

На почетокот на првото полугодие (III година) учениците беа запознаени со IB програмата по предметот географија и методите на работа. Се одработуваа темите од т. н. јадро предвидени по програмата за трета година по следниот редослед:

- Демографија – Промена на популацијата
- Глобална клима на Земјата
- Глобална потрошувачка на ресурси и безбедност

Покрај класично предавање, прекузададени задачи и анализа на конкретни случаи поврзани со темите учениците беа насочени кон развивање на вештини и техники за индивидуално истражување, презентации пред класот и заеднички дискусии. За голем дел од наставните единици беа презентирани едукативни видеа. Сите ученици активно се вклучија во наставата и успешно одговараа на зададените задачи. На крајот на месец мај учениците правеа завршен тест за материјалот од трета година при што покажаа одлични резултати. На крајот од наставната година сите ученици добија насоки и идеи за активности за време на распустот.

ВоIV година според програмата за работа беа опфатени две од опционите теми по предметот географија и тоа: Урбани средини (опција Г), Геофизички опасности и ризици (опција Д).

Преку комбинација од теоретски основи и разгледување и анализа на голем број студии поврзани со темите учениците имаа можност детално да се запознаат со проблематиката. Учениците често добиваа индивидуални или групни задачи со цел развивање на сподобноста за географски истражувања и изнесување на заклучоци и критичко мислење.

Сите ученици од класот работеа семинарски за интерна евалуација (IB Internal Assessment) на тема: “Колку депопулацијата во руралните средини придонесува во економскиот развој на земјата?“

Во месец мај сите ученици се јавија во термините за полагање на завршни испити по предметот географија (Paper 1 & Paper 2). Наставата и во двете паралелки беше изведувана во вид на студиска работа, дискусии, демонстрација, анализа, консултации. И во двете паралелки предвидениот број на часови и наставната програма се во целост реализирани.

Средниот успех и во III година и во IV година е 5.00.

Професор по географија: Дејан Спасовски

## Годишен извештај за предметот визуелни уметности

Во учебната 2022/2023 година предметот Визуелни уметности во III и IV година беше слушан на стандардно ниво. Во првото полугодие (III година) преку конкретни задачи учениците беа воведувани во основите на ликовната уметност - подрачјата: цртање, сликање, скулптура, графика; ликовните елементи и

принципи и се запознавaа со насоките и начините на теоретското истражување, како и со дел од истпријата на уметноста. Во второто полугодие со помош на зададените задачи учениците почнаа да се насочуваат кон поголемо индивидуално истражување. Во овој период беше посветено поголемо внимание кон совладување на знаења од областа на историјата на современата уметност. Учениците започнаа со процесот на изработка на портфолијата како и со компаративните студии. Еден дел од нив почнаа да откриваат свои подрачја на интерес во ликовната уметност и да формираат индивидуален ликовен ракопис. Учениците во наредниот период ќе треба да направат поопсежни истражувања и експериментирања во одредени полиња на работа за своите проекти и работни дневници и во текот на летните месеци со цел успешно развивање на своите индивидуални проекти, како и да ги развиваат своите компаративни студии.

Во двете полугодија учениците од IV година работеа на индивидуалните проекти, развивајќи го својот концепт за финалната изложба. Поголемиот дел од учениците покажаа добар интерес, ангажман и напредок. Се работеше во повеќе медиуми (цртеж, сликарство, скулптура, графика, инсталации, видео). Беше реализирана изложба во галериски простор (Дом на култура „Кочо Рацин“). За потребите на завршниот испит фотографии од делата на учениците како и од нивните изложби и кураторски осврти за истите, заедно со компаративните студии и портфолијата беа испратени по електронски пат до Организацијата на Меѓународна Матура во текот на март и април 2023 г. ( изложбата е е дел од внатрешното оценување (40% од оценката), а 60% од оцената е базирана врз основа на надворешното оценување (оценување на компаративна студија и портфолио).






Наставата се одвиваше во ателјето за визуелни уметности. Сите ученици активно се вклучија во наставата и успешно одговараа на зададените задачи се до крајот на наставната година. Наставата и во двете паралелки беше изведувана во вид на студиска работа, дискусии, демонстрација, анализа, консултации. Беа изведени неколку посети на галериите и музеите во градот (што е од голема важност и за компаративните студии и за критичкото истражување во портфолиото) – на постојаната поставка во Национална Галерија, ретроспективната изложба на Илија Аџиевски, изложбата на Шејла Камерич, Теофил Шулајковски, Моника Мотеска и Роберт Јанкулоски и изложбата во резиденцијата на евроамбасадорот.








Во рамки на завршната екскурзија на учениците од четврта година, во Дрезден беше посетен музејот Албертинум, со колекција на повеќе дела од модерната уметност, а пред се на германските експресионисти.





Во мај беше посетен и факултетот за ликовни уметности (Објект Сули Ан) каде учениците имаа можност да се запознаат со некои од сликарските и графичките техники.




Матурска тема по визуелни уметности пишуваа Наде Циева, Марија Бајрамческа Карапанџова и Ивона Блажевска.

И во двете паралелки предвидената програма е во целост изведена. Средниот успех и во III и во IV година е 5,00.

Професор по Визуелни уметности: Ангелина Дамјаноска - Наумоска